СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 април 1997 година

Скопје, април 1997 година

**ШЕЕСЕТ И ЧЕТВРТА (64) седница, II ПРОДОЛЖЕНИЕ, ОДРЖАНА на 16. IV. 1997**

ПОСТАВУВАЊЕ ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

1. АРСОВСКИ БРАНКО 8, 10, 12
2. АБДИ ФАИК 23, 24, 27, 30, 31
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 42
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР (министер за сообраќај и врски) 32
5. БЕЏЕТИ АБДУМЕНАТ (министер за развој) 139, 160
6. ВИДИМЧЕ КИРЕ 4, 136, 147
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 3, 31, 33, 171
8. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН 125
9. ЖУТА БЕЌИР (министер за стопанство) 11, 35, 37, 38, 58, 90, 92, 97, 119, 124,
10. ИБРАИМИ САМИ 65, 68, 71, 75 142,144
11. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР 76
12. КОЦЕВСКИ АЦЕ 20, 110
13. КАРОВ ИЛИЈА 56, 59
14. КАРОВ ЗВОНКО 61
15. КОСТАЌЕВ БОРИС 99
16. КАДРИУ ЗЕЌИР 149, 153
17. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 169
18. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 127
19. МАЛИЧИ НАЗМИ50, 63, 65
20. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 154
21. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 35
22. НЕСТОВСКИ ДИМЧЕ 55
23. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 161, 163, 164
24. НИКОЛОВСКИ РИСТО 165
25. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
26. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА (министер за земјоделство) 10, 40, 48, 55, 57, 107, 163, 168
27. ПОПОВСКИ ВЛАДО (министер за правда) 71, 84
28. РАМАДАНИ САЛИ 170
29. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 6
30. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 7
31. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 22 99, 104
32. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 33, 37, 79
33. С ТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 128, 134
34. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 2
35. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 12, 21
36. ТРАЈКОВ РИСТО 38, 40
37. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ (потпретседател во Владата) 39, 40
38. ТАНТАРОВ ВЕЉО, 42, 45, 49
39. ТОДОРОВА СОФИЈА (министер за образование) 53, 78, 79, 132, 134, 152, 156
40. ТУДА РАМИ 81

42\. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 105, 107, 109

42\. ТРЕНОВСКИ ДИМИТАР 157

43\. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА 13, 18, 21, 48, 50, 102, 104, 107, 119, 146, 159, 160

44\. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 46, 100, 113, 116, 140

45\. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 54

46\. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР 60

47\. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ (мин. за внатрешни работи) 62, 64, 70, 71, 120, 132

48\. ШАЌИРИ ХИСНИ 80, 85

49\. ШАПУРИЌ ЗОРАН 135

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 април 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа со Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јаким Ивановски, Исмет Рамадани, Ратка Куљан-Зографска, Владимир Соколовски, Јован Србиновски, Илија Гоцевски, Димитрија Поповски, Теодосија Паунов, Панче Насев, Илинка Митрева и Наќе Стојановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Исмет Рамадани, Илија Каров, Мирко Трипуновски, Томислав Стојановски, Ризван Сулејмани, Назми Маљичи, Слободан Даневски, Димитар Трпеновски и Кире Видимче.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска со истите, имаат дополнителни прашања?

Има збор г-динот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господа министри јас го добив одговорот на моето пратеничко прашање од Министерството за сообраќај и врски. Задоволен сум со половина од одговорот, бидејќи моето прашање беше кога ќе се надминат тешкотиите во комуникацијата на околу 3 илјади претплатници во ова претплатничко место на ПТТ сообраќајот пошта Теарци.

Во одговорот се поткрадна една грешка. Имено, досега таму има монтирано 1200 претплатнички броеви , а не 200 како што е таму напишано. Предвидени се 3700 нови броеви, монтирана е централата минатата година, 1996 година и кои се причините зошто не се пристапува кон реализација на овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор во усмена форма?

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Пожелно е, како ќе оцени претставникот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата во врска со ова прашање ќе се изјасни?

Одговорот да биде во писмена форма, бидејќи во моментот не е присутен министерот, а доколку дојде во текот на седницата, ќе го замолиме министерот да одговори во усмена форма.

Дали некој од пратениците кои поставиле прашаше има дополнително прашање?

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани министри поставено е пратеничко прашање до Министерството за сообраќај и врски. не го гледам министерот, бидејќи е даден одговор кој го добиваме еве неколку години истиот одговор. Имено, се работи за патниот правец- Скопје - Свети Николе, т.е. Дивље - Гуриште. Одговорот е даден исто така со помош на министерот за одбрана дека овој патен правец не може да се гради затоа што не може да се отстрани кабелот кој наводно пречи.

Мислам дека ова како одговор не држи затоа што се работеше за сто илјади германски марки, целата оваа реконструкција на кабелот, патниот правец никако да се изгради. Знаеме колку патишта се изградени но ова потпаѓа под Министерството за сообраќај и Републичкиот СИЗ за патишта.

Не знам сега кој би можел да одговори на ова прашање, г-дине претседателе, бидејќи министерот не е тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, министерот е тука, но во моментот не е во салата.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Или да го почекаме министерот, бидејќи и на другото прашање истиот министер треба да одговори. Ако е присутен овде, да го почекаме па потоа при самото поставување да одговори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор од оние што веќе имаат поставено досега пратеничко прашање?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас би сакал да се осврнам малку на одговорот кој го добив од Владата и тоа на 4 април доставен до Собранието,а се однесува на пратеничкото прашање кое го поставив некаде кон крајот на минатата година, а го обновив на 26 февруари 1997 година. Тоа се однесуваше за неслагањето на бројките на невработените во Битола во однос на Извештајот што го добивме ние од Владата по барање од г-динот Аце Коцевски и во однос на податоците што ги добивам јас по службена линија од овластени служби кои се грижат за евидентирање на невработените.

Морам да истакнам пред се дека жалосно е што одговорот од Владата го добивам по реакцијата, пред се да кажам, а второ, во одговорот се цитира само реакцијата, а воопшто не и основното прашање, основното барање, односно вели прашањето кое гласи: "Повторно го поставувам прашањето во врска со неслагањето", значи, самата служба на Владата констатирала дека повторно поставувам прашање, а не се погрижила воопшто да го најде и основното прашање и веројатно претпоставувам заради тоа одговорот е толку нејасен и непотполн. Имено, и самите коментираат во одговорот дека прашањето не им е јасно. Мислам дека во принцип треба да се погрижат да ги најдат оригиналните и основните барања и прашања и на нив да одговорот, а повторувањето и потсетувањето е само ажурирање на тие барања.

Да потсетам, во Извештајот се спомнува дека во Битола за 1994 и 1995 година бројот на невработени е идентичен, 10.713. Мислам дека

сите ќе се согласиме дека нема теорија во две години бројот на невработени да не се измени макар за еден број. Жалосно е што во тој Извештај кој ние го добивме и кој ова Собрание одби да го гледа, односно пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз не сакаше овој материјал да се гледа да се расправа на оваа седница, покрај за Битола и за други градови постојат бројки со сличен карактер, односно бројките за невработеност за 1994 и 1995 година, за дванаесетти месец 1994 и 1995 година, се скоро идентични да не речам и идентични во повеќе случаи.

Конкретно за Битола, иако во Извештајот што го добивме стои дека за декември 1995 година бројот на вкупно невработени е 10.713, според извештаите кои јас ги добивам од Републичкиот завод за вработување односно бирото за вработување - Битола , на 31 јануари 1996 година, значи условно би се рекло месец дена после извештајот, после бројката за извештајот се евидентирани 16.540 невработени. Споредно со бројот од 10.713 , се јавува разлика во бројката од преку 60%.

Јас барам дообјаснување на што се должи таа разлика и зошто се дозволува во извештаите кои ги бара Собранието да се вметнуваат податоци кои во секој случај не се ни приближни на вистината.

Само да потсетам, бидејќи овој извештај се однесуваше до крајот на 1995 година, за да потврдам дека ова прашање е актуелно, иако сите знаеме дека е актуелно, само да потсетам, во меѓувреме според сознанијата и податоците што ги добиваме, тој број на невработени од 16.540 на почетокот на 1996 година, на почетокот на 1997 година е 20.400, според евиденцијата на Бирото за вработување.

Според тоа, со оглед на тоа дека сето ова што го зборувам е апсолутно актуелно и те како не загрижува сите нас, посебно мене лично, би сакал многу поконкретен и попрецизен одговор од Владата да добијам, со цел некои работи да се кажат јасно и гласно онака какви што се, било добри или лоши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставник на Владата ќе одговори на ова прашање? Не е тука, на пат е министерот за труд и социјална политика.

Одговорот на прашањето да биде во писмена форма од Владата

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, имав поставено прашање до Министерството за сообраќај и врски, кога конечно ќе се пробие влезниот булевар во Тетово, на сите добро познат од правецот на Скопје, поврзано со изграденоста на Автопатот Тетово-Гостивар и потенцијалната траса на новиот автопат Тетово-Скопје.

Одговорот е дека ова прашање ќе се реши најадекватно со заокружување на овој, да го речеме, западен патен правец. Одговорот делумно кореспондира со прашањето, затоа што влезниот булевар во Тетово практично во ништо не може да се измени, без оглед на овие две магистрални сообраќајни врски.

Затоа, предлагам Министерството да се концентрира на она што значи влез во Тетово во строгиот центар на градот. Оние кои се од таму или оние кои доаѓаат знаат дека поради еден индивидуален објект тој

влезен булевар не е оформен. Мислам дека состојбата е сосема јасна. Нашите информации се дека во прашање е разрешувањето на имотно правните односи и мислам дека во таа насока да се гледа решението.

Инаку, одговорот е вред делумно, но треба да се концентрира кон она што значи влезен булевар, а овие другиве магистрални правци да останат понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, сепак тоа е сугестија.

Дали некој друг бара збор, од овие пратеници што имаат поставено пратеничко прашање, а не се задоволни од одговорот? (Нема)

Има збор г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имав посебна чест и должност да бидам во составот на првото партиско Собрание во Република Македонија, во времето кога ја извојувавме самобитноста и самостојноста на Република Македонија. Во тој контекст, во тоа време од оваа говорница поставив едно делегатско прашање до министерот за надворешни работи: Кои активности Министерството за надворешни работи ќе ги преземе за повторно отворање на конзулатите во град Битола.

Морам да кажам дека во една сеопфатна активност на министерот за надворешни работи во тоа време, г-динот Денко Малески, со едно повеќе комплетно континуирана активност од неговото министерство, нормално и ресорната Комисија од ова Собрание градот Битола, потоа неговиот следбеник и г-динот Стево Црвенковски, а нормално и последни и моментално актуелен министер г-динот Љубомир Фрчковски си имаат

одреден континуитет и морам да кажам дека од прилика пред една година и по тој повод е ова мое излагање, бидејќи се работи за една годишница, една свеченост, Република Франција го отвори почесниот конзулат во Битола, во Република Македонија, поточно во Битола.

По тој повод, ценам како одговор на моето поставено пратеничко прашање, земам за право во мое име, во името на градот Битола да изјавам една благодарност до Република Франција, до нивната псотоечка Амбасада во Република Македонија и истовремено за заокружување н; тоа мое пратеничко прашање, ги повикувам и останатите дипломатски мисии кои се во Република Македонија да придонесат тој број на конзул; ти во Битола да го зголемат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг има дополнително прашање? (Нема)

Ако нема, тогаш поминуваме на поставување нови пратенички прашања.

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас се извинувам, досадив на овој Парламент и на Министерството за земјоделство, меѓутоа морам пак да го поставам тоа прашање бидејќи имавме еден одговор во 1996 година, меѓутоа, проблемот е пак актуелен. Почнува наводнувањето, почнува пак потребата од наплатување во однос на тоа наводнување. Меѓутоа, во средината во која сум јас присутен се зборува до кога ќе се донесе тој закон за води, бидејќи се смета дека законот ќе ги регулира односите во оваа сфера. Потребата

од законот е јасна. Би било добро овде министерот усмено да го каже тоа дали имаме намера тој закон да го ставиме во процедура на Собранието со единствена цел во Република Македонија да разрешиме еден важен проблем, каде имаме судир меѓу Министерството за земјоделство, Водостопанството и водокорисниците. Тоа не е проблем само за Куманово, тоа е проблем и за Гевгелија, тука е проблемот и за Тетово, да не кажам и целата Република. Тоа е едното прашање.

Второто прашање ,деновиве, а тоа се покажа како една негативна појава, Електростопанство на ниво на Македонија прави големи акции во однос на наплата на електрична енергија на оние кои ја користеле истата. Меѓутоа , во таа кампања, јас ја викам кампања, еден најголем дел од населението, а посебно оние драстични случаи кои не наплаќале струја, една, две или три години не се во можност да ја наплатат таа електрична енергија и се доведени во позиција електричната енергија да им се прекине. Уставниот суд - јас тоа го слушав, добив некоја информација телевизиска дека ја прифатил Одлуката на Електростопанство дека мора тоа да го прави, меѓутоа, прашањето ми е во следното: Како ќе ги разрешуваме проблемите во социјалните средини каде наплатата изнесува 30,40 па и 70 илјади денари, а се работи за 1,2 или 3 години. Неприродно е, барем според мое сфаќање дека таа категорија на граѓани нема никакви услови да ги наплати обврските =, а што е битно дека Електродистрибуција да не направила напори да ја наплати струјата од претходните години, според некое мое сфаќање дека сето она што застарува не може да биде ретроактивно, барем според законот, односно по принципот на ретроактивност, така што во таа смисла би го молел министерот за стопанство ако може тука едно кратко појаснување да даде, со единствена цел да ги охрабриме граѓаните или да направиме начин како да го разрешиме тој многу битен проблем, бидејки граѓаните без струја и без вода немаат живот. Во таа смила треба нешто во тој контекст да направиме.

II/1.- ЈМ-ВБ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Уште едно прашање би поставил до министерот за здравство. Во Куманово сега има една пракса дека за сите лица кои треба да имаат нова здравствена легитимација е потребно претходно лекарско уверение. Дали е тоа во рамките на Законот за здравствена заштита, или е во рамките на некој правилник кој е донесен од страна на Министерството, меѓутоа зборувам за кумановските услови бидејќи најдиректно сум врзан со тие проблеми. Се работи без разлика на која категорија посебно дури и на стари лица кои се над 65 години и мислам по логиката на нештата лекарското уверение се дава само на лица кои треба да стапат во работен однос, да имаат возачка дозвола и да се констатира дека се психофизички здрави за да можат да обавуваат одредена дејност. Меѓутоа не можам да сфатам да едно лице вади лекарско уверение за да има здравствена легитимација, да користи здравствена заштита. Во тој контекст би било добро овој проблем да го расчистиме и би сакал тука усмено изјаснување на нашиот министер за здравство.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Навистина ова прашање околу Законот за водите еве втор пат сега се поставува, но морам да кажам дека се работи за еден доста важен системски закон кој со оглед на нашите состојби и потребата од вода пред се од вода за наводнување во земјоделието, но малку го оддолживме и заради фактот со тоа што ова Собрание го донесе и Законот за екологија кој што водите имаат допирни точки и во овој закон и во тој закон, така што мораше да настане едно усогласување. Така што сега можам со задоволство да кажам дека текстот за прва фаза е утврден од Владата и е пуштен. Вие наскоро ќе го добиете и веројатно Собранието ќе расправа по него.

II/2.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Проблематиката за наплатата на побарувањата на база на користената електрична енергија во последно време предизвикува одредени интереси не само кај домаќинствата, туку и во рамките на претпријатијата кај одреден круг особено со особена тежина. Таа предизвикува исто така сериозни расправи и кај одредени органи кои исто така не се редовни платеници, а Електростопанство која по својот карактер е јавно претпријатие не значи дека процесот на репродукцијата го одвива мимо принципите кои важат за целокупното друго стопанство и дека струјата ја добива без да има трошоци за неа. Во моментот побарувањата нејзини се сериозни од корисниците на струјата и достигнуваат износ некаде преку 50 милиони долари. Тоа е сума на побарувања која го доведува во прашање нормалното одвивање на процесот на репродукцијата во Електростопанство, во сите нејзини функции како проста, а да не говорам за проширена репродукција меѓутоа ја доведува во прашање реализацијата на инвестиционите програми, програмите за одржување на капацитетите постојни кои доколку навреме не се интервенира прети ризик истите во одреден момент да откажат и да се дојде до полоши последици. Јас пратеникот го сфаќам затоа што тој е социјален работник и од таа позиција ги гледа работите, но овде имаме еден судир на економика и судир на социјална политика. Ние со полно право не можеме на Електростопанство да бараме да таа ја води социјалната политика, таа му припаѓа на државата како функција и во рамките на социјалната политика веројатно треба да се изнаоѓаат такви критериуми и мерила да одредени категории на семејства кои се во ситуација, а се во таква ситуација, но со објективни критериуми и мерила да може да се утврди да испод некој минимум на приходи дека не би биле во состојба да можат да ги изумираат не само обврските по основ на трошење на струја, туку и за други давачки

мислам дека таму треба да се лоцира проблемот, а не проблемот дали овие претпријатија затоа што му припаѓаат на јавниот сектор треба да водат социјална политика и дали треба да ја извршат наплатата затоа што последиците утре ќе бидат уште посериозни.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Законот за здравствена заштита не предвидува како услов за издаваше на здравствена легитимација потреба од лекарско уверение, Јас уште во текот на утрешниот ден ќе го разгледам тој проблем и се надевам дека писмено ќе ве известам.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Морам искрено да кажам дека од г-динот Беќир Жута бев одлично информиран за состојбите и благодарам за тој дел. Само да разјаснам дека моето прашање беше како ќе ги разрешиме овие маргинални групи во кој дел ќе се вовлече нормално државата која е носител на социјалната политика и на социјалната заштита. Инаку,не мислев на претпријатијата заради тоа што ние со промените направивме и промена на носителите на социјална политика. Така што веќе претпријатија не се носители на цијална политика туку државата. И во тој контекст прифаќам дека претпријатијата треба да ги разрешуваат проблемите во рамките на производството, социјалната заштита исклучиво во државата.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри,

Во последно време во средствата за јавно информирање најчесто се зборува за здравството, дека здравството е во хаос и не функционира. Го молам г-динот министер доколку може усмено, или писмено да не

обавести нас пратениците за состојбите кои што ги читаме во дневниот печат и поконкретно да не обавести за набавката на лековите кое што постанува актуелна тема и кое што ги бранува и моите избирачи од изборната единица 103.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеници, чувствувам потреба бидејќи вие мене ми го дадовте поверениeто пред вас да образложам за некои актуелни состојби во здравството и му благодарам на г-динот Темелковски што во овој момент тоа ми го овозможи.

За да се дијагностицира колку што е можно пореално актуелната состојба во здравството неопходно е најнапред да се направи точна ретроспектива на случувањата во оваа чувствителна област во изминатите три до четири години. Здравството во Република Македонија во однос на здравствениот статус на населението се наоѓаше и сеуште се наоѓа во таканаречена епидемиолошка транзиција. Тоа подразбира пораст на хроничните незаразни заболувања што е карактеристиак за развиените земји, а тука пред се се подразбираат кардиоваскуларните заболувања и карциномите како и високата стапка на доенечка возраст што пак е карактеристика на заостанатите земји и земјите во развој. Оваа состојба исто така беше потенцирана и со влошениот социјален статус на населението. Имајќи ги во предвид овие факти она за што веднаш се зафативме, она што беше приоритет, беше утврдување на стратегијата на формално здравствениот систем во Република Македонија. Поради тоа со помош на светската здравствена организација со финансиска поддршка на светската банка веднаш почнавме со реализација на најприоритетните задачи. Плодовите од овие зафати, сакам да потенцирам ќе стасаат по неколку години. Она што досега е направено не само што е направено без отпуштање на здравствени работници, туку обратно направено со зголемување на вработените во здравството

и тоа главно преку отварање на нови функционални единици со цел да се постигне здравствениот стандард и грижата за болните. Започнавме исто така да создаваме наново национално здравствено законодавство во многу сегменти. Во оваа пригода би ги потенцирал неколкуте измени во Законот за здравствена заштита, новиот закон за лекови кој што сега моментално се наоѓа на верификација во светската банка, Законот за здравствената исправност на храната итн. Овие правни интервенции ги презедовме со цел здравството во нашата земја да го приближиме со здравството на современа Европа, односно да го товариме процесот на компатибилност со тие земји. Во овој момент ние сме во фаза кога не очекуваат многу работи, но не помалку важни. Тоа се дефинирање на гарантиран пакет на здравствени услуги, димензионирање на мрежата на здравствени организации, измените мислам што е најважно на начинот на здравствено осигурување. Компјутеризирање на системот за контрола и евиденција на здравството. Но наместо создавање на амбиент за решавање на овие крупни задачи ние секојдневно се судруваме со состојби кои тоа го оневозможуваат. Нашите дискусии треба да бидат усмерени кон анализа за искористеноста на капацитетите во здравството, за проценката на просечната оптовареност на здравствениот персонал, за морбидитетните стапки на различните популациони групи за интрахоспиталните инфекции, за болничкиот леталитет. Ниту пак се најде за сходно да се предложат мерки во досегашните пишувања за што поуспешно и поитно разрешување на акумулираните проблеми. Наместо тоа постојано слушаме за пари, за профити и за веледрогерии. Истовремено не се афирмираат позитивните трендови кои во овој период оставија длабоки траги. На пример не дозволивме намалување на опфатеноста со вакцинација и покрај отежнато снабдување со вакцини. Процентот на вакцинација во Република Македонија изнесува над 92% за што стално сме пофалувани од светските здравствени организации. Го сменивме и дополнивме

календарот на имунизација со цел превенција на Б-жолтицата, го спречивме навлегувањето во нашата земја на детската парализа преземајќи низа мерки, практично мерки уште пред да ни ги препорача светската здравствена организација за кои активности добивме поддршка и признание. Им ветивме на граѓаните од Скопје за болните кои што користат дијализа дека нема повеќе да патуваат во Струга, или во некој друг центар, дека тоа ќе го направиме во Скопје во нивното место на живеење. И тоа го оствариме со формирањето на Центарот за дијализа во склоп на Железарница. Преку активно учество на повеќе наши експерти беа реализирани одредени проектни задачи, а некои од нив се во тек. Тоа се проектот за унапредување на менталното здравје, поддршката на доењето, промоција на здрави училишта. Сето ова овозможи во Република Македонија да работат врвни експерти и да ги имплементираат најсовремените научни достигнувања во најприоритетните области кај нас. Со тоа се менуваат и основните постулати на кои досега беше базирано здравството, односно доктор - пациент придобива сосема друг квалитативно нова димензија. Процесот на реформите се наоѓа во фаза кога трите универзитетски клиники, институции,Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет треба силно да повлечат напред пред се со осовременување на наставните содржини наменети за медицината во XXI век. Тоа би требало да биде заедничка императивна цел на медицинската наука, на практиката и едукацијата. Истовремено проблемите на Медицинскиот факултет и институциите на Медицинскиот факултет не можат да се решаваат со потпишување петиции, туку треба да се решаваат во рамките на ресорното министерство за образование и во меѓусебната комуникација со Министерството за здравство во контекстот на дооформување на законската регулатива со цел дефинитивно да

профунцкионира правната држава. Почитувани колеги обезбедувањето на здравствена заштита на населението се базира на постоење на соодветно обучен кадар, простор и опрема. Во сите овие сегменти се постигнати видливи резултати. Тоа се новите градежни зафати, реконструкција на застарените и руинирани објекти, отворање нови објекти, набавката на најсовремена дијагностичка опрема и опрема за лекување на пациенти. Кое според стручњаците од проектот X0J1 од Соединетите Американски Држави над 70% беше постар од 15 години, а околу 30% беше целосно амортизирана. Ако тоа не го направевме тоталниот колапс во здравството беше неминовен. Ние не само што го спречивме тоа, туку најодговорно тврдам дека здравството денес е поставено на постабилна основа, дека не е пред колапс и дека хаос нема. Одредени ситуации се прикажуваат необјективно за жал од луѓе со различна лична мотивација. Некој ја злоупотребува партијата, на пример граѓанско- либералната користејќи ја моменталната раководна функција во неа. Притоа таквите инсинуации не само што ја дезинформираат јавноста како текстовите во "Нова Македонија", "Македонија депонија на лекови се користат лекови кои што предизвикуваат дегенерација, нема анестетици, нема тестови за СИДА итн. Сето тоа има пошироко негативно општествено влијание кое го зголемува нивото на страв и несигурност со кој инаку се преобременети граѓаните во овие турболентни времиња. Причините за ваква ситуација сигурно не се добронамерни и не се во интерес на унапредување на здравјето на пациентите и на граѓаните во Република Македонија. Снабдувањето со лекови и други потрошен материјал медицински значително е подобрено незанемарувајќи го нивниот квалитет. Заштедите од превземените тендери и лицитации за една година изнесуваат 10 милиони германски марки. Реализирани се 1 милион рецепти повеќе што директно зборува дека е подобрено снабдувањето на лекови кои се добиваат на рецепт.

II/8.-

Сите вие знаете кога јас пред една ипол година реков дека ќе објавиме војна на фармацеутската мафија, голем број беа скептици, меѓутоа можам да кажам и покрај огромните отпори дека ние тие битки ги добиваме и од понатамошните борби не се откажуваме. Би сакал само да ви анализирам за неколку препарати какви цени се добиени, а какви цени порано плаќавме. Физиолошкиот раствор го плаќавме 7 2 денари, со тендерските цени цената е 31 денар. Гликозата 5 постотна од 72 денари на 31 дена Хируршките ракавици се наплатуваа 39 денари, сега ги добиваме за 14,40 денари. Шприцевите од 5 денари ги набавуваме за 2 денари и 30 пари. Дијализаторите кои што ги плаќавме 47 германски марки, сега ги купуваме за 25 германски марки и плус на секои 10 илјади дијализатори по еден бесплатен апарат. Пејсмејкерите кои што ги плаќавме од 7.600 марки, цената ја спуштивме на 3.800 германски марки. Тестовите кои што се користат во клиничките лаборатории од фирмата "Рош" која беше така бескрупулозно нападната еден тест за испитување на бубрежни и белодробни испитувања го добиваме за 2,8 денари од фирмата "Пановски" за 27 денари. Мокрачната киселина ја набавуваме од фирмата "Рош" за 6,1 денар, а од фирмата "Пановски" за 27 денари. Алдеземот кој што го користат најчесто пензионерите од 200 денари ја спуштивме цената 160 денари. Еналаприлот препаратот за притисок од 170 на 130 денари. Амоксикларот од 400 денари на 320 денари. Меѓутоа, ја сепак не сум задоволен и со тие цени затоа што сметам дека може уште поевтино да ги добиеме. Ќе ви ги цитирам неколку цени кои што котираат на Запад во УНИЦЕФ и кој што зборуваат дека аспиринот од 1 грам во еднакви пакувања кај нас и со тендерска цена го плаќаме 776 денари, а може да го добиеме за 105 денари.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:** (Продолжение)

Аминопиринот кој ние по тендерска цена го добиваме за 800 денари, европската цена е 53 денари. Амоксицилинот антибиотик од 360 денари за колку ние го добиваме,може да го добиваме за 250 денари. Еритромицинот кој како европска цена е 151 денар ние го плаќаме 523 денари и мене воопшто не ме зачудува со каква жестина одредени веледрогерии се нафрлуваат врз мене, врз моето Министерство затоа што влеговме во жижата на фармацевтската мафија.

Исто така Министерството има право да потпишува увоз на лекови од било која држава кои се произведени од афирмирани производители кои се гарант за квалитет на лековите, но потребно е да се знае надзорот над царината, финансиските и санитарните инспекции кои би укажале на било какви незаконитости. Секој откриен криминал како што е препакувањето на лековите, фалсификувањето на марки на рентген филмови треба да се гони и казнува, бидејќи тоа е криминал, но пред се зло и штета за здравјето на луѓето.

Во согласност со овие комплексни задачи се менуваат и кадровските потреби почитувани пратеници, пред се на врвните луѓе во здравството, што за жал, во ова време предизвикаа бура на немири. Именувањето нови директори треба да се сфати како обид за внесување нови идеи и нови принципи на работа во секоја средина. Нивната идна работа треба да се базира на искуството и знаењето на нивните претходници без уривање на веќе постигнатото ниво на развој. Можни се и погрешни проценки при кадровските решенија особено лица за кои сум имал голема доверба, но воочувањето на нивните грешки што водат кон уривање на целиот систем дополнети со откриената злоупотреба на функцијата и криминал повлекува соодветни консеквенции и преземање на мерки за. нивно надминување.

III/2

Овде би сакал да се изјаснам за моето најголемо разочарување е разрешувањето на директорот на Клиничкиот центар во Скопје од причина што тој во периодот кога беше директор на Ренген институтот и в.д. заменик директор изврши купување (негодување во салата од страната поедини пратеници)на рендген: филмови, потрошен ренгентски материјал за вредност од 250 илјади ДМ повисока цена од онаа што беше одредена со тендерот. Бездруго тоа треба да биде без емоции, без реваншизам и да се потпре на аргументи, а секое кадровско решение треба да биде базирано на чесност, доверба, висок професионализам и добри организаторски способности. Затоа вниманието и како лекар треба да го насочиме кон она што треба да биде наша професионална задача затоа што ние постоиме за пациентите. Не може интересот на поединецот најверојатно заситен со најновите зафати во здравството да биде креатор на политиката во здравството.

Јас лично прифаќам само најдобро намерни критики, но никој нема право да подметнува,инсинуира, омаловажува, дискредитира и најпосле да ја лаже јавноста ниту да атакува врз достоинството и авторитетот на мојата личност и на моето семејство.

Како член на Владата на Република Македонија сето ова што во изминатиот период се пишуваше за здравството го сфаќам како обид да се дестабилизира системот како целина,а во контекст на тоа како дестабилизација на една од најважните карики во тој систем во здравството.

Јас и понатаму ќе се заложувам да работам како и до сега чесно и принципиелно секогаш за отворена соработка со сите институции бидејќи не е во прашање мојата позиција туку функционирањето на целиот здравствен систем кој треба да биде насочен кон општиот интерес на сите граѓани.

Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, го користам своето деловничко право за процедурална интервенција затоа што мислам дека ова на што присуствувавме ние во изминатите десет минути го надмина елементарното воспитување и добриот вкус. Имено, не е непознато правило и пракса во светот да се поставуваат порачани пратенички прашања за да дојде до израз некој од министрите во Владата. Меѓутоа, во случајот се направени две грешки.

Прво, првата грешка ја направи господинот Зоре Темелковски, затоа што неговото прашање е всушност барање на информација, не е формулирано како пратеничко прашање.

Втората крупна грешка ја направи министерот за здравство затоа што дојде овде со напишан говор за нешто за што ако има и малку самокритика во себе и морал треба да си го постави отворено прашањето дали до сега не требаше да си поднесе оставка од функцијата министер за здравство поради сето тоа што се случуваше во неговиот ресор.

Реагирав затоа што мислам дека како пратеници треба да го зачуваме дигнитетот на овој највисок законодавен дом и да работиме така како што е предвидено според деловникот за работа на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека ќе се согласите господине Коцевски дека ова не беше деловничка интервенција.

Има збор господинот Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, секој има право да си го толкува моето прашање од своја гледна точка и да си ја изведува својата вистина и секој си има право на своја вистина. Јас бев конкретен кога го поставив пратеничкото прашање. Лично ме интересира за информација за хаосот во здравството.

Второто беше за набавката на лековите и бев дециден набавката за она што го гледаме за телевизија, во весниците за аспирини и не знам што дали се почитувани одлуките на Владата за тендерска набавка на истите репроматеријали кои се однесуваат за болниците и клиничките центри. Јас не сум ни на страната на министерот, ниту можам да му сугерирам што ќе одговори. Тоа е ваше право господине Коцевски да мислите дали е така

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е дополнително прашање за господинот Филипче министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Не би сакал да полемизирам, меѓутоа, мислам дека не е ниво на еден пратеник тука од парламентарната говорница кога не слушаат сите во Република Македонија тенденциозно да се потенцира, да се инсинуира дека јас на некого сум му предложил да постави прашање. Јас тоа го отфрлам и ќе ве молам сепак треба достоинството и мое и ваше да си го чуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Станковски има деловничка интервенција.

Ве молам немојте под форма на деловничка интервенција да си поставите прашања.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе јас мислам дека деловнички ќе постапам Мислам дека со овој настап недвојбено е покажано дека постои режија и тоа лоша режија. Знаете има во Холивуд се доделува награда за лоша режија за најлош филм е, сега ќ;е ви кажам уште нешто сега е лоша режи- јата затоа што сега треба да уследат поддршки на министерот од разни институции и директори кои го поддржуваат. Мислам дека со ова ние како пратеници правиме еден преседан.

Јас ова излагање на господинот министер кој го ценам, го почувствував дека од него е побарано да си го напушти ова место па сега во еден свој емотивен и убав говор со сите позитивности се бранеше. Мислам дека треба да престанеме дефинитивно од овој Парламент да прави- ме циркус и да пружаме шанси на оваа говорница ги користиме сите моменти за да искажеме нешто со што јавноста длабоко знае во каква состојба е Министерството и се што е околу Министерството за здравство.

Затоа апелирам и барам да не ја користиме оваа говорница за свои лични излагања и за некои свои настапи кои се однапред подготвени, меѓутоа, оваа говорница да ја користиме за пратенички прашања. Јас ќе му поставам прашање на господинот министер, но кога ќе ми дојде редот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам денеска на дневен ред е поставување на пратенички прашања, а доколку не сте задоволни од работата на некои министри има друг институт што се вика интерпелација, и тогаш ако имаме таква точка на дневен ред да расправаме тогаш за таа тема, а сега ве молам поставувајте пратенички прашања.

Има збор господинот Фаик Абди.

III/6

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, господа министри, дами и господа пратеници, иако прашањата треба да бидат кратки и јасни за да се добија одговори, ќе ми дозволите овој пат едно мало елаборирање на некои прашања кои не се третираат сега и не се сегашни, потекнуваат од пред три- четири -пет години и се се игра некоја игра како да се рече, се прави дупка во водата за некои работи кои се многу важни, многу битни, а сепак се поврзани со државата и поврзани со средства, со пари.

Поминаа скоро седум години од осамостојувањето и независноста на нашата држава, стекнавме голем углед во околината, Европа и свето зошто на многу мирен начин, со права и превентивна дипломатија не испукавме ни еден куршум за нашата самостојност. Верувам дека и Меѓународниот монетарен фонд, Европската, а и Светската банка за обнова и развој можеа повеќе да ни помогнат во развојот на капацитетите и нашето отворање спрема светот односно спрема Европа. Сигурно сите спротивности кои што се јавуваа во земјата негативно влијаеја врз севкупните општествено економски односи во двата правци, а во последно време аферата ТАТ, како да стави белег на нашето однесување кон и така малите девизи од толку мал народ, како што е Република Македонија. Иако овој момент од надвор не се зема за пресуден, тоа го слушнавме пред некој ден, аферата ТАТ не е пресудна, сепак сум скептик, но да бидам искрен има уште многу други работи кои ме мачат, па заради тоа до Владата ги поставувам следните прашања.

Прво, во месец август 199 3 година, ако не се лажам во Македонија престојуваше претседател на Северна Рајна Вествалија господинот Рау со својот државен секретар и уште 47 пратиоци - цела свита. Покрај другите, последното попладне беше во Шуто Оризари со целата свита го прошета токму онаму каде што ги прошетав и првите претставници на

Сојузна Република Германија кои беа овде кај нас во 1990 година, тогаш беше потпретседател на Извршниот совет на Социјалистичка Република Македонија господинот Тито Беличанец, јас присуствував и на тие одговори, па заедно со заменикот на секретарот за труд и социјална политика не се сеќавам како се викаше ја прошетавме цела Шутка и местата кои се овде многу интересни, набележани.

Со господинот Рау, седнавме во една просторија и неговите помошници и целата свита, ве молам ако сакате да ме ислушате, можеби и вие сте замешани во целата афера....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте така (претседателот ги смирува пратениците).

**ФАИК АБДИ:**

Покрај сето она господинот Шумковски Александар помошник министер за урбанизам и кажа се што добивме пари од Германија и каде ги потрошивме парите на крај кажа и следното: господине претседателе покрај сето ова што ви кажав ние направивме и едно големо ново осум-годишно училиште, нова детска градинка и амбуланта. А тие беа направени пред 20 години. Интересно е на мое прашање после тоа како бре вие успеавте да направите сега овие три големи згради, тој рече да се пофалиме малку пред претседателот. Какво фалење пред претседателот на Северна Рајна Вествалија, тоа се многу пари, тоа е голема афера....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да ги карате, ве молам, поставете прашање.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам претседателе зошто, лошо ли е ова, многу е лошо што го кажувам, нели требаше да сокриеме. Но, добро.

III/8

Барам од Владата,од Јавниот обвинител да се провери што е оваа работа, зошто го излажавме човекот, а граѓаните на Шуто Оризари знаат точно дека се испратени повеќе пари отколку она што добиле. Ова е околу Шуто Оризари и господинот Рау.

Прашаше број 2 - Истиот ден го прошетав господинот Рау во две улици кои се сечат унакрсно и меѓу нив е онаа новоизградена населба, Од едната улица фекалиите излегуваа надвор, смрдеше. Го замолив да испрати пари за ова. Човекот од Северна Рајна Вествалија испратила 200 илјади ДМ. Овде на мое прашање господинот Јорго Шундовски ми кажа зарад! блокадите што ги имавме од север и од југ Северна Рајна Вествалија ни испрати нафта и нафтени деривати и тоа за болниците, детските градинки и за некои претпријатија кои се многу важни, меѓутоа, истите ги повратија парите и тие се наоѓаат во градската каса. Меѓутоа, господинот Љупчо Николовски од Градскиот одбор не сакаше да слушне за оваа работа и до ден денеска седна со мене да види кој е тој што ми кажал каде се овие 200 илјади ДМ.Видете колку мала сума се.

Прашање број 3 - Дали има во Република Македонија мали,средни или големи фабрики кои од пред четири -пет години, па и сега одат под стечај односно банкротираат и дали има насловен список на нивните должници:

- кои ги отплатија долговите или пак нешто сега даваат, плаќаат или пак во двата смера двајца директори си ги поделија парите и така пропаѓа претпријатието. Тоа е работа на МВР и Јавниот обвинител. Владата треба да даде одговор за ова. Затоа што има такви.

Прашање број 4 - Дали има случаи граѓани на Република Македонија од порано а и од осамостојувањето па наваму да извршиле кривично дело - грабеж,во сообраќајќи трагично да има погинати граѓани или нешто друго па нормално истите да бидат осудувани на повеќе години робија, но по истекот на одредено време преку разни канали дали

има случаи сторителите да се пренесуваат во Бардовци на психијатриско посматрање па потоа да се прогласуваат за непресметливи или будали, па заради тоа се пуштаа на слобода, а истите луѓе сега користат пензија, возат коли, бизнисмени итн. Оваа работа не е мала, ако е за потценување нека не се гледа.

На 54-та седница на Собранието на РМ одржана на 2 октомври 199 6 година помеѓу другото на дневен ред беше и мојот Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за трговија. Комисијата за стопанство го прифати мојот предлог, меѓутоа во договор со господиниот потпретседател Беќир Жута, ми кажа дека бил некаде, видел нешто, па ќе предложи сам нешто, но до ден денеска нема ништо предложено, па би молел да даде еден одговор за да можат тие луѓе да го најдат своето место под сонце и тие да имаат парче леб, да се избегнат тие гужви, тие тепања, тие,да не речам,убиства, тепања, бегања итн.

Прашање број 6 - во еден член од Законот за трговија наведено е како обврска на Владата дека ќе се изгради некое пазарче неделно еднаш да се продава секаква стока. Сеуште тоа не е сторено. Зошто?

**ФАИК АБДИ:** (продолжение)

7. Дали од нас овде 120 пратеници на Собранието на Република Македонија, нивните потесни семејства, жена, син, ќерка итн. од членовите на Владата и нивните семејства, луѓето кои работат по општините и нивните семејства имаат земено локации за градба на куќи, некоја фабрикица мала или слично а да не платиле ни денар комуналии и дали има од пратениците и другите кои изградиле дивоградби без да платат комуналии или куќи или нешто друго.

Ова е малку интересно, но ако излезе списокот само тогаш ќе биде интересно.

Имам уште едно прашаше ќе го дадам на господата од Министерството за финансии, се однесува за "Шутка фолк - фест". Поранешниот директор не е веќе меѓу живите, нека му е лесна земјата, пред некој ден почина г-динот Стево Теодосиевски, овде се работи за релевантни фактори и услови . Нашата жиро сметка е блокирана за 800.000 денари . Во договор со генералниот директор на Управата за приходи или директор на Управата за приходи, бидејќи му покажав документ дека одговара директорот на фестивалот за сите финансиски трансакции, подготвување на завршни, периодични пресметки итн, се договоривме тоа да биде во 20-30 рати враќањето. Од каде да се врати?

Ние треба да земеме само уште 190.000 денари од Министерството за финансии од минатогодишните пари за да платиме на Теле- визија 1000 марки, на Универзална сала 6.000 марки и уште некои долгови.

Јас молам, ова ќе го дадам, или да се брише долгот, а за толку нема да пропадне Македонија, за 800.000 или пак Фестивалот ќе банкротира. Нека не постои фестивал -. Тоа е тоа.

Благодарам што ме ислушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој од министрите ќе одговори?

Има збор г-дин Бекир Жута, министер за стопанство и потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Од целиот овој список на прашања што г-динот пратеник Фаик Абди ги покрена јас само на едното прашање ќе одговорам каде што директно бев прозван.

Точно е дека тој во 1996 година покрена иницијатива за измена и дополнуваше на Законот за трговија на соодветниот член. Точно дека јас и тој имавме една расправа на која што гледавме можности да се најде решение. Инаку, со Закон животот не може да се реши. Дотука беше проблемот. Оттука мислам дека тогаш во времето кога се носеше законот за трговија имаше и своја историја, а јас би рекол имаше и своја предисторија. Предисторијата на Законот за трговија беше легалната трговија да остане со празни рафтови, а зелените пазари со стока. Требаше да се менуваат позициите со Законот за трговија во обратен правец. Меѓутоа, се создадоа одредени навики на одредена структура што обезбедуваше живот на тој начин и слично.

Тогаш и во тоа време кога се носеше Законот за трговија се сметаше дека треба да се градат стоковни куќи во кои што ќе има тезги и луѓето да продаваат стока на тие тезги. Во Скопје имате една, а сега имате уште една на вториот спрат од Градскиот трговски центар.

Изгледа проблемот стои во реални согледувања на состојбите, почнувајќи од фактот за определување на локација што треба да го утврдат други орбан , со сериозни проблеми.

IV/3

Второ, реални согледувања на материјалните можности кој ќе го гради објектот? Ако некој мисли дека државата ќе го гради објектот и на другите ќе го даде на користење, исто така и државата нема финансиски средства како што немаат оние кои би сакале да го користат. Се доведуваме во ситуација една желба што тогаш се манифестираше како желба се претвора во своја спротивност, како неможност субјектите што би сакале да имаат таков објект, да финансираат таков објект, но исто така и државата да може да им излезе во пресрет бидејќи не може да ги финансира таквите објекти. И, да прибира после закупнина. Таман работа државата да се занимава со тие работи и да има средства!

Во таква една солуција што ги затвора перспективите, можеби стануваше збор да се преиспитаат решенијата во Законот, меѓутоа евентуално со преиспитувања што реално би ги испитале можностите, локации, но не во центарот на градот каде што на отворени пазари луѓето кои се заинтересирани да ја изнесуваат стоката, дали секој ден, дали одреден број на денови во неделата и слично за одредена такса на комуналното претпријатие што би ја наплатила и сл. исто така е сврзано со проблем на локации. До тука е тој сериозен проблем.

Инаку, со оглед дека Министерството е во фаза и веројатно некаде во текот на мај ќе излезе во владина процедура, а во јуни во собраниска процедура со законот за конкуренцијата, законот за монополи и законот за дампинг и антиданпинг мерките и веројатно ќе трпи одредени интервенции и Законот за трговија од причини што материјата е уредена за монополите во Законот за трговија, во отсуство на соодветни други закони, веројатно ќе отпаден од тие закони затоа што на адекватен начин треба да се разреши во овие закони

Така што ,не е прашање да може - се договоривме и ќе го разрешиме. Да беше така сигурно ќе го разрешевме, меѓутоа е многу комплексно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Друг претставник на Владата во врска со другите прашања?

За другите прашања г-дине Абди Фаик ќе добиете одговор во писмена форма.

За овој одговор можете да поставите дополнително прашање.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, при донесувањето на Законот за трговија јас убаво знам што сум зборувал, што сум предлагал, повторно што сум предлагал кога беа измените и дополнувањата на Законот за трговија и знам што се случи надвор пред ова Собрание. Голем народ се собра надвор и бараше нешто. Бараше живот, леб и н.

Јас го замолив тогаш претседателот на Републиката да не го потпишува Указот за прогласување на Законот за трговија. Тој ги викна министерот за стопанство, поранешниот екс - министер за стопанство и министерот Шундовски па се договоривме кај министерот за стопанство што да направиме. Она за што говореше г-динот Бекир Жута пред малку. Но, надвор останаа многу луѓе, повеќе од половината кои немаа толку пари да платат кирија: 350-400 до 500-600 па и 700 марки кирија месечно за да влезат внатре, да продаваат свои производи за да живеат. Затоа трчаат по пазариштата и бегаат. Ако ништо друго, испратете еден човек во Суботица нека види таму што е направено со лесна конструкција, не со многу големи пари, па ќе видите дека проблемот ќе може да биде решен.

Не се работи лично за мене, не се работи лично за мојата фамилија. Никогаш тоа нема да биде. Меѓутоа, верувајте дека сос-тојбите се многу лоши, многу опасни. Луѓето просто спијат без вечер

Има луѓе доаѓаат, плачат. Направете некако, уредете нешто, нема да пропаден оваа држава. А дали тоа се работеше за сива економија и сега, да не зборувам. Ајде, од кога го донесовме Законот колку повеќе прибираме даноци, не повеќе, сигурно не е повеќе.

**ТИТО ПЕТОВСКИ:**

Се извинувам што ве прекинувам г-дине Абди, но расправа не водиме.

**ФАИК АБДИ:**

Ова прашање треба да се реши. Ова е сериозно прашање.

**ТИТО ПЕТОВСКИ:**

Се согласувам дека е сериозно, меѓутоа можете само да поставите дополнително прашање и да бидете задоволни или не бидете задоволни од одговорот.

Останавме должни во врска со дополнителното прашање на г-дин Даневски.

Јас Ве молам да го повторите.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Го користам моето право, еве, тука е присутен министерот за сообраќај и врски, бидејќи беа поставени три прашања 1996 год, 1995 и 1994 и поназад многу години на истата проблематика, на едното прашање не е одговорено за патниот правец с. Лозово-с. Милино бидејќи е извршено проектирање, тампонирање а остана само асфалтирање.

Второто прашање беше патниот правец Св. Николе-Гуриште-Дивље-Скопје, со што се скратува патниот правец Св. Николе-Скопје за 40 км, така што се прави голема работа и подобрување на врските од источниот дел на Македонија.

Прашањето беше кога и како ќе се гради ако знаеме дека оваа проектна задача, тампонирање и пробивање е завршено пред повеќе од

неколку години, 5-6 години и останаа само 8 км. спорни. Она што е кажано дека на патниот правец се наоѓа пречка воен кабел што стои положен и треба да се измести во должина од не знам колку метри за стотина илјади германски марки, е занемарлива сума на пари во однос на она што би се добило.

Третото прашање е патниот правец Св. Николе - Пробиштип кое исто така се врти многу години station наназад, затоа што и договорот со Р.СИЗ за патишта во првата половина да се прави патот од Пробиштип до село Куково е завршен, остана другото поврзување Св. Николе- Немањевци - Ранченци до с. Куково. Исто и тој би добил третман на регионален пат.

Тоа беа прашањата, иако јас му верувам на министерот, тој секогаш вели "ќе биде, ќе биде" но еве, некако не бидува работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бузлевски, министер за сообраќај.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Познато е дека планирањето на изградбата и одржувањето на патната мрежа до стапување на сила на Законот за јавни патишта беше на ниво на Парламент. Во таа прилика Парламентот ги утврдуваше програмите за тие содржини, а исто време ја гледаше извештајната материја што Владата пред Парламентот ја доставуваше.

Едно е сигурно, почитуваниот пратеник има искуство од раководење на општинско ниво и знае со какви проблеми, особено од материјална природа се среќаваме во периодот од планирањето, а уште повеќе кон реализацијата на патните правци. Дали станува збор за регионални патни правци или повисоко ниво на патен правец, тоа е исто.

Тоа што е направено и како што е одговорено, тоа се динамички активности што беа планирани врз основа на изборите на средства и можностите со тие извори да се изреализираат тие активности. Тоа што не е довршено, сигурно дека во наредниот период, така како што ќе се планира така и ќе се изведува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Се би било во ред кога би било така. Планирањето, во ред. Меѓутоа ова се планирани активности наназад 15 години. И на кратко и на долго. Еден петгодишен план, друг петгодишен план и трет петгодишен план. И сега одговорот е ист дека ќе се заврши, ќе се заврши, ќе се заврши.

Да е ова нова работа, во ред. Завршени се скоро сите работи. Фазата е само асфалтирање. Мислам дека треба и ако имате влијание, а имате влијание, може да се стави во планирањето за оваа година да се завршат овие активности.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, ова беше сугестија.

Има збор г-дин Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈАНОВСКИ:**

Првото прашање до Министерството за труд и социјална политика.

Дали надоместокот поради помала плата на друго работно место на активно вработените инвалиди на трудот влегува во просекот на платата на работникот инвалид на трудот од кое што треба да се пресмета просекот на плата за надоместок за 50% на работникот кој е

прогласен за технолошки вишок, кој што надоместок работникот инвалид на трудот треба да го оствари преку Заводот за вработување.

Поконкретно образложени.

Во текот на 1995 година-1996 година од Рудниците "САСА" во Македонска Каменица по основ на технолошки вишок на трудови инвалиди на 47 работници им престана работниот однос кои сега остваруваа' право на надоместок преку Заводот за вработување, што изнесува 50% од просечната плата на работникот остварена за последните три месеци Во Заводот за вработување за просечна плата го пресметуваше и надоместокот на плата што инвалидот на трудот го остварува преку Фондот за ПИО на Македонија.

На ден 21.01.1997 год, на шест работници инвалиди на трудот, по основ на технолошки вишок им престана работниот однос за кои Заводот за вработување во утврдувањето на просекот на платата не го зема надоместокот што инвалидот на трудот го остварил преку Фондот на ПИО со образложение дека надоместокот на помала плата на друго работно место не бил личен доход односно плата.

Се прашуваме по кој законски основ односно пропис се применуваат различни методи за пресметување на надоместокот по основ на надоместокот? Сегашните шест работници инвалиди се во нерамноправна положба во однос на тие кои заминаа порано, односно 47 работници технолошки вишок а трудови инвалиди.

И второто прашање до министерот за стопанство, дали во Владата се планира еднаш на дневен ред да се постави проблематиката околу производството односно стопанските движења во државата? Бидејќи еве трета година ние на дневен ред не најдовме за сходно да поставиме точка од која се живее.

Благодарам.

IV/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со првото прашаше бидејќи не е тука на пат е министерот за труд и социјална политика ќе добиете одговор во пис- мена форма бидејќи тој министер нема свој заменик односно второто прашање молам кој од претставниците на Владата ќе одговори.

Господинот Бекир Жута за момент не е тука и ќе добиете одговор покасно.

Г-дин Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани министри дами и господа, пратеници,прашање до Министерството за финансии, министерот г-дин Таки Фити.

Колкави се средствата што се приход на Буџетот на РМ од игрите на среќа и забавни игри во првото тромесечие од 1997 година што се издвојуваат на посебна сметка по стариот и сегашниот закон за намените од член 4 став 2, колку од тие средства се издвоени и колку добил спортот? И уште едно прашање дали со посебна програма на Владата покрај средствата издвоени од Буџетот за спортот ќе добие женската сениорска репрезентација која се квалификуваше на светското првенство во Германија, средства за учеството на тоа светско првенство?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во писмена форма.

Дали г-дин Жута министерот за стопанство и потпретседател на Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Ако правилно ми е пренесено прашањето и правилно сум го сфатил прашањето мислам дека има две димензии прашањето. Дали Владата ги следи, таа перманентно ги следи и не и во рокови. Ние

одвај чекаме да заврши тековниот месец за да ги добиеме статистичките податоци за тековниот месец и кумулативно од почетокот на годината и во сферата на физичкиот обем на индустриското производство и во сферата на цените односно инфлацијата и во сите други компоненти и инвестициона активност односно исплатените средства на име инвестиции итн.

V/1.-ВД/ЉР

**БЕКИР ЖУТА:** (продолжение)

Комутативно исто така ги гледаме перманентно во одредени периоди за да можеме да дојдеме до одредени сознанија и во меѓувреме да се договориме за определени интервенции во тековната економска политика за да го менуваме правецот, доколку некаде испаѓа и се наметнува како нужност дека е тоа тоа.

Макроекономската политика што ја утврдува Владата со сета нејзина документација за реализацијата во претходната година и предвидувањата во 1996 година, ние веќе неколку години наназад практикуваме да го презентираме во Собранието. Меѓутоа, од тоа што презентираме, го слушаме тоа што го слушате како коментар и сигурно тоа што го слушаме и го прифаќаме и го уважуваме, сега дали е во тековниот инструментариум, а тоа што е како стабилна определба низ која треба да се вртат сите движења, останува како непроменлив однос низ кој и околу кој треба сите активности да се концентрираат. Така да таа е во центарот во вниманието. Доколку се случи нешто таму да не ги следиме работите, покрај оние секојдневни контакти онаа месечно, во секој случај и други периоди, за да можеме да дојдеме до одредени сознанија.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Прашањето беше повеќе насочено, мислам вие се обидовте да одговорите и сигурно тоа држи. Но, прашувам дали вие како Влада поради тоа што, еве во овој период донесовме икс закони кои ја третираат стопанската проблематика. Да речеме еден дневен ред. Еве индустриското производство е зголемено за толку и толку. Во тој правец ние како парламентарци навистина ќе дадеме свој придонес во понатамошното движење и разрешување на стопанските проблеми. На

тоа мислев дали вие во скора иднина предвидување една таква точка да да се стави на дневен ред. Или конкретно, еве заврши Законот за загубарите, да се видат ефектита итн. Во таа смисла ми беше прашањето, Вие сигурно нешто предвидувате и сум заинтересиран тоа да го дознам.

**БЕКИР ЖУТА:**

Ако правилно го разбирам прашањето, тоа како да се сведува на тоа дали Владата ќе предлага дневен ред во Собранието каде што ке се третираат тековните стопански движења. Сигурно не. Не затоа што не цени за потребно, туку ние перманентно следиме за да можеме со инструментите на тековната економска политика да влијаеме за да го постигнеме во состојба и можност да го постигнеме а да не расправаме.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници

Во текот на 1996 година донесовме закон за задолжување на државата кон Светската банка за проектот развој на малите и средните претпријатија, во кој закон беа опфатени и индивидуалните земјоделци со сума од 4 милиони ДМ односно подоцна зголемени за 8.000.000 ДМ.

Сега, конкретно во делот на средствата предвидени за развојот на индивидуалното земјоделие.

Истите до моментот не се реализираат, а прашувам од кого. Имаме сознание дека тие средства не се реализираат од комерцијалните банки. Ако не се реализираат од Комерцијалните банки, затоа што претпоставувам дека нема гаранција индивидуалните земјоделци, а банките ќе ги потсетам кога најмногу кредити даваа, кога времето беше

најдобро за земјоделците и со нивните средства тие делеа краткорочни кредити, долгорочни кредити и девизни кредити. Зошто тогаш не се бараше гаранција од земјоделците, сега се бара и овие средства не може да се реализираат.

Знаеме дека овој проект е со обврска односно првиот дел од средствата ако се реализираат временски имаме право и на дополнителни средства од 16 или 18 милиони ДМ.

Ја прашувам сега Владата кој се грижи за реализација на овој проект и ако не се реализира првиот дел од овој проект што ќе значи не реализацијата за вториот проект.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Точно е дека има одредени проблеми во врска со исполнувањето на стандардите што ги пропишува Светската банка за да можат индивидуалните земјоделци да почнат да користат кредити. Според тоа, банките не можат да одобрат кредит доколку тие стандарди не се исполнети. Тие се очигледно тешки за нашите индивидуални земјоделци. Затоа ја и имаме повикано Светската банка и тие во наредните денови ќе исплатат свој стручњак тука за да ги разгледаме стандардите и да видиме дали може некаде да се ублажат тие критериуми, како би можело побрзо да се ефектуираат. Инаку не смееме да ја повториме грешката од минатото. Токму е имаат пласирано кредити банките, Светска банка на кои не им се знае каде. Знаете за тој"зелен план". Таа грешка не смееме да ја повториме, па макар и со месеци доцнеле во ефектуирањето на овие средства. Мора да се знае каде, по кои критериуми и да бидеме сигурни дека тие средства ќе се вратат за да не се случи државата да ги врака, како што ги врака тие порано дадени кредити. Значи да не се случи истото и со овие средства

**РИСТО ТАЈКОВ:**

бидејќи се работи за гаранција од страна на државата кон овој кредит, земјоделците се гаранција дека произведуваат храна на оваа држава. Дали сега државата не може да биде гаранција кон овие луѓе, како што бевме гаранти за многу други кредити. Како што беше задолжувањето кон телекомуникациите, продолжувањето што го имавме еза реконструкција на Аеродромите. Дали Владата размислува овде да понуди некаква сопствена гаранција на овие кредити, ако веќе пречка се токму овие гаранции за реализација на овој кредит.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Точно државата е гарант за овие кредити како за сите кредити што се земени од Светската банка, што е гарант. Меѓутоа државата треба така да направи да не дојде во состојба таа да ги врака, туку да си ги врати оној кој што ги земал. Ние сега ја правиме сета оваа работа за, државата која е гарант спрема Светската банка, во случај да не може крајниот корисник, односно банката да ги врати, државата ќе ги врати. Ние да не се доведеме во таква ситуација. Инаку што ќе правиме ако сите кредити што гиземаме, на крај државата ги врака. Што значи државата? Тоа значи народот преку даноците ќе ги врака, како што многу кредити од минатото сега ги враќаме на тој начин.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Само ќе се надоврзам на она што г-динот потпретседател Трпески го кажа во смисла на постоечките препреки кои во овој момент се исправени за да отпочне практичната реализација на овој кредит за кој што сите подготвителни работи се завршени.

V/5.-

Ние од Министерството за земјоделие сме во најнепосредна врска со петте банки определени да го дистрибуираат овој кредит од Светска банка, и заради фактот што во програмата на Министерството за земјоделие исто така предвидуваме една сума односно дуплираше на овој кредит од меѓународната банка, да го зголемиме пред се Фондот на средствата за инвестирање и второ, евентуално да се обидеме и да ја намалиме каматната стапка, да ли само на делот што е од нашата програма, или во просек заедно со делот на Светската банка. Во таа смисла мислам дека не се ненадминливи состојбите затоа што на некој начин тоа што го кажа потпретседателот, во директниот разговор со светска банка тие предвидуваат да дојде нивни човек тука кој директно би расправал на оваа тема. Но во секој случај се испостави дека во крајна линија ние потребно да дојде тој човек и некој наши состојби да ги образложиме и да изнајдеме начини да ја надминеме оваа ситуација и кредитот да тргне. Значи се работи за овие 4.000.00 ДМ кој треба да бидат за инвестирање и развој на индивидуалното земјоделие.

Друго што г-динот Трајков спомна, само да потсетам дека е можно, договорот предвидува, доколку не се искористи оној дел за мали и средни од 14 милиони, можно е сукцесивно да се префрли во делот за развој на индивидуалното земјоделие. Но ние уште не сме почнале со тоа кака да тоа ќе дојде во наредната фаза .

Исто така да соопштам дека нашите истируени единици центрите за унапредување на индивидуалното земјоделие подрачните единици и сега посебно 6 центри во државата ги инструираме како консултански групи кои ќе можат да се вклучат во функција на објаснување и доделување на кредит кој ќе овозможи враќање на кредитот. Без тоа не може и ние тоа ќе го работиме така да мислам сеуште не е дотука стигната работата фронтално да напаѓаме банки итн. Сепак постојат

можности и разговори и преговори со овие средства би дошле до правите корисници.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас ќе поставам денес пратеничко прашање а тоа е врзано со заробените девизи.

Поставувам прашање до Владата, зошто Македонска банка-Охрид не обезбедува средства од замрзнатите девизи на граѓаните од поранештната општина Дебар.

Станува збор за обезбедување на средствата егзистенционален минимум, загарантиран со Законот. Дури, да додадам на некои сопственици на заробени девизи од страна на вработените на банката им се поставувале некои банални прашања за кои не би сакал тука за зборувам.

Молам за писмен одговор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас на последната седница ја која поставувате пратенички прашања поставив 10-тина прашања меѓутоа не згреши ни едно Министерство да даде барем, еден одговор на тие прашања. Сега едно прашање од нив ќе го повторам уште еднаш.

Имено, како што е познато, соработката на нашата држава со Светската банка за добивање на поволни заеми и кредити на нашиот аграр му донесе големи неправди. По нејзино барање се укинати премиите за пченица, сончоглед, шеќерна репа за млеко ќе се укина наскоро, потоа се укинати регресите за цеменска стока за хемија, укинати се регресите за камати на кредитите за потребите на Аграрот. Со еден збор речено сите мерки што ги бараше Светската банка за  на поволни

кредити и заеми нашата држава ги исполни, меѓутоа на штета на приватните земјоделци.

Меѓутоа, покрај овие така да речам непогодни што го снајдоа Аграрот со овие мерки, Светската банка минатата година за добивање на овие поволни заеми и кредити пропиша и една мерка со која нашата држава зема обврска 15% од државната земја што за користат земјоделските задруги и комбинати, таа им се отстапи на користење на приватните земјоделци.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостоапнство имам сознание дека подготви соодветни документи за одземање на оваа земја од сегашните нејзини корисници, станува збор за тие комбинати и задруги, потоа и за доделување на приватните земјоделци. Меѓутоа овие документи од тоа Министерство досега не се објавени во Службен весник на Македонија, а се објавени во само во фактите за приватизација.

Прашувам што не се спроведува оваа мерка на светската банка за одземање на 15% од земјата која треба да си ја користат задругите и комбинатите и давање на индивидуалните земјоделци. Дали нашата држава се плаши, ако се одземе таа земја од комбинатите и задругите дека нашава држава ке нема храна или се плаши дека со тоа ќе дојде до јакнење на нашето и така отепано селанство.

Второто прашање се однесува на тоа како се стопанисува и како се работи со државните резерви.

Имајќи ги предвид лошите работи со неколкуте приватни штедилници и уште по лошата контрола на Народната банка на Македонија над нивната работа, посебно нагласена за ТАТ во Битола, за министерот за финансии Таки Фити го поставувам следното прашање:

V/8.-

Кој раководи со девизните резерви на=1 државата и колку Министерството за финансии има можности да ги контролира сите состојби со државните девизни резерви каде се пласираат, кој ги користи и дали тие пласмани се сигурни.

За министерот за сообраќај г-диниот Бузлески имам две прашања.

Прво, кога ќе заврши изградбата на патот за Мариово, што се чека веќе половина век и

Второ, кога ќе понат да функционираат поштите во с. Добрушево, Дедебалци, Новаци, Бач, Кременица и Породин. Овие пошти треба да донесат телефонија во 50-тина битолски села. Засега тие се како споменици. Никој не знае кога ќе почнат со работа.

За г-динот Министер за здравство имам следното прашање:

Во -нашава држава здравствената заштита на селаните се одвива преку повеќе, таканаречени селски здравствени амбуланти. Во Битолскиот дел на Пелагонија вакви амбуланти дејствуваат во 20-тина поголеми села. Во некој од нив има постојано лекар, а во другите лекар доаѓа два-три пати во неделата.

На работата на лекарите и другиот медицински персонал селаните немаат никакви забелешки. Велат дека луѓето во белите мантили добро си ги извршуваат своите задачи. Меѓутоа селаните се лутат на нешто друго од работата на селските амбуланти. Се лутат затоа што во нив нема лекови и по лекови мора да се патува во градот и второ, инекциите во сабота и недела и во деновите кога во селските амбуланти нема лекар, мора пак да се примаат во градот. Со овие проблеми фајдата од работата во селските амбуланти е мала.

VI/1.-ПЈ/МЈТ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дали овие проблеми му се познати на ова министерство и што планира во натамошниот период да ги разреши.

Дали е можно во овие амбуланти да се воведе некое дежурство ?

На крајот едно прашање за министерот за стопанство, господинот Беќир Жута.

Текстилниот комбинат "Битолатекс" од Битола наскоро ќе наполни една година откако е во стечај. Што значеше овој комбинат за Битола, битолско и нашава држава не треба да се зборува. Во Битола и битолско беше комбинат во кој беа вработени околу 1300 работници, кои како така обезбедуваа некаква егзистенција за своите семејства, а за Македонија тие текстилни работници во изминатиот период сторија многу. Преку нивната најголема предилница за декоративно предено на Балканот и трикотажата, на нашава држава и носеа околу 30 милиони долари. Меѓутоа, проблемите што ги потиснаа скоро сите стопански субјекти со смената на системот, ембаргото од север и југ и изгубените пазари во бившите југословенски републики, не го заобиколија и "Битолатекс". Овој комбинат се најде под стечај, а неговите 1300 работници, наместо покрај машините, се оставени на улица или пред Заводот за вработување. Стечајот и стечајните управници во "Битолатекс" царуваат, како што реков, скоро една година и до денес немаат кажано ни збор понатаму за судбината на комбинатот и неговите работници. За неговото повторно активирање во редовно производство и враќање на битолските текстилци на старите работни места. Инаку, според наодите на Агенцијата за приватизација и Заводот за платен промет, "Битолатекс" е холдинг претпријатие и структурата на капиталот 100% е општествен досега и му припаѓа на холдинг претпријатието. Меѓутоа, овде се поставени три стечајни управници. Еден на холдинг претпријатието и по еден на предилница и трикотажа. Деновиве стечајните работници од

"Битолатекс" до сите институции во нашава држава пуштија едно отворено писмо во кое се сомневаат дека стечајната постапка на нивниот комбинат се одвива онака како што треба, или како што ре- че господинот Фаик Абди, се прават малверзации за уништување на овој комбинат, односно намалување на неговата вредност за да може некој нов газда да го купи по помали пари.

Барам одговор ова прашање усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А на другите?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таки фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Две прашања постави господинот пратеник, кој што се на еден или друг начин врзани за Министерството за финансии околу чувањето и ракувањето со девизните резерви на Република Македонија, како што е познато, тоа е компетенција на Централната, односно на Народната банка на Република Македонија. Со девизните резерви ракува Народната банка на Македонија, а исто така е познато дека Народната банка има обврска да поднесува извештај за состојбата и начинот на ракување со девизните резерви и пред Собранието на Република Македонија. Инаку, нивното чување, како што е вообичаено и во други земји е во банки кои што се големи и сигурни и фактички чувањето на нашите резерви е во рамките на 200^ најголеми банки во светот, во различни банки, со што на тој начин се разводнува и ризикот кој што

постои, сеедно што станува збор за многу големи и познати банки. Околу обврската во рамките на сал аранжманот на земјоделско -индустриските комбинати 15% од расположливиот капацитет и земјиште го понудат во процесот на приватизација на заинтересирани, индивидуални земјоделци, треба да се имаат предвид два моменти.

Првиот момент е дека ние во преговорите со господинот потпретседател Љубе Трпевски кога стана збор за ваквата обврска, објаснивме пред експертите на банката дека не треба таа толку апсолутно да се сфати и не треба по секоја цена да се оди, бидејќи целта беше и нивната филозофија беше дека на почетокот треба едноставно да се разделат сите земјоделско- индустриски комбинати и да влезат во процес на приватизација. Со распрашување ние таквиот концепт не го прифативме и издејствувавме дека тоа ќе зависи од конкретната состојба во комбинатот, конкретната економска, финансиска состојба, технолошката заокруженост и слично. Тие тоа го прифатија, а и оваа обврска до некаде е релативизирана. Бидејќи вие знаете дека има земјоделско - индустриски комбинати, кои што еден дел од расположивото земјиште едноставно не го обработуваат, заради различни причини, од кои што најчеста и најзначајна причина е послабиот бонитет на земјиштето. Во таа смисла, меѓутоа, кога ќе влезат во процес на приватизација комбинатите ќе можат тоа да го понудат и ако има интерес од страна на индивидуални земјоделски производители, тоа едноставно да биде активирано. Меѓутоа, тоа ќе се извршува паралелно кога ќе почне процесот на приватизација. Вие знаете дека дел од комбинатите сеуште се активностите врзани за проценка на вредноста на општествениот капитал и кога ќе влезат тие во процесот на приватизација и таа обврска што е во рамките на сал кредитот, ќе ја исполнуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Ревитализацијата на селските и рурални амбуланти е приоритет во реформите за здравство на Република Македонија, затоа што примарната и превентивната здравствена заштита е темелот на здравството во Република Македонија. Од тие причини ние денес, завршуваме токму денеска со анализа на опремување на 250 селски амбуланти во Република Македонија, а ни останува уште да одредиме спрема староста на популацијата и полот каква апаратура ќе набавиме. Меѓутоа, во сите нив ќе има еден ЕКГ апарат, ќе има една мала лабораторија, апарат за притисок, слушалки. Во зависност од тоа дали ќе има детска популација, ќе има и стоматолошки апарат. Дали ќе има гинеколошки стол ќе зависи од тоа која популација преовладува, меѓутоа, мислам дека најбргу до лето сите тие амбуланти ќе бидат опремени и со кадар и со опрема. Она што пред извесно време господинот Тантаров го рече дека ги опремуваме само клиниките, а не и медицинските центри, јас тогаш му одговорив дека ќе ги опремиме медицинските центри и тоа ние го реализиравме, така што и ова што сега го ветувам, ќе го извршиме многу бргу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитувани пратеници, на прашањето на пратеникот Тантаров еве веќе го имам во раката одговорот, со сите документи кои што ги следиме. Така, се работи за она што го зборуваше господин Фити, за законските норми и за тоа што тие предвидуваат после потпишувањето на

договорот меѓу Агенцијата и организацијата која што се трансформира во рок од 30 дена, да биде потпишан договор со кој што 85% од земјата ќе ја користат тие, се разбира тие кои што имаат таква намера да ја користат таа земја, за рок од 30 дена треба да го потпишат тој договор. И овие 15% на површини да бидат ослободени односно предадени на државата, кои што според овие документи и упатства, кои што и самиот Тантаров кажа дека се објавени во публикацијата "Факти на агенцијата", ги предвидуваат сите од договорот, од условите под кои може да се додели и тн., така што кога ќе дојде таа фаза, мислам дека ќе бидеме спремни со еден предуслов, кој што зборува исто така и во законот и во овие услови, тој момент површината треба да биде слободна. Инаку, ќе се применува одложно кога ќе биде површината слободна, тогаш ќе биде можно и да се додели.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров бара збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Не сум задоволен од одговорот на министерот за здравство, бидејќи јас прашав дали во селските амбуланти на цела територија на нашава држава, а не само за Битола се размислува да се воведе дежурство за ставање на инекции на луѓето и дали во тие селски амбуланти ќе почне да се даваат лекови. Не луѓето да одат во градот. Реков дека со тоа фајдето од работата на тие амбуланти е мало.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Анализата која сега се прави во врска со опремувањето на селските амбуланти, треба да покаже во која амбуланта ќе има дежурства, во која амбуланта ќе има патронажа, во која амбуланта ќе има редовно работење. Затоа што, на пример, за општина Битола, не ме фаќајте за збор, мислам дека околу 14 селски амбуланти ќе се опремат. Меѓутоа, има село со 200 жители и има село со 2000 жители. Па, дадена е задача на директорите на медицинските центри да ги лоцираат местата каде ќе има дежурство, каде ќе има редовна работа. Од нивните согледувања тоа прашање ќе се реши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Малиќ.

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри!

Прашањето го поставувам до Министерството за образование и физичка култура. По завршувањето на зимскиот семестар во учебната година 96/97 студентите албанци од Педагошкиот факултет "Свети Климент Охридски" при Универзитетот во Скопје, побарале да им биде заверен семестарот, со оглед на тоа што редовно посетувале настава по предметите по кои биле обезбедени со наставници на албанци јазик Од деканска управа биле одбиени, без укажување, каде да се обратат за да го остварат своето право. Студентите самоиницијативно се обратиле до Министерството за образование и физичка култура, при што им беше одговорено дека семестарот треба да им биде заверен.

Прашувам, колку време е потребно да се реши проблемот за заверка на семестарот на студентите албанци при Педагошкиот факултет.

Кој орган, според Статутот на Факултетот е надлежен да донесе

одлука, по барање на студентите, со оглед на фактот дека ставот 3 од членот 114 на Статутот на Факултетот укажува дека годината ја заверува деканот на Факултетот, или по негово овластување продеканот за настава. Согласно одредбите на Статутот надлежноста за заверка на семестарот е јасно определена. Прашувам, до кога деканот на Факултетот, д-р Никола Петров ќе ги попречува студентите во остварувањето на нивните права во врска со заверка на семестарот. И на крајот што презело Министерството за образование и физичка култура во решавањето на проблемот за заверка на семестарот на овие студенти и за самоволното однесување на деканот?

Второ прашање до министерот за внатрешни работи.

Граѓаните на Република Македонија, посебно оние кои привремено работат и престојуваат во странство, на пример, Швајцарија, Германија, Франција, Холандија, Белгија и тн. се судруваат со еден од најтешките и најнерешливите, би рекол, животни проблеми, а тоа е неможноста да се стекнат со државјанство на Република Македонија кој претставува услов за добивање на лични документи, лична карта, патна исправа, а дел од нив не им се дозволува да влезат, кога се враќаат да ги посетат нивните семејства. Се разбира, ова од пограничните органи, дали тоа се работи на аеродром или на други погранични влезови во нашата држава.

Собранието на Педесеттата седница го усвои заклучокот за надминување на овие проблеми и тоа, Владата на Република Македонија да преземе потребни мерки за поголема ажурност и поефикасно завршување на постапките за стекнување со право на државјанство. Посебно за граѓаните на Република Македонија, кои привремено живеат и работат во странство, а сеуште го немаат регулирано државјанството. Да им се овозможи при нивното враќање во земјата да го регулираат нивниот статус, државјанството. Наместо

работите околу стекнување со право на државјанство да се решаваат, тие напротив уште повеќе се проблематизираат.

Прашувам, ако Владата на Република Македонија, согласно член 91 став 1 од Уставот на Република Македонија ја утврдува политиката и други прописи на Собранието, зошто истото не го спроведува за горенаведениот заклучок донесен во ова Собрание во врска со надминување и решавање на барањето за стекнување со право на државјанство на РМ. За двете прашања барам усмен одговор.

Едно прашање до Министерството за здравство. Според податоците со кои располага Здравствениот дом Скопје, компактните ридско планински села Дејковец, Добрино и Тисовица, села кои датираат кон селото Гумалево, општина Зелениково, со некои нормативи не им се предвидува изградба на амбуланта. Во село Гумалево, како село што ги собира сите овие села што ги наведов погоре. Во истото село би ги користеле здравствените услуги сите овие села, кои се оддалечени повеќе од 15км од најблиската здравствена амбуланта. На жалост, во иста состојба се наоѓа и село Црн Врв во општина Студеничани, најблиска амбуланта е оддалечена повеќе од 20км, а селото брои повеќе од 1200 жители.

Прашање до Министерството за здравство. Кога ќе се преземат конкретни чекори за изградба на здравствени амбуланти во горенаведените села, во општина Зелениково и општина Студеничани.

Овие одговори барам да ми се дадат во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Во врска со проблемот на заверка на семестар на студентите албанци на Педагошкиот факултет кои не ја следа наставата во првиот семестар. Нивно бараше беше да се завери семестарот и одлука на наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет беше семестарот да се заведе преку прибирање на потписи од одделните наставници. Имаше реакција од студентите, која беше упатена во форма на писмено барање да се изврши увид до Министерството за образование. Министерството за образование изврши инспекциски увид на Факултетот, при што е констатирана повреда на постапката на донесување на оваа одлука. Имено, според нивниот статут, статутот на оваа високообразвона институција, толкување околу членовите на статутот, конкретно и на оние кои се однесуваат за заверка на семестар, дава наставно-научниот совет, а одлука односно решение изготвува деканот. Беше согледано дека таа постапка не е почитувана и беше даден на- лог од страна на инспекторот од Министерството за образование таа постапка да се почитува и јас очекувам дека таква одлука ќе биде донесена во вид на толкување од наставно - научниот совет, а одлука за начинот на заверка на семестарот од страна на деканот.

Постојат две можности кои се предвидени во статутот. Една можност како административна заверка, друга можност преку при. бирање на потписи. Со прибирање на потписи состојбата е јасна. Се разбира, потпис може да добие оној што ја следел наставата и оттаму е барањето на студентите албанци, семестарот да се заведе административно. Меѓутоа, во членот кој ја третира оваа проблематика наведени се причините кога може да следи административна заверка, меѓу кои не е спомената и ваква ситуација. Но, сто посто изборот и други случаи и во таа смисла треба да даде толкување наставно- научниот совет.

VII/1.-РД/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За второто прашање на г-динот Чокревски му требаше консултација.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ова прашање го поставувам по втор пат и необично ми е на оваа говорница исто да го поставам, заради тоа што немам од ресорното министерство добиен одговор. Одговорот уште на почетокот го побара] да ми се даде по писмен пат, а и ова прашање го барам по писмен пат да ми се одговори.

Прашањето се однесува за г-динот Абдул Џемил Алимани од село Боговиње , тоа е село до Тетово. Тој е осуден во Нишкиот Воен суд на 20 години затвор, па потоа е преиначена казната на 15 години затвор, наводно како учесник во немирите случени во општината Параќин За тој настан што до септември 1987 година случајот Алимани секогаш е и во гласилата како таков е назначен. Тој сеуште се наоѓа на издржување на казна во Нишкиот затвор. Обвинението го товареше за помагање на убиство од непријателски побуди.

Според Кривичниот закон на СФРЈ , тогаш истиот закон важеше, до 13 октомври 1996 година и во Република Македонија. Тоа пратеничко прашање јас го поставив во почетокот на октомври месец , за кое немам сеуште од Владата и од Ресорното министерство одговор. Абдул Џеми Алимани е Македонски државјанин,;'лежи во затвор во една друга земја, за наводно дело сторено во држава која е денеска и не постои. Алимани девет ипол години лежи во Нишкиот затвор, а Владата на Република Македонија досега ниту еден обид не направила за негова екстра- диција. Барам повторно по писмен пат да ми се одговори, која е можнос-

за негова екстрадиција во Република Македонија. Тој е наш граѓанин, наш државјанин, наш регрут од Република Македонија. Одговорот го бара! да ми се даде по писмен пат.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, господа министри, само едно прашање до г-динот министер по земјоделие.

Започнува новата сезона за тутунопроизводството. Тутунопроизводителите од Прилеп ги интересира дали постои каква и да била можност и кога би се извршила таа можност доколку постои за исплаќање разлика помеѓу откупната и заштитната цена на тутунот оваа година, иако мислам дека не постои разлика, но дали годинава се планира да се исплати така наречена популарна премија на тутунопроизводителите, за да знаат тутунопроизводителите за минатата сезона дали ќе добијат некои пари во вид на премија или нема да добијат.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Веднаш на почетокот да расчистиме, не се работи за никаква премија, туку се работи обврската која произлегува од тоа што за тутунот имаме донесено минимална гарантирана цена и во ситуација кога таа цена не се постигнува се врши доплата на откупениот тутун. Мислам дека е на радост и на производителите што оваа година имаме за прв пат после подолги години состојба пропишаната минимална цена да е над- мината, односно таа беше 82 денари, 73 денари е цената која што е како минимална определена и разликата изнесува 12,3% од 73 до 82 денари. Оваа година е надмината пропишаната минимална цена и практично таа обврска на државата не постои. Така да нема да се исплатува. Нашите информации се такви.

VII/3.-

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Првото прашање би го упатил до министерот за стопанство. Во втората половина на 1996 година , односно крајот на жетвата на оризот, во Република Македонија се увезоа од странство поголеми количини на ориз. До овој момент не е познато кој беа увозници , па оттаму и во печатот излегоа доста шпекулации , околу можните увозници на ориз во Република Македонија од една страна, а од друга страна немаме информации и ние како пратеници и јавноста дали за овој увезен ориз се платени царинските давачки и прелевманите.

Оттука, прашувам? Кој фирми беа увознички на ориз во Република Македонија , кој се појавил на пазарот и кој беше корисникот на тој ориз?

Второто прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Здравствената состојба на шумите во Република Македонија е повеќе од алармантна. Јас и минатата година побарав информација Министерството за земјоделие да изготви за здравствената состојба на шумите. Информацијата во јули месец беше доставена на Комисијата меѓутоа за мое разочарување не се најде време, термин, оваа информација да биде разгледана на една од седниците на Собранието на Република Македонија. Дотолку повеќе што и во самата информација стоеја едни алармантни бројки дека моментално конкретно и од боров штетник има заразено некаде околу 20 илјади хектари. Тоа стои во информацијата изготвена за нападот на површините конкретно од боров четник, а интензитетот на оштетување е проценет на 90%. Прашувам: Што уште треба да се случи со шумите во Република Македонија,

Министерството за земјоделие да превземе соодветни заштитни мерки за решавање на овој проблем.

Во оваа Информација се укажува за следењето на состојбата, за превземени мерки, меѓутоа, јас лично знам, бидејќи често сум ги посетувал пумите од стручен аспект, не е ништо превземено во текот на 1996 година, од причина што немало пари. Морам да укажам дека голем дел од шумите кои што се и туристички места и тие се прилично оштетени и од година во година сушењето, пропаѓањето на шумите е се поголемо. Од тие причини, мислам дека Министерството за земјоделие треба да го согледа навистина овој проблем и да најде можности, бидејќи има соодветното министерство, да превземе мерки. И двете прашања ако може усмено да ми се одговорат.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Како што и самиот пратеник потенцира,прашањето беше поставено и минатата година, беше изготвена таква информација и во оваа прилика само би сакал да кажам дека во Буџетот, во Програмата за заштита на шумите, шумата која што ја имавме минатата година 1996 година е удвоена, со нагласок дека за здравјето на шумите ќе се употреби поголемиот дел од овие средства. Не сакам никако да прозвучи како опра дување, но во секој случај имаме и состојби на немарно однесување, имаме состојби на тешка пристапност до објектите, до самите шуми, не- изградено доволно патна мрежа, но ова што го реков околу удвојувањето на средствата, значи и користење на одредена авијација , ако може да ги надлета тие терени и во секој случај степенот на заштитата на шуми- те да го зголемиме во однос на тоа што денеска е нашето сознание.

VII/5.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во сферата на економските односи со странство заклучно со 31.12.1996 година и покрај тоа што важеше висок степен на либерализација и за увозната и за извозната страна, сепак тој висок степен беше некаде цирка околу 97% и на увозната и на извозната страна, што значи дека имаше простор од три процентни поени кој не беше на слободен увоз, односно слободен извоз. Од тие причини според постојната регулатива Владата на Република Македонија беше овластена на предлог на Министерството за надворешни работи, нејзиниот економски дел да утврдува контингенти, заклучно со 31.12. 1996 година. Во тие контингенти кои се објавени во "Службен весник на Република Македонија" нема да најдете ориз, затоа што тој е со нула забележан, нема да најдете одлука на Владата со која е допуштен увоз на ориз. Јас говорам за она што е овластување на Владата, а не говорам за она што може да се случи на пазар со недопуштени средства на сопствен ризик. Од 1.о1.1997 година режимот се менува и на увозната и на извозната страна некаде околу 100% е режимот слободен увоз, слободен извоз со исклучок кај нафтените деривати и кај одредени земјоделски производи кои без мислење на надлежните министерства во случајот кај нафтените деривати, Министерството за стопанство, а кај земјоделските производи Министерството за земјоделие, без согласност на тоа министерство не може никој да внесува ни една количина. Меѓутоа, исто така Вие сте сведоци на една фактичка ситуација затоа што некаде во август 19 96 година овој Парламент го изгласа Законот за тарифите, кој стапи на сила околу 15 август 1996 година и ако се сеќавате тогаш за 310 земјоделски производи , или продукти кои го имаат потеклото земјоделски производи е утврдена царина меѓутоа е дозволен и прелевман, како заштита на земјоделското производство кое може

заедно со царината да чини до 80%. Владата користејќи го тој институт за сите актуелни производи во сферата на земјоделското производство утврди прелевмани кои одат како ниво до 80% од она што е утврдено со Законот за царините. На тој начин е искористена до максимум мерката за заштита на сопственото производство од увоз на земјоделски производи кои би можеле да имаат негативни последици. Се разбира, тие можат да бидат и сезонски, во тој случај и прелевманите сезонски се утврдуваат, пред да почне сезоната и при крајот на сезоната, а и траење како што имаме во текот на целата година, во зависност од карактерот на производот.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Се разбиао кругло па на ќоше. Добар одговор, меѓутоа јас прашав кој фирми, но не успеав да добијам одговор. Јас само едно сакам да укажам на министерот, потоа ќе поставам едно дополнително прашање. Крајот на 1996 година оризот е увезуван непосредно пред Нова Година преку граничниот премин Богородица. Сите производи од растително потекло задолжително треба да бидат прегледани од царина, пред влегувањето во РМ и заштитарот задолжен таму треба да даде и фитопатолошко уверение. При увозот на оризот фитопатологот не е никогаш повикуван да го прегледа оризот, да ја види неговата здравствена состојба, е избегната таа страна, единствено е вршено само царински преглед. Голем дел од камионите не се оцаринети, при инсистирање на еден царински работник еден од камионите да биде отворен , по долго препирање, натегање, сепак камионот е отворен и за малку да не загине шоферот зашто голем дел од вреќите паднале на царинската линија. Што значи не успеале да ја сокријат работата ориз влегува и е внесен во Република Македонија.

Бидејќи министерот за стопанство не можеше да ме убеди веројатно не располага со податоци кој е увозникот и корисникот на оризот во Република Македонија, јас ќе поставам едно дополнително прашање до царина, до управата за царина преку Министерството за финансии се обраќам со молба за овој проблем да биде изготвена информации написмено да се достави до мене и Парламентот, за кои фирми има увезено ориз, која е количината и дали се платени сите царини и царински давачки за увоз на оризот. Ова ми е дополнително прашање и барам за ова да бидам писмено известен.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа министри, почитувани пратеници, како пратеник од Скопје си дозволувам да го поставам следното прашање. Што станува со реконструкцијата на Камениот мост во Скопје и кои се причините за ваквото задоцнување. Ако постојат причини дали се тоа од објективен или од субјективен карактер или нешто трето е во прашање. барам да ми се одговори во писмена форма.

VIII/1.-ЈМ-ВБ

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Прашање до Владата, дали се подготвуваат законите за користеше на земјиште и за сопственост на земјиште, мислам два исклучително важни закони во спроведување на реформите.

Второ прашање и кога би влегол во собраниска процедура доколку може да се каже.

Друго прашање, дали се подготвува новиот закон за стечај од кој што со право се очекува поекономично, побрзо и поефикасно извршување на постапката како и обесштетување на доверителите, работниците и фондовите на државата, а на некој начин би се дала можност и на судовите како самостојни и независни, велам доколку се даде можност да го зачуваат здравиот дел на претпријатијата и навреме да се обесштетат доверителите, работниците и фондовите.

Третото прашање до Министерството за финансии. Во Законот за данок на имот делот што ја регулира материјата на данок на наследство и подарок наследникот, примателот на подарок од прв наследен ред е ослободен. Државата преку Републичкиот буџет издвојува големи финансиски средства за одделни корисници како физички лица исполнувајќи ги лицето условите со примање на паричен надоместок да не ги набројуваме кои се тие, меѓутоа мислам дека тоа се големи средства што државата ги издвојува по тој основ. Прашањето ми е дали се размислува за тие корисници како наследници или приматели од прв наследен ред, а се случува да наследуваат, или примаат на подарок и по неколку стотици илјади марки да регулативата во смисла на плаќање на данок на наследство или подарок се воведе за тие корисници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе се даде во писмена форма.

Г-дин Чокревски во врска со прашањата на г-дин Маљичи.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мора да потврдам некои податоци кои што не сакав од глава да ги кажувам. Прашањето во врска со државјанствата и со нагласокот дека не се решаваат проблемите на луѓето кои што се во странство на времена работа. Сакам да ги изнесам следните податоци.

Прво, Република Македонија има еден доста би рекол строг прецизен закон за државјанството. Тој се спроведува овие неколку години и според податоците кои ги имаме како резултат на тој закон според оценките на разни меѓународни организации кои што ја пратат оваа проблематика во сите овие земји што настанаа со распаѓање на поголеми држави и сл. во Република Македонија решавањето на државјанството е многу позитивно оценето. Не е точно и не можам да прифатам како министер за внатрешни работи во чиј ресор спаѓа и оваа служба дека проблемот со државјанството е прашање на изразување на лична желба, или став на определени службеници, или на определена политика што Министерството, или Владата ја води. Во најголем број случаи државјанствата се разрешуваат по строгите критериуми на законот каде што никој не може ниту да додаде, ниту да одземе. Во таа смисла кажувам деак досега од донесувањето на законот до денес поднесени се 118 илјади и 508 барања за решавање на државјанскиот статус. Од тоа решени се позитивно 113.007 решенија. Остануваат 5.501 решение кое не се завршени од кои има еден дел 521 одбиени директно кои што заради разни критериуми не го имаат исполнето барањето 15 години континуирано да живееле на оваа територија. Другите се или во процедура, или во тек, или одат на второстепено решавање. Тоа е една

бројка која што од сите овие големи цифри ги повторувам 118.000 барања, 113 позитивно решени, 5.000 се во процедура. Ако од овие бројки некој извлекува заклучок дека некој не го решава проблемот со државјанството, тоа не знам, тоа е негова слободна оценка. Тврдам дека најсериозно и најобјективно се разрешуваат овие прашања околу државјанството.

Втор проблем кој што произлегува од ова прашање за кое еднаш расправавме, сите наши граѓани условно кажано граѓани кои не го имаат регулирано статусот на државјанството, се наоѓаат во странство, имаат тешкотии за патување можат да се обратат во нашите претставништва, или нашите амбасади, конзулати за да добијат патен лист со кој што ќе можат да патуваат до нашата земја и тука да се обратат да го регулираат својот статус. На тој начин ние обезбедивме луѓето да можат да циркулираат, да дојдат да си го решат статусот. Меѓутоа, тоа не значи дека секое барање, секое доаѓање значи и добивање на државјанство

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Овие податоци што ги изнесе министерот точно е дека се податоци што се за охрабрување и пофалба, но оваа бројка од 5.501 не е мала бројка бидејќи во тие барања сигурно се повеќе, по пет члена или шест во исто барање. И тука излегува една бројка со нерешени барања повеќе од 15.000 граѓани на нашата земја.

Во однос на член 7, мислам точка 2, привремено кои престојуваат и работат во странство нашите органи, односно од Министерството за внатрешни работи им бараат аргументи и потврда дека се вработени и живеат во странство. И таа потврда за нивен привремен престој во Германија, Швајцарија, или во некоја друга западна земја на органите на Министерството за внатрешни работи им служи како аргумент да им одговорат негативно дека имаат прекин на престој во Македонија.

Сепак тие се привремено вработени во странство и континуирано живеат во Македонија и никогаш немале прекин на живеењето во нивните места од каде што се отидени во странство. Сега тука се создава еден голем проблем со овие луѓе посебно кои се во Германија. А што се однесува колку тие можат да ги добијат тие влезни листи за да доаѓаат во земјата тоа е многу тешко бидејќи во почеток амбасадите и конзуларните претставништва наши ја имале таа задача, или овластување, а сега ја немаа

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Јас сакам да подвлечам уште една работа, односно да подвлечам една мисла што ја кажав пред малку. Добивањето на државјанство се одвива врз основа на Законот аз државјанство. Во него има пропишана процедура. Ако службата на Министерството за внатрешни работи која е одговорна за ова потврдите за времен престој, или работа во странство ги зема како прекин на живеењето на жителите кои бараат државјанство постои второстепена комисија во Владата која на база на барање на жалба треба надвор до Министерството да ги реши овие прашања. Ако е тоа исправно значи МВР прави грешка, или води една рестриктивна политика спрема овие луѓе Комисијата на Владата може тоа да го исправа доколку така оцени. Доколку оцени исто како и МВР постои следната процедура. Тоа е обраќање до Врховниот суд каде што ова прашање се решава и кое е како решение задолжително за МВР. Зошто го зборувам ова? Не може Министерството да води некоја глобална политика вака, или онака, ниту друг некој орган. Се работи за точно законски критериуми кои што на еден одреден начин се применуваат. Ако не се применуваат на тој добар начин како мислат странките постои второстепена комисија, постои суд и само во таа процедура можеме да ги решаваме прашањата, а не со градење на некој ваков,или онаков став спрема некоја група од населението и сл. Тоа сакав да објаснам. Според

тоа, немојте да упатувате до Министерството барања за кои што тоа не може да одговори, или не е во негова надлежност.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Јас прашањето го поставив за граѓаните кои ги исполнуваат условите предвидени со Законот за државјанство на Република Македонија донесен од ова Собрание. И апсолутно мене ми е јасно дека оние кои не ги исполнуваат условите се на листата на чекање се додека не ги исполнат условите. Имаме огромна бројка што е во процедура од 5.00 0 и по нивните жалби е јасно дека во континуитет немаат прекинато живеење или престој во Република Македонија. Само затоа беше поставено прашање, уште еднаш повторувам за оние граѓани кои ги исполнуваат условите да се здобијат со државјанство на Република Македонија.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата, пред се дозволете ми да им изразам благодарност на некои личности кои помагаа за деблокирање на отсечените села заради големиот снег на Скопска Црна Гора пред се министерот за сообраќај г.динот Бузлевски, Министерството за одбрана, Црвениот крст на Република Македонија посебно одделението Чаир, УНПРЕДЕП и други лица што беа ангажирани да му помогнат на ова население.

Јас тука излегов со едно кратко: прашање за двајца министри, до министерот за надворешни работи и министерот за правда. Материјалите ќе ви ги дадам но, пред тоа да образложам нешто.

Во последно време особено по заокружувањето на локалните избори се повторува една појава кога полицијата во Тетово, Гостивар и Куманово сега имам сознание дека и во Струга, но материјали немам,

за тоа нема да зборувам на перфирден начин преку таканаречени аплицира недозволена и нечовечка бруталност врз неколкумина Албанци граѓани на Република Македонија, но и активисти на една одредена партија. Зборот бруталност го употребив намерно бидејќи верувам дека со горе наведените примери и случувања потполно ќе го поткрепам и лингвистички и лексички и семантички, а за жал семантиката на овие појави не е ништо друго но повампирување на некои темни сили во Република Македонија кои по којзнае кој пат со разни методи сакаат да внесат немир меѓу граѓаните, да ги продлабочат и така веќе заладените меѓуетнички односи, а со апликација на силата да ја претставуваат Македонија како полициска наместо демократска држава. Зошто некој тврдоглаво и перманентно вложуваат напори непромислени за да ја прикажуваат лажно, или благоречено нереално состојбата во Македонија божем секаква закана за мирот доаѓа од Албанците и само од Албанците. Па затоа Македонската полиција треба да ги пречекорува сите овластувања и да прогласува и да создава вештачки непријатели за да може да ги затвори, да ги тепа, да ги малтретира Албанците, а за жал сме имале случаи и на убивања без да се образложи, или некој да одговара за тоа до ден денеска. Јас тука ќе ги наведам само четири накратко изјави од 15 изјави што ги имам тука. Нема да употребувам имиња ниту на тепаните ниту на тепачите. Граѓанинот А.И. роден 1978 година во Тетово значи 18 годишен или 19 годишен ученик враќајќи се од гимназијата каде учи бил препаднат врзан со лисици и донесен во полициска станица во Скопје. Зошто во Скопје? Освен физичко мачење и малтретирање од страна на инспекторот, или на инспектори на МВР му била ставена цевката на револверот во уста со инсценирано движење на прстот кобајаги ќе го утепа и замислете ја ве молам оваа морбидна слика врз еден млад човек, ученик, 18 годишен.

VIII/7.-

Граѓанинот Б.А од Тетово вработен во Партијата бил приведен од четворица инспектори и донесен во полициската станица во Автокоманда Пак се прашувам зошто тетовчанец во Скопје каде бил врзан со лисици за радијатор, а притоа бил физички малтретиран со удари до гумена палка по стапалата.

Третиот случај со граѓанинот В.И. од Тетово е исто така една нечиста полициска игра бидејќи граѓанинот бил повикан телефонски да се јави во полициската станица заради некоја си грешка во неговата лична карта во врска со неговото презиме. Кога стигнал во МВР Тетово бил задржан четири часа. Од страна на еден инспектор кој му се заканувал дека доколку тие сакале можат да го ликвидираат, а притоа да се каже дека тоа била некоја сообраќајна несреќа.

И последниот,овој случај што ќе го споменам тука пак е поткрепа на употребениот збор малтретирање. Се приведува граѓанин на Тетово И.Ш. кој е и советник во Советот на општина Тетово и тоа од просториите на Министерството за одбрана каде бил повикан кобајаги за регрутирање. Откако му биле врзани рацете и ставен му е повез на очите, бил одведен во просториите на МВР во Гостивар каде му се става уште еден реквизит вреќа врз главата, а со лисиците врзан за друг предмет во мрачна просторија и по сите овие доживувања му е речен дека ќе го фрлат од прозор со образложение дека се самоубил.

**САМИ ИБРАИМИ**: (Продолжение)

Овие се за министерот за внатрешни работи.

Сега се прашувам, ова е за министерот за правда, и во текот на сите овие процедури инспекторите од МВР при преземањето на дејствијата околу приведувањето на граѓаните не се презентирани како такви. За приведувањето на граѓаните МВР немал судски налог односно таков налог никогаш не бил презентиран и покрај околноста дека иститe тоа го имаат побарано при нивното приведување. На приведените граѓани не им е дозволено да ангажираат бранители во предкривичната постапка и покрај тоа што тоа било побарано. На приведените граѓани при нивниот престој во просториите на МВР била употребена физичка сила, малтретирани и мачени преку глад и недозволување да спијат. Гледано од друг агол со ваквите дејствија се доведуваат во прашање основните слободи и права на човекот, граѓанинот на Република Македонија и тоа како појава, а таа е загрижувачка уште повеќе кога се работи за селективно делување на МВР преку дејствување само на одредени припадници во конкретниот случај албанци и тоа членови на одредена партија. За да извршната власт - МВР може да ја ограничува слободата на граѓанинот преку неговото приведување фактички извршната власт ја преземе компетенцијата на судската во доменот на граѓанските и политичките слободи и права преку игнорирање на сите уставни и законски гарантирани права.

За луѓето кои се бават со теоријата на политиката и правниот систем, преземањето на едната од поделените државни власти компетенциите на другата претставува молчлив политички пуч кој на прв поглед изгледа како наводен заштитник на Уставот или на уставниот поредок, а потоа да прерасне на негов екстремен рушител и

инсталираше на власт која се нарекува и полициска. Са завршам, стремежот на Република Македонија за да постане правна држава се покажува како Сизиф-ова работа поради фактот што ќе се појави сила која таа ја враќа од појдовната точка преку непочитување на сопствените закони. Токму овие сили јас ги нарекувам темни сили.

На крај, пред да го поставам прашашето ова се силни аргументи дека на Македонија сеуште и треба една госпоѓа Елизабет Рен или некои ренови или други реновци, која со својата објективност ги убедува Обединетите Нации за една реалност во една мултиетничка, мултилингвистичка, мултирелигиозна држава каде не се почитуваат човековите права и слободи во иста мера и ист квалитет за сите граѓани. До кога албанецот или другиот немакедонец ќе се плаши од полицаецот? Кога ќе достигнеме ниво, па ќе го видиме полицаецот да ја почитуваме униформата, а не кој е во униформата. Ако е македонец јас ќе се сомневам дека ќе ме казни или ќе направи нешто, ако е албанец можеби ќе ме пушти, тоа се зборува во народот, па дајте сите заеднички навистина да ја респектираме таа униформа и никогаш да не се сомневаме кој е во неа, но да знаеме дека тоа е законот на Република Македонија и спрема тој да се однесуваме.

На крај прашање до МВР и Министерството за правда зошто се приведени и малтретирани граѓани од една националност и членови или симпатизери на само една политичка и парламентарна партија.

Барам писмен одговор и тоа поединечно за сите 15 случаеви од Тетово, Гостивар и Куманово, а за Струга немам затоа не можам да зборувам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот Чокревски.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пратени- кот ќе добие писмен одговор за сите случаеви што се бараат доколку ги има. Сакам нешто да кажам.

Седев тука, го слушав господинот пратеник и да имаше некаде место под клупата ќе се сокриев под клупата. Се она што го кажа ниту одговара на моите определувања ниту на определувањето на Министерството за внатрешни работи. Тоа јавно го искажувам и сите случаеви ќе бидат испитани. Меѓутоа, да не си сега дозволите, не сум човек кој премолчува, да не се крие зад ова пледоаје на господинот пратеник една јасна утврдена идеологија која сака да ни биде наметната овде и функционирањето на органите кое треба да биде такво како што кажа да биде пак во функција на таа идеологија. Нешто ми мириса така. Јас тука пред сите вас давам збор дека ќе бидат испитани сите случаеви. Меѓутоа, МВР се наоѓа во многу тешка положба во смисла на тоа дека од сите страни од него се бараат многу противречни работи. Едни викаат дали имаме држава, дали имаме власт да ги спречи антидржавните и спротивните на Уставот и законите акции што јавно, манифестно ги покажуваат некои, а тоа ги покажуваат одредени политички структури почнувајќи од тоа што се крши уставот и законот со истакнувањето на знамињата, со пукањето, со заканите што се дадени на овие терени каде се спомнуваат случаевите. Ние имаме податоци за одредени изгредници кои правеле таква работа. Органите ги бараат, ги бркаат. Доколку оваа процедура има навистина малтретирања и вршење на вакви активности ќе бидат преземени мерки, но сакам да кажам и друго. Ваквите работи не можат да се решаваат со парламентарни прашања и со генерално напаѓање на политиката. Господине пратеник имаме закони, овие личности имаат адвокати,покренете постапка, доколку се покаже дека

е навистина вака ќе бидат преземени сите законски мерки против тие што го кршеле законот, но нема да има попуст спрема сите оние кои го кршеле претходно законот, па затоа се собрани или се испитувани. Тоа би бил мојот одговор, а конкретно за случаевите ќе добиете писмен одговор.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Имате дополнителни прашања, инаку не отвораме расправа. Има дополнително прашање пратеникот Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Господине министре јас не ве обвинувам вас, реков некои темни сили, тоа сум го употребувал и пред две години тука, дајте
заеднички да се најдат токму тие темни сили кои се, не е ова никаква идеологија, се ова што го изнесов тука е спрема овие 15 изјави на тие што трпеле.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ**: (Од место)

Ако не се точни господине?

**САМИ ИБРАИМИ:**

Е,па тоа ако не се точни ќе бидат неточни затоа јас поставив прашање ако треба да бидат тајни да не се прашуваат такви работи, кажете ние ќе молчиме, ако треба.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот за правда господинот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, практично до Министерството за правда немаше вистинско прашање бидејќи она што беше упатено не е од надлежноста на Министерството за правда, беше упатено прашање Министерството за правда да одговори зошто постојано се приведуваат

лица само од една националност и во рамките на таа националност само од една партија. Тоа не е прашање до Министерството за правда бидејќи Министерството за правда нема никакви надлежности во областа на приведувањето во целина на кои и да се лица.

Меѓутоа, би сакал кратко да прокоментирам дека господинот пратеник фактични се служи со метод на прво, генерализација на поедини случаи под претпоставка да се точни.

Второ, на замена на тези, бидејќи изнесува определени наводи кои ги поставува како неспорни, како аксиоми, како да морале тие да се навистина случени токму така како што ги изнесува и на таа база изведува генерални заклучоци и до степен на оцена на карактерот на државата укажувајќи дека таа не е правна држава односно дека во Република Македонија правната држава е рамна на Сизиф-ова работа, дека не само што не е правна држава, туку дека никогаш не може да биде ниту правна држава. Ако се земе оваа синтагма дека не само што не е правна држава, туку никогаш не може да биде таква држава, ако се земе аргументацијата или полето на илустрацијата ќе се види едно огромно мешање на "баби и жаби".

Се почнува од случаи на некои лица кои пријавиле дека биле на односен начин, како што беше илустрирано, приведени од страна на полицијата, се укажува на наводи како на факти кои допрва треба да се докажат дека биле приведени, дека биле пренесени од едно место на друго, дека побарале адвокати не им биле дадени, дека биле малтретирани и слично и се укажува дека зад сето тоа стојат некои темни сили. Со еден општ впечаток мислам дека господинот пратеник повеќе сака да изнесе една политичка оценка општо упатена многу повеќе на јавноста во исто време веројатно упатена до некои центри на меѓународниот мониторинг а која во целина земено не може да речам да се прифати апсолутно без резерва.

Прво, сега би сакал да дадам одговор. Сигурно е дека правната држава Република Македонија како правна држава има многу конституенси и многу аргументи кои можат да се изнесат дека постојат и функционираат.

Второ, сигурно е дека и на господинот пратеник и на никој во светот не му е блиску до умот дека постои идеална правна држава која што некаде постои, функционира и во однос на која се огледа секоја друга неидеална правна дражва и дека вистинското прашање е дали во Република Македонија правниот систем, гаранциите на слободите и правата на граѓаните се уставно постулирани, законски постулирани и дали тие се почитуваат и во која мерка се почитуваат.

Поединечното кршење на слободите и правата на граѓаните постојат не само во Република Македонија, туку постојат во сите државни, веројатно и во некои држави кои господинот пратеник евентуално ги има како идеални во Германија, Франција, САД и слично. Одговорот е на прашањето колкав е тој степен на кршење на тие слободи и права, дали тој навистина се одвива по принцип на дискриминација, па тука да е неправдата плус етничка или поставена во релации на некаков протекционизам и дали има механизми на корекција на евентуално нанесување на неправда кон одреден граѓанин односно неговите права и слободи.

Од тоа становиште погледната состојбата со Република Македонија со нејзиниот правен поредок и со функционирањето на институциите можам да кажам а останува прашањето многу опширно и комплексно за други прилики можам да кажам дека Република Македонија има доволно правни инструменти во материјалните и процесните закони кои ги донесе овој Парламент, има институции во рамките на судството, на органите на кривичното гонење, а има и

механизми во исто време, па според тоа вистинското место е нарушувањето од ваков тип да биде ставено во процедура.

Министерот за внатрешни го слушнавте, јас не сум министер над некои правосудни органи со надлежност на наредување, но сум уверен дека ниту обвинителството, ниту судството ќе замижи пред евентуално постоење на таков случај кој може да биде случај А,Б,В, доколку тие навистина постојат и веројатно ако воопшто навистина постојат во конкретен случај сигурен сум дека не е резервирано такво кршење на човековите права и слободи кон албанец, веројатно ако некој во механизмот на државната власт си дозволува да се однесува така кон граѓанин на РМ веројатно се однесува кон граѓанин независно дали е тој албанец, македонец, турчин, битно е тоа да добие процедура и да се чисти државниот механизам од такви поединци и слично инаку пред да си одам само да кажам дека точно е по Законот за кривична постапка и по одлуките на Уставниот суд, а сега веќе по Законот за нашата кривична постапка не може без судски налог полицијата да приведува лица на таканаречени информативни или какви да се други разговори.

Второ, точно е дека по кривичниот законик и кривичната судска постапка дека лицето има право и во предкривичната постапка значи во доменот на надлежностите на полицијата, да ако побара, ако се изјасни да има адвокат. Се што е спротивно е против законите на Република Македонија. Се што е спротивно треба да добие процедура како случај на одреден граѓанин.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Сами Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Јас како лингвиста се потрудив да бидам јасен, да не сум демократ дека немам никаква идеологија тука, да не сум демократ и космополит, верувајте дека не би се нашол во оваа сала но јас се сметам себе си прав европјанин демократ и космополитен. Сум за правна држава и затоа се борам и затоа апелирам да не дозволиме некои сили токму оваа правна дражва да ја рушат па некој да рече дека Македонија не е правна држава туку полицијата решава се.

Го убедувам министерот за правда дека овој материјал за прв пат синоќа е направен тука е прочитан, тука ќе остане, за секогаш, Сами Ибраими ниту пишува писма ниту праќа материјали некаде мојата работа е само тука и само тука ќе делувам и ако можам, знам неколку јазика тука со вас барам сите заеднички да ги решаваме проблемите и уште еднаш ве убедувам дека во овој материјал нема никаква темна позадина само една молба или апел како да се стави крај на овие неубави работи.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Јакимовски

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Првото прашање е наменето за министерот за образование и физичка култура, а се однесува за основното образование.

Во општината Крива Паланка до минатата учебна година постоеше едно основно училиште на ниво на општината со над 3 илјади ученици. Тоа значи едно од најголемите во Републиката. Од тие причини нужно беше наложено да се изврши реорганизација, од едно да се направат три основни училишта односно покрај матичното уште две нови од кои едно е во новооснованата општина Ранковци а другото на подрачјето на општината Крива Паланка.

Од основањето наваму како проблем се јави функционирањето на овие две нови основни училишта бидејќи немаат можност да се регистрираат. Да можат да функционираат како правни субјекти , да располагаат со печат, да донесуваат одлуки и затоа мора да одат преку матичното училиште што оневозможува некои работи да ги вршат на време и регуларно. Сега се ближи крајот на учебната година кога ќе треба овие именувани ВД директори да ставаат потписи и со печат, а тоа го немаат.

Прашањето е кога ќе се извршат измени и дополнување на Законот за основно образование или на некој друг закон што ќе се овозможи реконструирање на овие училишта

Второто прашање е за министерот за сообраќај и врски, дали може да се зголеми бројот на телефонските приклучоци со овие системи што се инсталираат на подрачјето на Крива Паланка, а посебно во

ридско - планинските неразвиени подрачја, во некои од овие подрачја има предвиден мал капацитет на такви апарати. Потребите не можеме да ги задоволиме.

Како потпрашање, за Агенцијата за неразвиени подрачја, дали таа може да помогне со финансиски интервенции при инсталација на оваа опрема.

Како причина наведувам дека тоа се подрачја во кои останале стари семејства, родители, чии деца се наоѓаат во градовите, а сообраќајната врска е недоволна бидејќи се оддалечени. Од тој аспект телефонските врски ќе значат многу за овие семејства. Не само за комуникација со нивните блиски да можат да им помогнат во дадена состојба, но и заради давање можности овие подрачја што имаат одредени природни богатства да бидат активирани и да бидат валоризирани природните богатства во ридско планинските и останати подрачја.

Тука би го додал прашањето за следење на телевизиската програма. Тука има проблем. Тоа прашање и порано го поставував. Овие подрачја и други се без таква програма. Ако сакаме селото да живне, да го вратиме населението назад, треба да водиме грижа за решавање на овие прашања.

Третото прашање е до Министерството за стопанство. Во општината Крива Паланка има повеќе стопански субјекти, стопански фирми во стечајна постапка. Некои од нив се во стечајна постапка веќе 4-5 години, односно од 1993 година а некои од минатата 1995 година. Кај првата група кои неколку години се во стечајна постапка, поставувам прашање до кога овие фирми ќе бидат во стечајна постапка.

Дали има можност таа постапка да биде на некој начин решена побрзо.

Кај втората група претпријатија што отидоа под стечај неодамна, некои оваа година а некои и минатата година се јавува проблем околу

тоа што тие можеа да функционираат, она што велиме да имаат активен стечај, меѓутоа од субјективни причини, од тоа што една група вработени е незадоволна и врши блокади па ако таа биде задоволна и дојде директор кој и одговара ќе се јави друга, погоните ќе се затвораат, а потоа ќе бидат блокирани автобусите на Автотранспортното претпријатие . Тоа значи објективно можат да работат, луѓето можат да бидат активирани да земаат одредени плати, меѓутоа од вакви аспекти не се во можност да работат.

Прашањето е дали може некое од надлежните министерства или други служби од Агенцијата на овие фирми да им помогне, да им објасни, да излезе и тие работи да ги стават во план и ги решат како што треба Навистина, загрижувачка состојба со невработените во Крива Паланка- Од вкупното работоспособно население има повеќе невработени. Има семејства што зависат само од платата или од тие примања што ги имаат било социјални или други примања како паричен надоместок како стечајци. Се работи за доста голем број на семејства што се материјално и социјално загрозени а од друга страна имаме објективни можности да се работи а не се работи. Од тие причини јас апелирам и барам да се вклучат соодветните субјекти и да можеме да им помогнеме на овие фирми да излезат од овие чорсокаци.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој од Владата усмено ќе одговори?

Има збор г-ѓа Софија Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Веројатно е направен пропуст при донесување на Законот за основно и средно образование. Се сомневам дека е во прашање поинаква концепција и, едноставно е испуштена одредбата според која училиштата имаат својство на правно лице. Со тој проблем се соочивме

при формирање нови училишта затоа што старите продолжија врз основа на преодните и завршните одредби.

Беше подготвен предлог за измена на овие закони, но таа процедура подзастана затоа што се прават и некои други интервенции што се однесуваат на издавачката дејност.

Мислам дека наскоро предлогот за тие измени ќе се најде пред Владата и тие субјекти ќе можат да бидат регистрирани врз основа на Уредбата за судскиот регистар на правни лица што е веќе донесена. Иако, морам да кажам, тука постоеја различни видување со судските органи. Тие сметаа дека е доволно училиштата да бидат запишани во регистарот на Министерството, но во регистарот на Министерството се запишуваат кога ги исполнуваат условите за вршење на дејноста. За нивното јавување во правниот промет како правни субјекти, тие мора да имаат статус на правно лице. Значи, тоа набрзо ќе дојде.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Збор има Здравко Стојковски:

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Едно прашање само до г-ѓата министер, иако правото го искористив пред малку, во Средно - техничкото училиште "Орце Николов" со конкурсот од седум паралелки сега се предлагаат четири. Што е причината заради тоа што до мене имам прашање од ученици што се школуваат таму во Скопје.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Повелете министер Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Покрај промените што се иницираат со реформата на средното образование, едно од значајните прашања на што ќе треба да посветиме сериозно внимание е мрежата на училишта. На тоа се работи, тоа ќе биде еден значаен проект.

Меѓутоа, сега некои потези веќе и преку уписот во оваа учебна година, веројатно и следната ќе се повлекуваат. Во таа смисла е и училиштето "Орце Николов" кое што перспективно треба да функционира како гимназија, така како што функционираше на почетокот од формирањето на ова училиште. Другите струки, средностручни и образовни, оваа година само дел од струките, наредната година можеби тоа ќе се шири на други струки, к^е се дислоцираат во други средно-стручни училишта. Тоа е од повеќе аспекти рационален потез. Само да ја спомнам можноста за рационално користење на опремата во кабинети што е посебно значајно за профилирање на одделни струки.

Значи, не е во прашање механичко намалување туку дислоцирање на одделни струки од ова училиште од училиштето "Орце Николов".

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине потпредседателе, дами и господа пратеници, господа членови од Владата,

Ќе се потрудам да бидам што пократок бидејќи имам три прашања.

Првото прашање се однесува до Министерството на надворешни работи. Се работи за г-дин Фрчковски. Барам неодложно во најкраток можен рок да се одговори на прашањето, во која основа г-динот Фрчковски бараше да се одземе мандатот на г-ѓата Елизабет Рен и дали е тоа одлука на Владата? Ако е така, каков беше ставот на петмина министри албанци.

Второто прашање, до кога г-динот Љубомир Фрчковски со својот настап пред меѓународните фактори ќе инсистира на минимизирање на албанското прашање во РМ со разни дезинформации?

Второто прашање, по која законска основа на ректорот на Тетовскиот универзитет г-дин Фадил Сулејмани не му се даваат одземените документи од ноември 1994 година, од страна на Министерството за внатрешни работи, како што е лична карта, патната исправа. Г-динот Фадил Сулејмани како државјанин и жител на РМ моментално не поседува ниту еден од документите за идентификација.

Прашувам, дали овој акт е де од кршење на основните човекови права?

Трето прашање, со донесување на новиот Закон за територијална поделба на РМ, меѓу новоформираните општини е и општината Липково која по број на жители е најголема општина од руралните општини во државата. Да напомнам дека општината Липково е најнеразвиена општина во РМ, со многу нерешени проблеми од инфраструктурата. Цифра- та на невработување се движи до 99%.

Поставувам прашање до надлежните министерства дали планираат во наредниот период да преземат конкретни иницијативи овие проблеми со кои што се соочуваат жителите од оваа општина, како патната мрежа, како најнеопходен услов за поврзување на сите населени места со центарот, водовод, здравствена заштита и ред други работи.

За сите прашања барам писмен одговор.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Господине потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Сакам прво едно изјаснување па после да го поставам првото прашање, голем број на граѓани кои изгубиле државјанство не по своја вина, по стекнување на независност на РМ односно по донесувањето

на Уставот на РМ во 1991 година, бара од Министерството за внатрешни работи да им се признае државјанството. После долго чекање добиваат одговор им се одбива барањето за прием во државјанство во РМ, затоа што не ги исполнуваат условите од член 1 став 1 точка 7 од Законот за државјанство на РМ:

Зборот ми е за граѓани кои никогаш не биле ниту осудувани ниту под истрага, ниту казнувани дури ни за прекршок.

Прашањето е колкав е бројот на тие граѓани одбиени по членот 7 став 1 точка 7. Барам список по име и презими кои се тие граѓани кои не ги исполнуваат овие услови.

Барам писмен одговор од Министерството за внатрешни работи.

По овој повод сакам само да потсетам дека во Законот за државјанство на РМ членот 7, точката 8 вели:

"Кога се одбива граѓанинот по овој основ, неговото примање во државјанството во РМ, да не ја загрозува безбедноста и одбраната на РМ".

Последниот став во врска со ова, се дава едно образложение каде се вели "Во решението со кое се одбива барањето за стекнување државјанство на РМ со природување, според став 1 точка 7 на овој член не мора да се наведат причините според кои се раководел надлежниот државен орган при донесување на решение".

По мое мислење, до колку граѓанинот ја ризикува безбедноста и го ризикува интегритетот на државата, има правни органи, има органи што можат да преземат мерки, а не вака на овој начин. По мое мислење овој член и овој параграф е наследен од бивша Југославија.

Второ прашање, колкав е бројот на младите кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок во нашата армија а немаат стекнато државјанство на РМ и дали има законска основа за тоа тие млади луѓе да бидат испратени на отслужување на воениот рок.

X/8

Барам писмен одговор од Министерството за одбрана и барам исто така список на тие војници. Јас имам податоци дека некои граѓани се наоѓаат на отслужување на воениот рок а не се државјани на РМ:

XI/1.- ВД/ЉР

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само околу прашањето за територијалната поделба и положбата на Липково.

Сигурно е дека по извршената територијална поделба и изборите за нови општински институции претстои еден подолг период на евидентирање на проблемите од страна на самите општини и донесување на програма за нивно решавање и врзување на определени општински а и републички средства преку фондовите за недоволно развиените подрачја во решавањето на патната мрежа или патните мрежи на општините, односно водоводите во општините каде тие не се решени.

Она за што тука се решив да земам збор е фактот дека тие прашања нема кој друг да ги постави, нема кој друг да ги испланира и испрограмира за решавање, освен општините, бидејќи општината е таа институција што по Уставот и по Законот за локална самоуправа е надлежна за општинската инфраструктура, што значи нема да дојде некој друг субјект надвор од општината што ќе ги решава тие прашања или што ќе ги поттикнува преку граѓаните. Токму затоа се формирани самите општини.

Општинските институции на општината Липково се надлежни и одговорни да ја стават во план и во програма или на хартија целата проблематика поврзана со патната мрежа, со водоводите, со другите реални потреби што се во надлежност на општините и да бараат нивно решавање о сопствени средства односно од средствата на Републиката наменети за таа област. Нема да помогне доколку се праша само тука пред Собранието и до колку се добие некој договор од министерот

Надлежностите од другите области, како што се здравствените прашања односно здравствената мрежа, истата општина ќе се обрати и до Министерството за здравство односно до подрачната единица која

што е надлежна во односниот домен.

Инаку се сомневам дека најголема рурална општина е. На пример Теарце во население е веројатно поголема, по територија Маврово е поголемо од Липково.

99% невработени, во општината Липково, рурална општина. Веројатно не се мисли дека заради тоа што општината Липково стана општина дека ќе стане и индустриска или градска општина и дека вработеноста ќе биде во претпријатија од градско занимање типично. Општината Липково, како што рековте е рурална општина. Тоа се земјоделци и тука веројатно треба да се инвестираат средства во областа на земјоделците, на сточарството, во областа на занаетчиството, или во областа на другите капацитети кои што граѓаните на општина Липково како рурална општина сметаат и можат да ги остварат. Инаку веројатно не може автоматски со статусот општина да се добие паралелен степен 88 вработеност во претпријатија, јавни установи и друго, на ниво на Куманово што е градска општина, бидејќи таму со тие градски занимања различни од овие што се во областа на земјоделието. Но тоа воопшто не значи дека во Липково како рурална општина не треба да се на ангажираат инвестиции, кредити и сите други погодности за развој со еднакви шанси пазарни на тој вид на стопанство со кој се занимаваат граѓаните од Липково.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Имајќи го предвид бројот на жителите на новоформираните општини јас реков не е една од најголемите, туку најголемата општина од руралните општини, бидејќи брои некаде околу 25.000.000 жители. Ни една од руралните општини ја нема таа бројка на жители.

Меѓутоа, општина Липково има основи за да се развие. Јас од тие причини побарав нешто да инвестираат надлежните министерства, бидејќи како место во Куманово досега беше со најгусто население. Само може Полог да има погусто население. Површината на Липково не знам колкава е но знам дека селата Лојане и Ваксинце за да дојдат во с. Липково прво, треба да идат во Куманово, па од Куманово за с. Липково. Исто така и с. Никуштак кое гравитира кон Јужниот дел на општина Липково спрема Скопје.

Сега мислам дека а е неопходно да се направи во тој правец, да се инвестира во патната мрежа како најнеопходен услов за развојот на оваа новоформирана општина. Меѓутоа, имајќи предвид, јас со голема одговорност тврдам пред ова Собрание дека од 1945 година откако постои оваа Република, во состав порано на СФРЈ, а од 1991 година со прогласување на Независноста на Републиката не се инвестира во тој крај. Јас тоа го тврдам со голема одговорност. Не сакам тука да манипулирам ниту со Влада ниту со Парламентот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас би ве замолил да се држиме за Деловникот и да поставуваме дополнителни прашања, доколку овој што ги поставува не е задоволен од одговорот или евентуално да дообјасни. Затоа одиме во пошироки елаборати кој не се предвидени во вакви ситуации.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Г-дине претседателее, драги пратеници,

Првото прашање е до потпретседателот на Владата г-динот Жута.

Владата во текот на 1996 година има донесено одлука за продажба на становите во државна сопственост и во неа го регулира, за разлика од

ставовите кои беа во општествена сопственост го регулира начинот и постапката на продажба на овие станови кои во меѓувреме беа користени, а така се и како корисници наведени во оваа одлука - времени корисници, пред се од социјалната структура на граѓани.

Оваа одлука ја регулира постапката во делот на пресметувањето на вредноста на станот и начинот на продажбата, давајќи нормално право на корисниците и пред извесно време стапи во процедура една претставка преку јавните претпријатија со стопанисување со станбен и деловен простор во која што, врз основа на оваа одлука се утврдени условите за продажба и тоа 50% во готово веднаш и за 4 години исплата, односно 48 месеци за останатата исплата.

Прашањето е, дали оваа пракса на работење на јавните претпријатија е во согласност со одлуката донесена од Владата, во смисла на нерамноправност помеѓу корисниците на становите кои што како категорија општествени станови, да потсетам, имаат рок на исплата до 40 години, додека на оваа структура на население каде што има времено користење на времено користење каде што имаме и доделување на користење по социјална основа, условите се многу строги, така да кажам, во споредба со првите.

Прашањето е дали може оваа одлука нејзината примена преку јавните претпријатија да се одделни и дали Владата е спремна да ги преиспита условите за доделување односно продажба на овие станови.

Второто прашање е исто така, до потпретседателот Бекир Жута. Прашањето е:

"Дали и колку има лица технолошки вишок на кои сеуште не им се измирени придонесите, пред се на пензиско и инвалидско осигурување.

Да потсетам, со Законот децидно е утврдено, со заминување на лицата под категоријата технолошки вишок покрај надоместокот од максимум 12 плати услов е и да им се регулираат исплатите на сите заостанати придонеси и други давачки од нивниот работен статус према Државата. Конкретно, има една категорија на работници од ФЕНИМАКС - Кавадарци прогласени како технолошки вишок кој се уште имаат неизбирено 8 месеци придонеси за пензиско и инвалидско осигурување.

Третото прашање е до министерот за земјоделие г-динот Паракеов.

Дали е можно да се дозволи одобрение од министерството, а по конкретно органот на управата за водостоапснтво, доделување на правото на експлоатација на песок и чакал од коритата на водните подрачја.

да објаснам. Дозволи за стопанисување со водите издава надлежниот орган за водостопанство односно управата за водостопанство. Нив во досегашната пракса ги вршеа општинските водостопански заедници.

Со формирањето на новите општини и со донесувањето на законот за локална самоуправа, како добра во општа употреба се даде можност со закон на надлежен државен орган да им се преотстапи правото на користење на добрата во општа употреба , како што се водите и во врска со тоа стопанисувањето со водите. Се работи за одобрување со дозвола. Дали е во согласност со Законот да се додели на локална самоуправа, конкретно Росоман, вршење на стопанисувањето со водите, во делот на експлоатацијата на песок и чакал.

Следните прашања се однесува до Министерството за урбанизам

Првото прашање е кога ќе отпочне со функционирање јавното претпријатие за просторно и урбанистичко планирање, на ниво на Република, што значи во општините, бидејќи е насушна потребата од

активности на ова јавно претпријатие за изготвуваше на просторни и урбанистички планови на ниво на Република и по општини.

Следното прашање повторно е до потпретседателот Бекир Жута.

Дали Владата планира и кога, измени на Законот за работни односи во делот на регулирање на редоследот и првичноста за засновање на работен однос во јавните служби, односно организациите од општествените дејности.

Ова, ве потсетувам, беше искажано во изјавувањето на министерот за труд и социјална политика, па прашањето до Владата и реков е кога планира да изврши измени на законот за работни односи во овој дел.

Наредното прашање, поради отсуство на надлежниот министер е упатено пак до потпретседателот Бекир Жута а се однесува за надомест на градежно земјиште .

Дали Владата ќе предложи измена на Законот за просторно и урбанистичко планирање во кој ќе предвиди надоместокот за градежно земјиште што со овој Закон е утврдено како приход на општините, непосредно да се уплаќа на односните сметки, на некоја сметка од локалната самоуправа, бидејки досегашната пракса, овој приход од доделување на градежно земјиште кој е приход на општината, но при доделување на парцели се уплаќа на сметка на Републичкиот буџет а потоа по програми се врака во општините. 06јаснувањето е, се наидува на голем број проблеми во решавањето на вон проценитe предмети за паричен надоместок за експроприрано земјиште во име на РМ. Сега задолжувањата на иститe одат на товар на локалните самоуправи и тоа може да ги блокира не само комуналните, туку и вкупните сметки за редовно работење и остварување на функциите на локалната самоуправа. Додека овие средства кои се изворни средства за решавање

и на конкретно случајот за имотно правните односи при експроприрани земјишта и на републичко ниво и потоа повратно по програма која како постапка е регулирано да се врака, праксата е дека не се враќаат на општините за разрешување на овие проблеми.

Конкретно барањето е дали Владата, констатирајќи го и од моја страна сега пренесувајќи го овој проблем,, има размислување да преложи, за овој приход кој е многу важен во разрешувањето на имотно-правните и проблемите на уредување на комуналното градежно земјиште, се предвидува директно да бидат насочувани на мерките со кој работи локалната самоуправа.

**БЕКИР ЖУТА:**

Јас ќе се обидам на дел од прашањата да одговорам, бидејќи списокот беше списокот прилично широк.

Првото прашање беше оквалификуано дали не се прави неправда ако становите на пазарот се продаваат на 40 години, а овие другите станови се продаваат 50% во готово и 50 % за 4 години.

Прво, мислам дека прашањето не е тоа и квалитетот на тие станови не е тоа.

Мораме прво да знаеме дека се работи за државни станови о државна сопственост. Второ, дека се тие станови во државна сопственост управуваат јавните претпријатија кои управуваат со деловниот и станбениот простор во државна сопственост. Трето, токму социјалниот аспект беше тој затоа што во овие станови живеат како диво се вселени пред 10.20 и повеќе години, а социјално не стојат добро за да се иселат од тие станови присилно и да го решат станбеното прашање на друг начин. Оваа е солуција која на нив најмногу им одговара затоа што не постои можност да се обезбедат нови станови со нивното

иселување и да се вселат, па тие доколку имаат интерес, по делови кој значат половината да го платат во готово а другата половина да ја платат во рати во наредните четири години, и со тоа крајно да го обезбедат нивното станбено прашање. Значи токму социјалниот аспект, тој влијаеше да се носи таква одлука.

Инаку јас не знам дали имаме време и дали можам да ве убедам, ако беше спротивното, што ќе беше, кога сите тие ќе беа надвор од становите и што ќе се случеше тогаш и дали тоа ќе имаше компонента на социјална политика. По мене не.

XII/1.-ПЈ/МЛ

**БЕЌИР ЖУТА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тогаш ќе беше вулгаризиран однос на луѓето спрема одредена категорија, кои навистина се огрешија во своето време што диво се вселија во тие станови, меѓутоа, оваа нивна втора грешка нивното иселување присилно после 20, после 25 и 30 години, ќе бе уште посериозно.

Второто прашање беше во врска со работниците кои беа прогласени за технолошки вишок, веројатно, се мисли според Законот за 25-те најголеми загубари, кои го донесоа овој Парламент и стапи во сила на 17 јануари 1997 година и траеше до 31 декември 1995 година. Во тоа време и според решенијата на тој закон, обврските по основ на пензиското осигурување измирени за работниците кои со својот акт органите на управувањето ќе ги прогласат за технолошки вишок, државата ги преземаше и да се исплатат тие обврски спрема Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и како права неотуѓиви кои произлегуваат од работниот однос, додека другите права, вие многу добро знаете, дека се трансформираа во траен влог. И кај фондовите, и кај банките и кај државата и тн.

Колкав беше бројот на технолошкиот вишок го утврдија органите на управувањето кај овие 25 претпријатија. Комисијата која тогаш беше формирана за загубарите само ги проверуваше дали се пресметките реално направени и требуваше средства од исто така специјалната сметка во Министерството за финансии, да можеше да ги измирува обврските по разни основи, за отпремнина, за исплата на заостанати плати, за измиурување на обврските спрема Фондот за пензиско осигурување и тн. Дали некој не ги пресметал тие права реално, ние можеме во временска дистанца сега да поставуваме многу прашања, но тие прашања се поставуваа додека важеше законот. И тоа прашање се постави само еднаш од едно претпријатие кое констатира дека не е

правилно и од нивните служби и од проверките кои се извршени не се реално извршени пресметките, туку има уште една разлика да им се додаде и откако дополнителните проверки се извршија, се констатира дека точно е дека не е квантумот на средства правилно пресметан, но тоа беше се во периодот додека траеше примената на законот за 25-те загубари. А не по истекот после 31.XII. кога тој закон престана и да важи. Така, денеска може секој да каже и едно и друго и трето дека, дали правилно се пресметани, дали сите работници се опфатени како технолошки вишок и слично. Јас тврдам во името на Владата дека сите беа опфатени според предлозите на органите на управување на претпријатијата, проверени од страна на Комисијата за 25-те загубари, која во тоа време функционираше токму за реализација на тој закон, која беше формирана од Владата.

Трето прашан»е, дали Владата мисли да влегува во процедура со Законот за измени и дополнување на Законот за работни односи, затоа што на претходната седница министерот за труд на една од ди- лемите што еден од пратениците, го постави прашањето, дали правилата треба да важат и за органите на управата исти, како што би важеле кај другите и слично и доби одговор дека ќе важат одредбите на Законот на работни односи, а не тие одредби. Дали сака господинот пратеник да ја провери таа изјава со прашањето што го поставува. Инаку, таа не е исушена и сеуште не е доставена во Владата, а министерот надлежен за проблематиката и за Законот за работни односи, веројатно, ќе реферира во Владата, ако сегашните решенија не му го обезбедуваат тоа што го изјави пред Парламентот. Во тој случај, сигурно, не само што ќе реферира, туку и ќе предложи интервенции. Но, не и поради тоа што изјави сега дали во програмата е влезена, не е уште, уште не е добиено записникот, извештајот од таа седница. Овде ќе ме прати министерот за финансии за четвртото прашање во врска со надоместокот за градежно

земјиште. Јас знам еден принцип и знам дека тој принцип и функционира. Точно е дека беше лоциран надоместокот за користење градежно земјиште на посебна сметка во Републиката, но точно е и дека секоја општина сразмерно на внесените средства, ги враќаше назад средствата. И никогаш не се случуваше некој да внесува повеќе средства на таа сметка, а да не може да искористи односно да искористи помалку за уредување на градежното земјиште, затоа што тие средства се наменети за тоа земјиште, за уредување на тоа земјиште од каде што и произлегуваат и не можат да одат на друга страна. Оттука, може да се најде и друга целисходност, дали нема некое друго целисходно решение, наместо да се прави круг, дали може да се најде и друго целисходно решение, препуштете тоа да го оцени Министерството за финансии и Владата, дали нема целисходно решение. Инаку, јас можам да ве уверувам дека сите колку што внесле на таа заедничка сметка, толку и земале од таа заедничка сметка. Ни повеќе ни помалку, затоа што намерата не беше да им се скуси, зашто на нив им припаѓа за уредување на градежно земјиште, а и од уредувањето на градежното земјиште произлегуваат овие средства. И не можат на друг начин и за други намени некој да ги искористи, освен само за тоа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господинот Минов дополнително бараше збор.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Дополнително прашање е поназад од говорите кои беа дадени од господинот потпретседател. По последното одговарање прашањето беше дали конкретно претставникот на Владата, потпретседател Беќир Жута има убедување ако изнесената состојба како проблемска е регулирана со соодветниот закон за просторно и урбанистичко

планирање и виза ви законот за градежно земјиште, не е поцелисходно, не е попрактично, бидејќи тоа е извор на приход на општината од наплатата директно да се наменуваат средствата од надоместокот за градежно земјиште во општините, односно локалната самоуправа. Тоа е прашањето и на тоа прашање не добив одговор.

Второ, по мои сознанија не секоја општина адекватно виза ви собраните средства по основ на доделување на градежно земјиште имаат доставено програма и истите ги има вратено и конкретно тука е вториот проблем, тоа е проблемот што сега задолжувањето на општините од предметите во вонпроцесна постапка, кои што доаѓаат за решавање на паричен надоместок, кои се експропријации извршени во име на Република Македонија, а тие средства се концентрирани во меѓупростор во Републичкиот фонд, а сега се на терет на блокирање на сметките на локалната самоуправа. За тоа, по ова прашање, како дополнително барам писмен одговор, или може и веднаш.

Второ, по прашањето за измена на Законот за работни односи не јас ќе ја коментирам изјавата на министерот, туку прашањето ми е дали има такво убедување и такво расположение и планирање во Владата, бидејќи тоа е по мое сознание како пратеник, не знам ваше како претставник на Владата, дека тоа е едно големо, суштинско очекување, на голем број на структури на граѓанство кое чека вработување во општествените дејности. Тоа е да или не. Ако ова вие што го одговоривте, извештај се чекало и тн., тоа не е одговор на прашањето, туку бидејќи и од ова не сум задоволен како одговор и за тоа дополнително барам за истото да се одговори вака како дополнително што го поставив.

Враќајќи се назад, вториот одговор што го дадовте мислам дека технолошкиот вишок, покрај во Законот за 25-те загубари регулиран и во Законот за работни односи и таму истата одредба стои за со престанокот

на работниот однос, поради структурални, економски и тн. односи, ова што го викаме технолошки вишок, прекинувањето на работниот однос е со задоволување на едно од правата и со регулирање на придонесите на пензиски стаж. Така што не е ослободена надлежноста на државните органи, па нека биде тоа и на трудова инспекција, нека биде тоа и на пазарна инспекција и не знам кој, и на финансиска, за неспроведување на тој дел од законот во однос на задоволување на тие права на таа структура на граѓани за нерегулиран пензиски стаж.

По однос на првото прашање мислам дека е многу поважно тоа да се од Владата одговори, не да се објаснува одлуката или да се дава споредба со Законот за продажба на општествени станови, туку мислам дека во овој сега стандард на живеење и гледајќи ја таа структура на корисници, па нека биде и само за таа структура на корисници кои се социјално загрозени од нерешеност на станбеното прашање, оти таму има во одлуките и за пратеници, има и за членови на Влада, таа се однесува и за тие, туку зборот ми е за овие што се по социјална димензија и нека биде по основ на нерешено станбено прашање, во ред е одлуката. Туку дали оваа пракса на услови на доделување, дали е тоа адекватно на времето на живеење и на реалните можности на таа структура тоа да го задоволи. 50% во готово и рестото за 48 месеци. Виза ви, па она што во другиот закон за продажба на општествените станови е исплата од 40 години. Тука дополнителното прашање е дали има од аспект на Влада во надзорот на тоа јавно претпријатие, бидејќи ние не сме во можност, бидејќи тоа е оснивано од вас, дали во таа насока како Влада, конкретно е прашањето, би презеле мерки во оваа насока подобрување на условите за продажба на тие станови.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави потпретседателот Беќир Жута.

XII/6.-

**БЕЌИР ЖУТА:**

Јас ќе почнам исто така од долу нагоре. Прво, изгледа не сакаме да се разбереме. Јас реков нема сеуште програма, сеуште не е пуштен извештајот односно не е доставен. Меѓутоа, реков ако е целисходно, сигурно дека може да има решение. Поинаку ништо не рековте, туку рековте целисходност. Допуштете за целисходност да расправа Владата. Но, да кажам уште нешто што не го реков, намерно не го кажав, за да не го комплицирам проблемот. Ако некоја општина, дури и од оние 34 општини понапред, не сегашните 125, имаше спор со одре- дени плацеви уште пред 10 години, па решението паѓа во меѓувреме, тие средства не се дојдени во оваа посебна сметка, ве молам, и неможе да полага никој право тие средства да ги фундира од оваа заедничка сметка. За тоа мораме да се разбереме. Има периоди, од кој период почнале да течат тие средства, од тој период средствата влегуваат и се враќаат назад во општините. Но целисходноста е целисходност.

Законот за работни односи, дали треба да ги повторуваме работите, инаку, не сакаме сигурно и да се разбереме. Министерот за труд и социјална политика на претходната седница даде изјава дека прави разлика на поставеното прашање од пратеник и дека не ќе можат работите согласно тој закон што го предлага да одат, туку ќе одат согласно законот за работни односи. Доколку решенијата во постојниот закон за работни односи не му го задоволуваа тоа барање, тој ќе реферира и тој ќе предложи измени и дополнувања на законот. Што има во тоа недоразбирање? Тој овде се декларира дека не смејат да одат работите по тој закон за измени што го предлагаше, туку ќе одат кај органите на управата согласно одредбите на законот за работни односи. Ако не му одговара да ја обезбеди таа политика, тогаш ќе предлагаат измени и дополнување. Јас цело време ги објаснувам технолошкиот вишок во рамките на законот за 25-те загубари. Проблемот на

технолошки вишок е и вон од 25-те загубари. Меѓутоа, обврски буџетот спрема нив, нема. Тоа е на самото претпријатие. Не знам што барате сега тука, дали некој има уште 500 неизмирени, а тоа е негова обврска да ги измири, а не буџетот да ги измири. Буџетот има обврска, она што значеше 25 загубари и сите оние што одеа како технолошки вишок по тој основ да ги измирува обврските, што значеа неисплатени плати, неисплатени обврски спрема Фондот за пензиско осигурување и отпремнини. Како и да тече надоместокот потоа за оние што одат под Завод за материјално обезбедување и пензиско и здравствено осигурување за таа категорија на работници. Ова последното важи и за оние претпријатија кои ќе им ги платат тие права за да одат во технолошки вишок.

Изгледа за првото прашање или не сакаме или се заинатуваме да се разбереме. Јас реков и повторувам, тоа се станови во државна сопственост, кои се градени по разни основи, било Фондот за обнова и реконструкција на Скопје, било по други основи. Меѓутоа кои се диво вселени уште пред 20 години и слично. Јас не можам да го ворам пред 20 години зошто некој допуштил да се вселат. Но, факт е дека се вселени и дека ќе беше многу поголем грев сега некој да ги иселува и да ги исфрли на улица, отколку да им даде шанса ако можат под овие услови да ги купат.

Колку што јас имам информации тие се и исцрпени, ги купија, ние можеме да се расправаме до утре по ова прашање, ги купија тие што мислеа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави господинот Костаќев.

XIII/1.- РД/ОМ

**БОРИС КОСТАКЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Моето прашаше е сосема кратко и се однесува до министерот за финансии и барам по можност усмен одговор.

Прашањето гласи: Дали со неодамна донесените измени и дополнувања на законот за надворешно трговско работење дефинитивно фришоповите се затворени во класичен смисол на зборот со клуч на вратите, или во нив ќе може да се продава роба со платена царина и данок, односно дали во нив ќе биде забрането само продажба на таканаречените високо акцизни стоки. Едно мало потпрашање, што значи рокот 30 дена за стоката затекната во фришоповите.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Министерот ќе одговори писмено.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ.**

Господине потпретседателе, господа министри, почитувани колеги. Во последно време во јавноста се повеќе се говори дека некој фирми не плаќаат акцизи, а знаеме дека акцизите се главната ставка во Буџетот на Република Макеоднија. На медиумите исто се пласираше вест , беше кажано од Бошко Стефановски дека минатата година, 1996 година Окта не платила приближно околу 9 милиони долари на име акцизи за увоз на нафта. Имајќи го предвид тоа јас прашувам : Кој фирми кои се увозници на стоки кои подлегнуваат на обврска на плаќање на акцизи, нафта, кафе, алкохол и друго не платиле акцизи за период цела 1996 година и првото тромесечие од 19 97 година. И второ, барам поединечен список

на секоја фирма и посебно износ за кој не платила акциза за овие стоки. И тоа кажав за периодот за цела 1996 година и првата третина од оваа година.

За министерот за здравство ќе поставам неколку прашања. Сведоци сме дека на медиумите доста се зборува за проблемите околу набавките на лекарствата. Денеска чувме некое пошироко експозе од г-динот министер, меѓутоа , јас би се осврнал на неколку работи. Во средствата за јавно информирање беа спомнувани увезени раствори за кои беше посочено дека тие се или ѓубре или отров. Исто така во некои емисии на телевизијата беше кажано дека Македонија користи лекови со изминати рокови или со датуми кои се фабрицираат , или датуми блиско до изминување на рокот до употребата. Исто така беше презентиран документ за увоз на лекарства од Република Албанија и беше презентиран документ на кој стоеше потписот на министерот Филипче. За други проблеми околу набавките , дистрибуцијата на лекарствата и се што се врти денеска во јавноста не би зборувал и би останал на овие три прашања . Прашањето конкретно до министерот е дали ова е вистина и доколку овие вистини се такви, а се работи за медикаменти од кои зависи воопшто третманот на пациентите, па и животот на пациентите, доколку ова е вистина што досега превземал тие сторители што го направиле воа, ги увезле , ги набавиле лекарствата, какви мерки превземал против нив. Доколку не е вистина, што превземал и што мисли да превземе спрема оние што ја дезинформираат јавноста и придонесуват да се создаде една хаотична состојба во сферата на дистрибуција и снабдување со лекови.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас ќе побарам од вработените на Министерството за финансии да дадат конкретен список околу наплатата на акцизите кај сите производи

кои што подлежат на плаќање на акцизи и писмено ќе ги добие г-динот пратеник тие, меѓутоа исто така сакам да кажам една работа што мислам дека е многу битна и заради јавноста и заради пратениците, за да не се прејудуцираат некои работи, односно да кажам како дефакто стојат работите. Точно е дека имаше проблеми во наплатата на акцизите, конкретно со Окта. Вие почитувани пратеници знаете кога настанаа проблемите со Окта, дојде до значајно покачуваше на цената на нафтата на меѓународниот финансиски пазар, во еден момент таа беше 27 долари по барел, по буре нафта, а тоа е цена која што едноставно не можеше да ги покрие трошоците на работењето на Окта, бидејќи цената на еден и на друг начин обезбедува рентабилно, профитабилно работење на Окта и е некаде од деветнаесет ипол до дваесет долари по барел нафта. Во една таква ситуација, Окта имаше сериозни финансиски проблеми и не беше во состојба редовно да ги измирува обврските, меѓутоа, не значи дека ние ја оставивме да нема да ги плаќаат обврските. Во такви ситуации и во ситуации кога со извршена контрола утврдуваме не наплатени акцизи , ние даваме и плаќање на определени периоди на одложени плаќања и така постапуваме со секое претпријатие во Република Македонија. И тоа не е практика во Македонија како што некој сака да каже, тоа е светска практика со сите стопански субјекти. И во земјите со развиена пазарна економија кога ќе се утврди неплатена јавна давачка која е висока си течат нормално затезни камати, меѓутоа субјектите можат да ги наплатат со определена динамика која што се договара. Јас морам да Ви кажам дека почнувајќи од Нова Година па наваму секој трет ден од Управата за јавни приходи Окта е дефакто блокирана. И секогаш кога можеме ние ги наплаќаме акцизите и вршиме прсија со инструментите што се легални, формални и што стојат на располагање на Управата за јавни приходи. Тоа е факт кој што сакам да го имате предвид. Од друга страна ние мораме да ги наплаќаме акцизите

кога е во прашање нафтата, макар што таму од страна на Макпетрол има пресија од друга страна , тие го врзуваат плаќањето по некогаш на акцизите со наплата на други обврски што ги имаат одделни министерства и што претпоставува вртење на налози и сл. и со што може да се деригира буџетската политика, бидејќи никогаш не I насочувате средствата таму каде што Вие сакате, ами таму каде што некој друг сака да диктира. Секогаш кога е можно ние тоа ќе го направиме, меѓутоа секогаш кога не е во согласност со основите на фискалната и буџетската политика јас тоа не го дозволувам. Според тоа сакам само тоа да кажам имаме подеднакво третман, сеедно дали се работи за Окта, сеедно дали се работи за Макпетрол и за било кој друг стопански субјект кој што благовремено не ги платил јавните давачки, сеедно дали е тоа акциза, дали е данок или нешто друго. Тоа е принципиелен став во Министерството аз финансии и ние така постапуваме. Се што е конкретно се што треба во бројки јас ќе му ги доставам на г-динот пратеник.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Навистина во средствата за јавно информирање во последно време се пласираа некои невистини, пред се би сакал да одговорам на првото прашање во врска со увезените раствори инфузии од Бугарија. Дозволете да цитирам некои званични белешки. на 12.о7.1994 година во присуство на професор Трајков, професор Симов, Петровски, Борозанов, Зисовски, Карчева како стручно советодавно тело на министерот за здравство професор д-р. Јован Тофоски, комисијата донесе едногласен предлог за ставање во промет на инфузионите раствори натриум хлорид и т.н. произведени од програмата на ТРОА-ФАРД од Бугарија . Позитив-но фармоколошко мислење за овој препарат број 48 и 47 од 21.3.1994

година од Институтот за проклиничка и клиничка фармолкологија со токсикологија при Медицинскиот факултет од Скопје изготвен од авторот асистент Балканов и потпишан од директорот на Институтот д-р доцент Петар Милошевски. Во својство на рецензенти членови на Комисијата за лекови проф. д-р Симов и доц. д-р Марија Шуљакова имаат изготвено позитивна рецензија и предлог аз ставање на наведените производи во промет.

Со оглед на гласините кои што се слушнаа во јавноста јас упатив писмо до Институтот за предклиничка и клиничка фарматологија со токсикологија во кој состав и Центарот за следење на несакани дејства да прашам дали е регистриран случај на реакција од користење на ваков раствор. Одговорот е Ве известуваме дека до донесе 11.04. 1997 година во Институтот за претклиничка и клиничка фарматологија со токсикологија за Републичкиот центар за следење на несакани дејства на лекови не се добиени никакви податоци од таков карактер за цитираните два парентерални раствори. Ова одговорно го тврдам дека ваков резултат за несакани дејства во Центарот не се регистрирани за ниедни други антибиотици и било какви препарати освен за два пелицински препарат , за две серии кои што веднаш се повлечени од употреба. Значи категорично тврдам дека сите лекови кои што се користат во Македонија кои што се на легален начин влезени се добри за користење. Со онаа дозвола потпишана од мене да се увезуваат од Албанија лекови, категорично тврдам дека сите веледрогерии имаат право да внесуваат лекови од било која земја од Европа или од САД , меѓутоа, тоа решение беше комотирано во погрешна насока, затоа што се прикажуваше тоа решение , а се апострофираше еден друг лек , мислам дека беше орацеф за кој што така во јавноста се пласира невистини, тој препарат беше примен во централниот магазин со рок на траење и кога се демонстрираше дека лекот е со поминат рок, неговото траење уште

беше во тек. Сакам да кажам дека лековите кои што се пријавени за увоз со решението некореспондираше овој препарат, затоа што овој препарат е на"Крка", додека што лековите што беа потпишани од мене беа од познатата фирма "Ајсјен - Галеника"

Во врска со одговорноста Фондот за здравствено осигурување ангажира адвокат кој што ќе ги погледне сите дописи и против одредени автори на такви прописи ќе потегне кривична постапка.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Беше спомнато и мислам тоа на јавноста и е познато некои лекарства кои се увезени од Албанија се од потекло на фирмите од бивша Југославија. Од Србија и од Хрватска. Која е логиката, го молам министерот да ми одговори . Затоа што ние се снабдуваме со лекарства преку Албанија кои се во продукција на земји кои ние контактираме.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Јас стојам на Вашето мислење дека најдобро лековите да се набавуваат директно до производителите, меѓутоа за жал во сегашната законска регулатива лековите од производителите се набавуваат преку веледрогериите. Според тоа во најновиот закон кој сега е во процедура јас барав да се направи измена. Да може директно како Фонд да ги набавуваме лековите од "Крка" од " Плива " од било кој, да ги одминеме веледрогериите за да евентуално уште малку ги намалиме цените. Прашањето за лековите од Србија. Вие знаете дека во Србија постојат две три добри фармацевтски куќи со признати лиценци, меѓутоа беше проблемот "Алкалоид" - "Галеника". Со оглед на тоа што на "Алкалоид "

не и се регистрираат лекови во Југославија, во Србија, ние како Министерство заседовме став дека истиот тој начин по реципроцитет нема да го направиме за препаратите на "Галеника". Јас кон- тактирав директно со раководството на "Алкалоид" и реков дали треба да се интервенира таму, тие рекоа не мора ние добро ги пласираме нашите лекови. Меѓутоа, како гест на добра волја ние веќе имаме реги< трирано 6 до 7 препарати од Галеќината програма. Јас се надевам дека од спротивната стран ќе се направи тоа за "Алкалоид".

(Со седницата продолжува да претседава Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Господа министри, дами и господа пратеници. Моето прашање ќе биде кратко до министерот за земјоделство, водостопанство и шумарство . Што министерството за земјоделие ќе преземе за расчистување со состојбите за производството на тутун за реколтата 1997 година. Одговорот го барам писмен, а само едно мало образложение.

Со донесувањето на Законот за тутун, јасно беше дека се создадоа можностите претпријатијата за производство, обработка на тутун да склучуваат договори со индивидуални тутунопроизводители во други производни реони и региони. За таа цел, Министерството за земјоделие имаше за цел да се обрати до соодветните организации, односно претпријатија со кои ќе да е дозвола во кој претпријатија, односно производни региони ќе се произведуваат и склучуваат договори. До денешниот ден колку мене ми е познато, бидејќи помина датумот од 31.о3., организациите веќе немаат такво одобрение. Според тоа, во

организации во Република Македонија, односно претпријатија се склучуваат договори и можам да речам дека диви договори од сите организации и веќе е настанат еден хаос. Сега е во прашање со издавањето на авнсирањето, бидејќи од едно семејство имаме повеќе договори еден два или три што го имаат склучено во разни организации, според тоа имаме и една хаотична состојба, а нормално и примање на аванси еден два и три, се разбира од други организации.

Уште едно прашање кое што го поставив минатиот пат и сега беше поставено од г-динот Димче Настоски за тоа кога ќе почне исплатата помеѓу заштитната и откупната цена на тутунот на индивидуалните тутуно производители од реколатата 1996 година во износ од 12,3%. Не сакам да го елаборирам ова прашање, ценам дека Министерството за земјоделие, односно министерот одговарајќи на прашањето изнесе, ако е вистина, но мислам дека има проблеми со таа вистина, бидејќи спрема спорeдениот преглед за планирани количина суров тутун од бербата 1996 година од почетокот заклучно со 31.о1.1997 година или поточно, бидејќи откупот на тутун заврши со 31.о3.1997 година ги имаме следните резултати. Она што е добиено према мерилата за откуп, према договорите и ценовникот кој што е даден во тоа време. Иако ова го погледнеме ќе видиме дека почнувајќи од Битола како се движи со одредени откупени количини 57 па се до Охрид имаме 65-66 потоа Пехчево 69-90 и т.н. еве го и Велес 71-28, Штип 70-46 да го спомнам и Прилеп 74-10, према тоа средно за Македонија за типот Прилеп откупот на тутунот до овој датум што го спомнав изнесува 73-63.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ**: (продолжение)

Од каде тоа господине министре што имаме ние цена која што ја надминува цената од 72 односно 73 до 82 денари. Веројатно дека вие немате на увид она што организациите го имаат од себе да го дадат на тутунопроизводителите, но најверојатно дека тоа е само за одредени тутунопроизводители оние кои што имаат постигнато изврсен квалитет тоа е за прва и втора класа, но не во сите организации, односно производни организации и за сите индивидуални производители бидејќи таа класа кој знае дали ја имаат сите постигнати. Според тоа овде имаме една разлика која што е дури можам да спомнам разлика за она што тие вложиле неверојатно труд и за домашната манипулација. А тоа е сосема нешто друго, или надвор од нормите на ова што денес го имаме.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Едно надополнување на колегата Стојановски во врска со лековите, зошто се увезуваат лекови од друга земја. Би кажал дека домашните производители произведуваат само 12% од потребите на лекови кои што и се потребни на Македонија. Меѓутоа би сакал да се потенцира и тоа дека домашните производители "Алкалоид" и "Јака" учествуваат со 40% од приходот кој што ние го даваме за лековите. Сепак, домашните производители имаат на некој начин еден повластен третман во Фондот за здравствено осигурување.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Што се однесува до првото прашање околу примената на одредбите од новиот закон за тутун и донесување на програмата односно одредувањето на условите под кои што по новиот закон ќе се организира производството и откупот на тутунот,би кажал тоа дека

сепак од донесувањето на законот и до неговата примена стои еден период на усогласување, на прилагодување на актите и работењето спрема новиот закон што е токму во оваа фаза се погоди така што практично од донесувањето и сега со отпочнувањето на активностите околу договорите, околу расадопроизводството итн. сме во онаа фаза на нормално усогласување на актите. Сепак, во овој период имаме голем; активност во оваа ситуација со тутунот и сметаме дека по постоечкиот закон многу работи сеуште можат да бидат применети во праксата, а две работи особено испаднаа на површина кои што бараат итно решавање и тоа го правиме со организациите. Прво е тоа да го избегнеме овој хаос, односно можноста еден дел од производителите независно дали ќе употребуваат членови од семејство, или самиот може да направи два, три и четири договори, а прашањето се знае зошто тоа би го направил, односно тоа е прашањето на примањето на авансот кој што треба да заврши до 31 мај односно два месеца после заклучувањето на договорите

Второто прашање е прашањето кому се треба ова да се дозволи да се бави со договарање, со обработка, преработка и откуп на тутун.

Во однос на првото прашање за да ја избегнеме можноста да се направат повеќе договори односно за време на откупот да дојде до една хаотична ситуација повеќе варијанти беа во можност. Но ни се чини дека е најреална и најприфатлива во рамките од овие институции од здруженијата на производителите кои што се и во самиот закон потенцирани, или пак подрачните единици на Министерството, или службите за унапредување на индивидуално земјоделие да бидат овластени да издаваат одреден документ, одредена картица без која не може организацијата да заклучи договор. Тоа практично да важи само за реонот и местожителството каде што тутунопроизводителот е регистриран. И сметаме дека со една таква акција и понатаму сакаме да

ја прошириме на техниката, на компјутерите да можеме во тој смисол би рекол условно интернет каде што би можеле да се вклучат сите кои што сакаат да се занимаваат со договарање и производство на тутун за да може секој, во секое време да го провери дали некој има такво дејание направено.

Второто прашање кое што ни искрсна како најпроблематично тоа е кому се да му се направи дозвола да може да се занимава со, да договара и да произведува тутун. Во овој момент сме на мислење дека сепак тоа треба да бидат само оние кои што условите од член 16 а најспорно е тука линиите за доработка, ферм-заводи итн. кој што ги има и тие да добиваат без да тоа биде пренесувано на некои органи и организации и поединци поготово како нови кои што би се појавиле во оваа проблематика на производство и договарање да се избегне таа можност, туку да се појавуваат само оние кои што ги исполнуваат децидно условите од член 16.

За разликата испуштив да кажам, ако беше тоа прашањето би сакал да кажам неколку збора. Останувам на изјавата што ја дадов претходно дека практично законот и гарантираната цена, минималната цена се однесува на целата територија на Македонија и на сите видови тутуни така што цениме дека не е добра постапката на организациите кои што однапред при правењето на цената си дозволиле, ги калкулирале овие 12,3% и со тоа заради подобра манипулација и за првите класи од поквалитетните класи ја зголемиле цената и практично со тоа, сепак тоа е цена која што е дадена и која што производителите ја примиле. Независно по кој основ ја направиле таа.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Ако се земе поединечно за типовите на тутун ќе видиме сосема друга е разликата. Движејќи се од 7 8 за типот Јака до 51 за Берле

Вирџинија. Меѓутоа, тука поединечно ако е ќе видиме дека Владата ќе се најде еден да дополнува за висината на тој тип на тутун, на другиот. Меѓутоа тоа не е работата. С§ што е земено во просек изнесува за типот збирен преглед изнесува 73,39. Тоа значи до 82 сепак постои некоја разлика. Мислам дека не сум математичар, агроном сум како и вие, но сметам дека овде тоа е тоа.

Второто што го барам одговорот, го барам за друго. Јас убаво кажав дека откупот на тутун завршува на 31.03. Ако е тоа ниту вие, ниту јас имаме преглед. Прегледот веќе треба Министерството за земјоделие, водостопанство и шумарство да го има деновиве. Веројатно дека вие ќе го презентирате и затоа одговорот го барам писмено.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа имам неколку пратенички прашања со оглед на тоа што одамна не сме имале можност да поставиме.

Првото прашање до министерот за финансии. Кои се причините поради кои Владата сеуште не го утврдила текстот на предлогот на законот за денационализација и кога Владата планира да го пушти во собраниска процедура. Ова прашање го поставувам по вторпат. За првиот одговор министерот за финансии одговори дека некаде пред почетокот на летните одмори минатата година ќе влезе во собраниска процедура, меѓутоа од тогаш помина многу време, па би сакал да одговори министерот заради јавноста и пред се заради луѓето кои сакаат на овој начин со овој закон да им биде отстранета историската неправда која им е направена во минатото со идеологизираните закони за одземање на нивните имоти. Кога Владата ќе го пушти во собраниска процедура а со оглед на тоа дека тој закон е претходница за донесување на Законот за градежно земјиште.

XIV/5.-

Второто прашање исто така до министерот за финансии. Дали надлежните инспекциски органи од Министерството за финансии и Управата за јавни приходи извршител контрола врз финансиското работење на претпријатието пазар на пари. Согласно тоа дали пазар на пари спаѓа во категоријата на претпријатие како "Македонија-реклам" што противзаконски во форма на штедење ги ограбија граѓаните со потпишување на договори за заем на средства на одредено време бидејќи не се регистрирани ниту како банки, ниту како штедилници. Доколку се утврди дека се направени криминални дејанија што ќе преземат надлежните органи за утврдување на одговорноста на вмешаните во криминалните работи и нивните заштитници. И на крајот дали штедачите од пазар на пари ќе имаат ист третман како и оштетените штедачи во ТАТ, Лавци, Алфа-С и другите штедилници и претпријатија при предлагањето на Законот за обесштетување на ограбените штедачи.

Третото прашање исто така до министерот за финансии. Го прашувам министерот за финансии дали е дозволено корисниците на буџетски средства, средствата што ги добиваат од Буџетот на Република Македонија за тековни активности,или плати да ги вложуваат во претпријатијата кои нелегално во форма на штедење прибирале средства од граѓаните и претпријатијата во Република Македонија. Ова го поставува) затоа што пред себе го имам договорот склучен на 2.12.1994 година помеѓу претходното претпријатие што го спомнав пазар на пари застапувано до неговиот директор Илинденско Стровјанов и претседателот на општинскиот суд од Велес г-динот Благој Нечев. Доколку сакате можам како документ да ви го оставам. Се работи за внесување на сума на средства од 220.000 денари со почетна камата од 8,5%. Има и два анекс-договори аз продолжување. И што е со овие пари бидејќи се буџетски средства, дали ја имаат истата судбина како сите останат запленети средства од граѓаните.

XIV/6.-

Следното прашање за министерот за правда и евентуално министерот за стопанство. Што презеле надлежните органи за разрешување на повеќе од тримесечниот спор во трговското претпријатие "Велес-пром" од Велес за заштита на општествениот капитал во кое на 31.12.1996 година беше повторно поведена стечајна постапка поради што голем дел од вработените сеуште се во штрајк и ја оневозможуваат работата на стечајниот управник бидејќи не се согласуваат со донесените решенија и каде поради донесеното решение за присилно напуштање на просториите постои опасност да дојде до несакани инциденти па и до крвопролевање.

Следно, го прашувам министерот за стопанство кои мерки и активности од делокругот на извршната власт ги презема Владата преку Министерството за стопанство и другите надлежни органи за повторно стартување со работа на најголемата фабрика во Велес "Порцеланка" чии вработени повеќе од две години немаат земено ниту плата, ниту пак им се платени придонесите за здравствено и пензиско осигурување.

И последното прашање до Владата, односно до премиерот, или ако сакаат да одговорат потпретседателите на Владата. Дали им е познато дека по доаѓањето на министерот Фрчковски на функцијата министер за надворешни работи бројот на вработените во Министерството по преземањето на функцијата кога изнесувал 130 е зголемен за 196 вработени, што значи вкупно 326, или тоа во проценти изразено 150% . Врз основа на кои акти Владата ги одобрила отворањата на новите работни места согласно, со оглед на тоа дека во преговорите со ММФ и Светската банка беше договорено бројот на вработените во државната администрација да се намалува, а не да се зголемува. И дали е точно дека во новиот број на вработените Министерството за внатрешни работи претставува голем расадник на кадри за Министерството за надворешни работи затоа што барем според

XIV/7.-

она што беше објавено во средствата за информираше добар дел началници и инспектори сега станаа стручњаци за Балкан,или за други области во Министерството за надворешни работи.

Препорачувам доколку сте во можност усмен одговор на прашањата, доколку не сте во можност, по писмен пат.

**ТАКИ ФИТИ:**

Има три прашања господинот Коцевски врзани за Министерството за финансии. Еве, да се обидам да ги одговорам ако биде задоволен пратеникот во ред, ако не ќе дадеме и писмен одговор.

Прво околу Законот за денационализација. Евидентно е дека тука се доцни и вие како што знаете во повеќе наврати јас сум кажувал можеби некогаш пооптимистички дека брзо ќе стигнеме, но за жал до денес не сме стигнале да појдеме пред Влада повторно со тој закон меѓутоа тоа не значи дека ние ќе го испуштиме рокот што е предвиден и во рамките на меѓународните аранжмани посебно со ЕСАФ аранжманите. Владата тој рок секако дека ќе го зачува. Ние деновиве во соработка со Министерството за правда го расчистуваме правниот дел ако можам така да кажам, одиме чекор напред во расчистување на правниот дел врзан со овој закон, а правниот дел е многу деликатен бидејќи се однесува на опфатот на она што ќе биде предмет на денационализација. Додека кај економскиот дел на расправата на Владата порано кога излеговме констатиравме дека онака како што претходно беше конципиран овој закон особено во смисла на обесштетување со кеш пари, со готови пари оценивме дека е многу дарежлив и дека Буџетот на Република Македонија и економската моќ на земјата ако се им^ат во предвид не ќе можат нормално да го сервисираат тоа. Она што јас се плашев и што многу пати во јавноста го имам кажано како министер за финансии морав да предупредам за можностите на Буџетот со оглед на сите обврски што Буџетот ги има преземено, ако сакате врз основа на санација на банкарскиот систем

големи загубари, девизно штедење итн., она што морав да го кажам пред јавноста беше следното. Ние не сакаме да излеземе со закон кој што ќе даде големи права, а утре луѓето да не можат да си ги реализираат повторно тие права. Тогаш повторно ќе бидат поранешните сопственици излажани сега од оваа конкретна Влада. И мислам дека тоа не е ниту коректно спрема тие луѓе, ниту фер истото да го направиме. Меѓутоа, јас верувам дека брзо ќе излеземе пред Влада затоа што во решенијата што се за економскиот дел одиме повеќе на онаа категорија што се вика реституција, значи се што е имот што постои, а не е многу видоизменет, едноставно да се враќа на тој начин ги избегнуваме плаќањата во кеш од Буџетот и се олеснува финансискиот терет на Републиката. А додека оној имот кој што веќе може едноставно на тој начин да се врати, ќе мораме да го враќаме на друг начин повеќе со долгорочни хартии од вредност. Бидејќи ориентационо се работи за вредност од околу 1,5 милијарди германски марки, а вие знаете дека од една страна е голем надворешно- финансискиот долг на Република Македонија, од друга страна голем е долгот спрема девизните штедачи, сега се и оваа категорија на побарувачи на имот од државата што апсолутно дека треба да се обесштетува со тек на време и ние можам да кажам дека ќе направиме максимални напори брзо сега во текот можеби до крајот на мај тоа да помине на Влада и дефинитивно законот да дојде и пред Собрание.

Околу решенијата врзани со ТАТ штедилницата и другите штедилници и овие облици на пирамидално штедење ние уште немаме конкретно решение, но се надевам дека брзо ќе излеземе. Горе, долу ќе бидеме во роковите што беа овде ветени. Основно е тоа што за ТАТ уште немаме конечен дефинитивен извештај од Централната банка односно Народната банка на Република Македонија. Ние имаме горе-долу извесна состојба за пасивата и тука работите се горе,долу јасни со

напомена дека има индикации дека таа и ќе оди малку надолу, меѓутоа покомплексни се проблемите со активата и луѓето супервизијата од Народна банка очигледно има сериозни проблеми со дефинитивното барем апроксимативно утврдување на активата на имотот. Но, верувам дека тоа ќе биде многу брзо, а вие знаете дека од тој биланс зависи конкретното решение. Ние мораме барем најглобално ако сакате да знаеме која е разликата помеѓу обврските на ТАТ во конкретниот случај од една страна и она што претставува имот бидејќи од таа разлика ќе зависи и обврската за обесштетување на штедачите.

**ТАКИ ФИТИ: (**Продолжение)

Верувам, бидејќи сега супервизијата на Централната банка работи, меѓу другото, овде во Скопје, ги има податоците со себе дека овие работи во текот на утрешниот ден, задутре горе долу ќе бидат подрасчистени.

Видете, сега ова не е можеби официјален став на Владата, бидејќи ние мораме со конкретното решение кога ќе излеземе тоа ќе биде решение понудено од Владата, сега јас како министер мислам дека има и тврдам дека има квалитативна разлика помеѓу она што значи штедење во официјални стопански субјекти кои се викаат штедилници и кои од страна на Народната банка на Република Македонија им е издадена дозвола и штедење односно прибирање на средства, земање девизни средства под закуп и слично во претпријатија кои, дефакто не се штедилници ниту се пак регистрирани како штедилници како што се "Македониј реклам","Југомаркет" и други.

Со пазарот на пари е слична ситуацијата. Тие не се штедилници и во основа немаат право да вршат таква активност. Тука имаме друга ситуација. Видете, ако може воопшто така да се каже најголемиот дел од прибраните депозити се од правни лица, од претпријатија на пазарот на пари, според оние сознанија што ние ги имаме. Значи, од претпријатијата и потоа тие се репласирани, за жал, најчесто во други претпријатија главно општествени и претпријатија со релативно лош бонитет. И оттаму е проблемот на враќање на тие средства. Просто кажано значи таму заглавиле доста општествени претпријатија со своите депозити. За среќа бројот на граѓаните е релативно помал, меѓутоа и тоа е проблем.

Овде кај пазарот на пари не се работи за штедилница. Во "Македонија реклам" не се работи за штедилница, во "Југомаркет" не се

работи за штедилница, таму каде се работи за штедилница, таму каде што Народна банка на Република Македонија издала дозвола и на еден начин гарантира дека тоа е штедилница која ќе биде контролирана ние ја имаме таа обврска да вршиме овој тип на обесштетување за кое овде говореше пред овој Парламент и премиерот. Лично мислам дека обесштетувањето во основа треба да оди врз база на имотот со кој располагаат тие претпријатија, а некои од нив, за среќа располагаат и со релативно подобар имот.

Понатаму, кај пазарот на пари не се работи за типичен пирамидален тип на штедење, нема, барем по моите сознанија, таков тип и начин на штедење, повеќе се работи за лоши пласмани, земање пласмани од едни стопански субјекти,пласирање на друго место, меѓутоа, тие пласмани во основа се покажуваат како лоши.

Управата за јавни приходи во текот на февруари направи де- тална контрола на работењето, контрола во она што значи нејзина значи плаќањето на даноци, јас навистина не можам во моментот точно да ја кажам сумата, деновиве на телевизија ја соопштив што е утврдена како основен долг и камата што тие мора да ја платат и налогот за извршување доставен до Заводот за платен промет, меѓутоа тие најверојатно немаат пари на жиро сметката и не можеме сега во овој момент во оваа ситуација веднаш тоа да го наплатиме.

Што се однесува до одговорноста мислам дека одговорноста треба да биде профилирана насекаде, без оглед дали се работи за штедилници, дали се работи за банки ако има лажење на граѓаните, ако има земање на средства да не се враќаат, соодветните субјекти треба да одговараат и да се покренат сите кривични појави, пријави, прекршоци. Јас знам дека девизниот инспекторат направи детална контрола на работењето на пазарот на пари по мое инсистирање, констатирани се 18 неправилности и за тоа е доставена соодветна пријава до надлежните

судски органи. Значи од тој аспект, од аспект на она што е надлежност на Министерството за финансии преземени се неопходните активности, апсолутно е во право господинот Коцевски нема право никој корисник на буџетски средства на овој начин да депонира средства и да ги оплодува со зголемена камата.

Вие сите знаете, почитувани пратеници, дека буџетските средства имаат строго наменски карактер. Значи ако се за тековни материјални трошоци треба за тоа да бидат употребени, ако се за плати исклучиво можат и треба да бидат употребени за плати, друга е ситуација навистина што јас јавно го кажувам ние како Министерство за финансии нема ме секогаш, не можеме да имаме во оваа ситуација во државата сеуште детална контрола како крајните буџетски корисници ги користат средствата од буџетот а тоа го немаме, бидејќи како релативно млада земја која има интенција да изгради пазарна економија сеуште немаме трезорски систем, но тргнавме со тоа, имаме видни резултати за релативно кус временски период на негово користење. Јас сега го слушам овој податок од господинот Коцевски и ќе го запознаам веднаш министерот за правда кој треба во оваа ситуација да реагира оти знаете колку што има одговорност министерот за финансии и надлежните министри каде одат трансферите имаат определена одговорност, толку колку што можат и тие тоа да го видат и да го следат барем наменското трошење од страна на крајните буџетски корисници. Во оваа ситуација ние веднаш ќе мораме да преземеме мерки, сега го слушам тоа, тоа е недозволено.

Инаку знаете ако претпријатието појде кон стечај според законот се јасни приоритетите кој има приоритет на наплата кога е државата, кога банката, кога другите субјекти, кога се граѓаните и слично, и ако се појде кон стечај ќе се оди по тие приоритети кои се законски утврдени.

XV/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Господине Коцевски, ценејќи ја состојбата во која се наоѓа велешката фабрика "Порцеланка", Министерството во договор со раководството направи репрограмирање на неговиот долг и на тој начин на сите вработени им е овозможено користење на здравствена заштита и им се дадени сини картони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Господинот Коцевски е од Титов Велес. Јас мислев дека можевме јас и тој поинаку да разговараме за "Порцеланка", но можеме и на овој начин. "Порцеланка" минува низ сериозни кризи и тоа не од вчера, уште од 1995 година кога беа маскирани состојбите, не се пријавуваа правите состојби затоа што уште тогаш беше зрела да биде во рамките на Програмата за 25-те загубари и веројатно денеска не ќе се сретнеше со овој куп на проблеми со кои се среќава. Притисокот што се вршеше треба да биде влезена во тој список се одбиваше од нивна страна а не од страна на Владата. Тоа е вистината. Таа вистина сега е горка и тешка. Затоа што цела 1996 година минува во едни сериозно тешки проблеми и се преземаат одредени мерки, едно време беа потпомогнати од компензационите фондови "ФАРЕ" за да се докупи одредена опрема во вид на печки за да се збогати асортиманот, меѓутоа во тоа време и покрај тоа што тоа се направи изолацијата на македонското стопанство во целина поради санкциите и блокадата од југ многу директно се одразуваше на овој капацитет, покрај другите проблеми јас говорам за објективната страна и го симна искористувањето на капацитетите на многу, многу ниско ниво со сите проблеми после кои доаѓаа социјални тензии.

Сега правиме напори исто така со Јапонската помош да може да се купи извесна опрема која се смета дека треба да се комплетира во ваква тешка ситуација, но со надеж дека пазарите се отвораат и дека ќе може нешто од тие класични пазари да се поврати, да ги присвојува и со тоа да создаде можност за поголем обем на производство.

Реално е присутен проблемот на технолошки вишок, тоа е пропуштениот воз од 1995 година кој не може државата да го земе на себе затоа што законот важеше до 31.12.тие со една своја имовина што ја имаат надвор од земјата се обидуваат од тие средства да можат еден дел од технолошкиот вишок да го разрешат, сигурно не целиот број, еден дел од овие, во која мерка тоа ќе значи решение зависи од условите во која мерка ќе ги повратат пазарите оти основен проблем е пласманот за сега кој ги има изгубено сите топови и ете на тој начин се обидуваме да не ја исфрлиме и да се направат комбинации да се спаси и тоа што се спаси, а да не се вратиме на грешките оти можеме само меѓу себе да се обвинуваме, но не го враќаме објектот назад со обвинувања, ако можеме да создадеме реални услови да тргне по својот пат, па веројатно ќе биде поинаку потоа.

Јас многу кратко, ако ве интересира пошироко можам поинаку но да не ги малтретираме сите други.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Чокревски.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, на последното прашање на господинот Коцевски кое беше кумулирано како прашање за извесен одлив на кадри од МВР во Министерството за надворешни работи.

XV/6

Сакам да објаснам и во извесна смисла сум му благодарен на господинот Коцевски што ми даде прилика пред јавноста да објаснам едно прашање кое во медиумите и воопшто во јавноста се тркала овие денови и треба веројатно добро да се објасни.

Претпоставувам дека на господинот пратеник му е јасно колку функцијата на Министерството за надворешни работи е поврзана со функцијата за внатрешни со безбедносните и другите аспекти. Ние мораме да признаеме дека во текот на овој временски период на конституирањето на нашата држава ги градиме сите институции и Министерството за надворешни работи е релативно по искуство и по сите работи помладо во однос на искуството и традициите на Министерството за внатрешни работи кое како некоја институција постои долго време уште во поранешна Југославија.

Аспектите на покривање на некои функции на нашите дипломатско конзуларни претставништва надвор од аспект на безбедност, од аспект на комуникација со соодветни служби, од аспект на тоа дека во нашата земја има резидентни претставници на поголеми служби од светот, па соодветно на тоа и ние треба да праќаме луѓе. Кај мене и кај господинот Фрчковски постоеше и сеуште постои еден продолжен разговор околу тоа како треба на МВР да помогне со луѓе од ова Министерство кои би се префрлиле на соодветни функции и работи. Нема ни едно министерство за надворешни работи во светот кое нема такви пополнувања односно такви луѓе кои работат по одредени сектори било на едно, ако некој мисли дека тоа може поинаку да функционира.

Сакам да кажам дека еден број на наши дипломатско конзуларни претставништва во други држави се сериозно загрозени за својата безбедност, своето функционирање во фактот дека можат да бидат пробиени од разни аспекти и како простор како работа. Во таа смисла ние се договараме за префрлање на извесен кадар од едното министерство во друго.

Сметам и тврдам дека е многу мал тој број што се префрлени од МВР во Министерството за надворешни работи, треба уште повеќе да има, на господинот Коцевски ќе му дадам точен список со луѓе и функции што се префрлени од едното во другото министерство и еве ќе имаме прилика некогаш или надвор во Клубот или тука да продискутираме доколку има нешто по негово мислење недобро и сомнително во целата работа.

Бидејќи излегов на говорница, ја користам приликата пред јавноста и пред вас да кажам по повод еден случај кој мислам во јавните средства, медиумите прилично е исшпекулирано. Се работи за префрлање на еден од началниците во МВР господинот Мите Апостолски, кој водеше една служба од Управа за оперативни техники, а не како што некој сака намерно да прикажат дека било за прислушување, тој е префрлен заради потребите што ги објаснував пред малку. Не е ниту казнет ниту сменет и не е направена извесна неправда спрема него со таквото пишување. Тој веројатно ќе биде вклопен во рамките на овие функции за кои јас говорев во МНР. Нам ни требаат луѓе во неколку поголеми центри да бидат во комуникација и соработка со соодветните безбедносни служби. МВР има значајни комуникации со меѓународни организации и соодветни национални полиции, безбедносни служби односно еден список на прашање како што се трговијата со дрога за која има голем интерес во нашата јавност како се бориме против неа, дали добро се бориме, дали не злоупотребуваме ќе имаме една расправа за тоа, прашањата за меѓународниот организиран криминал, прашањата за тероризмот прашањата за движењето на оружјето и препродажбата на оружјето, однос но тие работи по втор пат од оваа говорница ги кажувам еднаш го кажав кога имаше една интерпелација за мене, се сеќавате сега го повторувам ние имаме многу добри, да не речам во некои

суперлативи, оценки на голем број меѓународни служби, меѓународни организации, национални организации за полиција и безбедност за тоа како во овој поглед функционираме и како соработуваме.

Еве, тоа сакав да објаснам во една позитивна смисла ова прашање да не се развива во погрешна насока, а за конкретниот список и бројот на луѓе кои се префрлени, пратеникот ќе го добие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Жута.

XVI/1 СС/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Ова прашање го сметам како безецирано за министерот за надворешни работи но одговорот го сметам како многу корисен и би додал уште еден аспект на поставеното прашање. Одговорот имаше еден сериозен аспект кој говореше имавме толку во Министерството за надворешни работи, станавме два пати или три пати повеќе. Зарем Владата не доаѓа во судир со светската банка која поставува ултиматум па вели не смеете да вработувате повеќе?!

Точно е. Но точно е но има една вистина која е исто така со светска банка и со сите други дека Министерството за надворешни работи го формиравме од почеток и н еможе никој да ни забрани да се развива како министерство. Мора да се комплетира за да ја одигра својата функција. Систематизацијата за тоа министерство е донесена 1995 година. Кој ја реализира, ја реализира и има простор уште да се реализира за да може да се комплетира и бројчано за да може да се носи со своите задачи. И не само тоа.

Со осамостојувањето на РМ царинската служба во РМ беше за никаде.. Зар мислите и таму не обезбедивме простор да се развива?! Можевме да останеме на оние позиции на кои бевме. Спрема две граници бевме слепо црево и неразвиени. Само кон една граница бевме развиени до некадеј. Без да имаме Управа за царини над Дирекциите за царини. Така што и тоа го издвојувавме како објективна околност оти, може секоја забрана да се оправдува, но неможе за Министерството за надворешни работи што штотуку се формира, бидејќи почнавме од еден Комитет за односи со странство и Управата за царини што исто така се формира и треба да се комплетира.

Иако има и други сегменти но и во тоа не сме во судир и не сме отстапиле од тоа што актите за систематизација и организација на тие органи е предвидено уште тогаш кога се донесени тие акти. Прашање е кој колку успевал брзо да ги комплетира тие служби: А, тие, секоја година се комплетирани со по нешто. Мислам дека тоа треба да се има предвид.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Георѓев.

**ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри,

Имам две прашања, од кои првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се работи за следново.

Во атарот на с. Мокриево сегашна општина Ново Село е изградена акумулација базен за наводнување на земјоделските површини од тоа подрачје. Оваа брана е изградена во текот на 1994 година со средства на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и мал дел на водостопанското претпријатие "Струмички слив" од Струмица. Меѓутоа, од тогаш до денес никаква корист за луѓето од акумулацијата . На два наврати беше вршена санација на базенот под контрола на професори од факултетот, но крајниот резултат на сето тоа е празна акумулација и ненаводнети земјоделски површини и изгубена доверба кај луѓето.

Оттука и прашањето каква е состојбата со акумулацијата и што се презема од страна на Министерството за да може акумулацијата да ги оправда вложените денарски средства и почне да се користи за намената за што е изградена?

Второто прашање се однесува до министерот за образование и физичка култура, иако може да се рече дека станува збор за две потпрашана со иста цел.

Точно пред 20 години во Струмица е изграден училиштен објект за средно образование каде што денеска е сместен техничко-технолошкиот училишен центар "Никола Карев". Во рамките на објектот е изградена и за жал после 20 години сеуште недовршена фискултурна сала.

Од тие причини учениците наставата по физичко и здравствен воспитување се принудени да ја реализираат во несоодветни помали простории што не ги задоволуваат потребите за нормална работа. Кога веќе фискултурната сала е во завршна фаза, се поставува прашањето какви се видувањата на Министерството за образование и физичка култура за завршување на оваа сала и кои активности ќе бидат направени во текот на оваа година за конечно после 20 години да биде завршена нејзината градба.

Второто потпрашање за фискултурната сала во средното училиште "Димитар Влахов" од Струмица. Овде станува збор за преадаптирана просторија со намена да се користи како фискултурна сала. Меѓутоа, времето го направило своето, а и материјалните можности, така што во два наврати е издадено решение за неупотреба на објектот. Во моментов салата не се користи бидејќи постои опасност за учениците

Прашањето гласи - Дали Министерството е запознаено со оваа состојба и, до колку е запознаено што презема да се оспособи фискултурната сала за нормално одвивање на наставата по предметот физичко и здравствено воспитување.

Барам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазаревски.

XVI/4

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги во мал број,

Пред да ги поставам моите две куси прашања една забелешка

Гледано од аспект на мојата професија ние сме некако чуден, непредвидлив и малку агресивно-нарцисоиден народ. Како кој ќе постави прашање или одговори си заминува и како да е тоа некоја не знам каква сцена.

Ако некој од надлежните превземе нешто, зошто превзема? Ако не превзема, зошто не превзема?

Нам не ни чини ниту еден министер. Не е добар министерот Филипче затоа што прави надчовечки напори да го реформира со децении заспаното и доста корумпирано здравство кое, за жал, одамна престанало да биде хумано, модерно и ефикасно.

Сега ќе ги поставам моите куси прашања, ма да одговорот би сакал да биде усмен бидејќи на писмените одговори се чека со месеци.

Каква е понатамошната судбина на најголемиот загубар во општина Гостивар, фабриката "Силика" која што беше главен двигател на стопанството во нашата општина, а сега со години изумира?

Ова прашање, бидејќи загубарите Владата континуирано ги води, би сакал да се одговори ако може усно и денеска.

Второто прашање е како и колку Владата ја држи под контрола приватизацијата со оглед на очигледно погрешната примена на Законот за приватизација?

Јас ќе ги набројам скоро сите гостиварски претпријатија чија приватизација е судски оспорена:

- Индустриската кланица "Горни полог" за која што повеќе пати сум поставувал прашања, но одговорите на Владата биле секогаш нецелосни. Состојбите се таму конфузни и тешки;

- АД "Гостиварска трговија";

- ГРО "Пелагонија" каде директорот е набркан и сменет, а истиот се јавува како сопственик на работната организација вредна над 200 милиони марки додека вработените не примиле личен доход повеќе години;

- Угостителско - трговското претпријатие "Македонија" од Гостивар исто така се спори судски;

- Стоковната куќа од Гостивар која што директорот ја продал и со минимална исплата ги испуштил сите вработени;

- Работната организација "Мего" продадена по багателна цена на суд;

-"ЖАС - БУС" - Гостивар;

Другите стопански организации се под стечај или во тешка состојба.

Ние, почитувани пратеници сега носиме закон за денационализација поради неправилно и незаконски спроведената национализација. А, јас сум сигурен дека некои идни генерации на пратеници ќе носат закон за деприватизација оти истата се изведува неправилно, вулгаризирано, криминално и надвор од сите законски норми.

На ова второ прашање одговор барам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи не е тука министерот за стопанство, ако во меѓувреме дојде ќе добиете одговор во усмена форма, ако не и на едното и на другото во писмена форма.

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе , почитувани пратеници и министри,

Пред да го поставам првото прашање сакам со задоволство да ве информирам дека од денеска натаму јас ќе ги застапуван интересите и на други три политички партии: МААК семакедонска акција,

Македонската народна партија и ВМРО-МНДС. Со тоа ќе ми дозволите да поставам и неколку повеќе прашања во име на повеќе субјекти.

1. До министерот за образование, имам информации дека директор на основно училиште "Паско Васа" во с. Групчин е со завршен нелегален факултет. Значи, има диплома од нелегален факултет.

2. До Министерството за финансии, дали фирмата "ЛАМБРОС" од Ресен исто така има третман на фирма каде што се вршени криминални штедења и криминални дејствија?

3. До Министерството за градежништво, урбанизам и екологија дали се преземаат мерки за понатамошна изградба на дивоградбата - индустриски објект во с. Непроштено- Тетовско, фабрика за суви малтери каде што, за жал, дадена е дозвола од "Електропологˮ од Тетово за напојување со електрична енергија од сели 200 КЧД7, значи сериозен потрошувач.

4. До Министерството за труд и социјална политика, се поголем број граѓани доаѓаат кај мене, веднаш да ви кажам од различни националности и морам да речам повеќето од националностите со информации за огромни манипулации при доделувањето на социјална помош? Притоа се посочуваат дека во голема мерка имаат одредени институции во државата што издаваат и документи без проверка, пред се Катастарската управа, подрачните единици за финансии во однос на даночни задолженија и тн.

До истото министерство, се повеќе е јавна тајна дека посвојувањето на деца без родители е поврзано со големи подмитувања и да не речам криминални работи. Молам Министерството овие работи да ги провери.

До Министерството за надворешни работи на V-та средба на иницијативата РОЈАМОН за спроведување на процесот на стабилност и добрососедство во југоисточна Европа, одржана пред една недела во Скопје, нашата држава настапи под името "Земја 'домаќин' што е спротивно на нашето уставно име. Молам за причините на овој дипломатски гаф?

XVI/7

До истото министерство, дали како граѓани на РМ имаме гаранција за наша безбедност при евентуално учество на Чевствувањето на 20-ти април по повод годишнината од убиството на Јане Сандански во "Рженскиот манастир".

До Министерството за внатрешни работи дали има првични информации за актерите на нападите на две куќи во Дебар со молотови коктели затоа што во јавноста се големи шпекулации. Добро е ден порано ако се има информации јавноста да биде запозната.

До Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика , претпријатие "Инжинеринг" од Битола на 2.10.1996 год, има доставено барање за дозвола за испраќање работници во Германија каде што ова претпријатие е еден од основачи на фирма. Таму работат веќе 15 работници,а се бара дозвола за уште 19. Денеска сме 16 април, сеуште на ова барање не е одговорено од ниту едно од овие две министерства.

До Владата на РМ, покрај помошта што на Република Албанија ја доставуваме како Влада, мислам дека треба да се вложат напори за една организирана акција за доставување на помош, конкретно во подрачјата на Пустец и Голо Брдо затоа што овие две места се на крајната периферија и информациите што доаѓаат кај мене од луѓе од овие населени места се дека помошта преку Тирана до овие места нема теорија да стигнат. Ние имаме обврска да се грижиме за делови од нашиот народ и во соседните земји. Еве една можност тоа да го сториме покрај тоа што нормално оди по пат на држава со држава. Никој не може да не спречи да собереме брашно и други производи да ги насочиме кон ова подрачје.

До Министерството за образование и до секретарот на Владата, зошто не се спроведува интервенцијата на Уставниот суд во однос на она што значи промена на начинот на водењето на педагошката евиденција?

До секретарот на Владата на РМ е доставен допис од Уставниот суд од 13.03.1997 година, и до денеска промени на тој план нема.

Последното прашаше е до Министерството за земјоделие на што не барам одговор. Барам да вложите напори бидејќи е крајно време да се спасе нешто од родот на јаболката од минатата година. Не ми треба ниту усно ниту писмено известување, крајно е време во овие 20-тина дена нешто да се направи.

Почитувани министри, членови на Влада, ако при сите овие интензивни контакти успеавте да замолите било кого при пиење кафе со вашите соговорници секој од нив да повлечеше по еден шлепер јаболки ние не ќе имавме во овој момент ниту килограм јаболки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, одговор на прашањата, веројатно од оние министри кои се тука, добро е да бидат усмени.

Има збор г-дин Чокревски.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Многу кратко. Министерството за внатрешни работи за секој криминален случај што го испитува, кога ќе биде истрагата готова дава соопштение. Според тоа не сум во состојба сега да изнесувам Но ништо не останува необјаснето. Секој ден има соопштенија. Така што ќе биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам интервенцијата на г-динот Лазаревски да ја прифатиме. Ако продолжиме вака ќе остане само еден пратеник, последниот кој ќе го постави прашањето.

Г-ѓа Тодорова има збор.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Во неколку наврати и од оваа говорница, но и во расправа по друг повод во Уставниот суд беше изречена една невистина, дека сеуште не

е постапено по Одлуката донесена од Уставниот суд, а во врска со водењето на педагошката евиденција, кога станува збор за изведување настава на јазиците на националностите.

Изјавувам дека е постапено по одлуката на Уставниот суд и во таа смисла даден е одговор и до Уставниот суд. Едноставно, тој дел од текстот што се сметаше дека е во спротивност со Уставот беше избришан од Законот за основно и средно образование, а тоа пак ја наметна потребата да се интервенира со измени и дополнувања во двата закони, за да има логика текстот што остана да важи. Тоа значи постапено е по одлуката на Уставниот суд. Прашањето беше така формулирано.

**СОФИЈА ТОДОРОВА**: (продолжение)

Околу другото прашање што беше упатено до Министерството, се разбира, не е можно за директор да биде назуначено лице кое има нелегална диплома или диплома издадена од нелегални институции. Вакво сознание за ова училиште немам. Ќе биде проверено дали е тоа точно и ако е точно се разбира тој не ќе може да ја извршува оваа функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за другите прашања?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За второто прашање е во ред.

За првото прашање не се разбравме.

Интервенцијата на Уставниот суд е преку секретарот на Владата Министерството да презема мерки, практично во сферата на основно и средно образование, педагошанта евиденција да се води на официјалниот, значи на државниот јазик и на јазикот на кој што се извршува наставата, а тоа до ден денеска не е направено.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Прашањето беше дали е почитувана Одлуката на уставниот суд и забелешките од ваша страна и констатациите за кој тврдам дека не се точни е дека Одлуката на Уставниот суд не е почитувана. Јас кажав дека Одлуката е почитувана, а нивната одлука гласеше дека во определен член од Законот за основното и средното образование се брише текстот кој дословно гласи како "што гласи. Тоа е направено. Значи Одлуката на

Уставниот суд е почитувана.

Веројатно вие сакате да прашате што станува со подзаконскиот акт со кој требаше да се уреди оваа материја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другите прашања, молам во писмена форма одговор.

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателее, почитувани пратеници, Јас ќе поставам две прашања.

Првото прашање е до Владата на РМ. А тоа е, до каде е со изготвување, од страна на Владата, на Законот кој ќе ја регулира материјата на стечајот, имајќи ги предвид бројните злоупотреби при стечаите, при што доаѓа до разни манипулации и неоправдано отпуштање на голем број работници.

Сметам дека е неопходно брзо подготување и донесување на овој закон кој прецизно ќе ја регулира оваа материја, бидејќи саарите законски решенија знаеме дека се несоодветни, а подолго време во јавноста беше најавувано дека овој Закон ќе се донесе. Ако не се лажам уште пред две години имаше најава од Владата и од соодветните министерства дека Законот ќе биде донесен. Меѓутоа до ден денеска сеуште не е изготвен и не е поднесен во ова Собрание.

Второто прашење е до Министерството за одбрана.

Колкав е бројот на македонски државјани припадници на ЈНА кои во текот на 1992 година благовремнео поднеле барање до Министерството за одбрана, за прием во АРМ. Меѓутоа на нивното барање и покрај тоа е негативно одговорено и колкав број од овие лица за остварување на овие свој барања водат судски спорови пред

надлежните судови во РМ односно водат спорови со Министерството за одбрана.

Барам одговор во писмена форма.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-диние претседателе, господа пратеници,

Јас пред си би потсетил на она што ми стана веќе навика и обврска на секоја седница кога се поставуваат прашања да потсетам дека се уште не ми е одговорено на пратеничкото прашање поставено во месец мај 1995 година и патем да кажам дека за месец дена ќе слави двегодишнина а како што тргнаа работите верувам дека дотогаш сеуште нема да го добијам одговорот на тоа прашање.

Што се однесува до содржината на прашањето би ја замолил Владата и нејзините служби да го најдат прашањето и да одговорат.

Што се однесува до патот Велес - Прилеп преку Бабуна, досега исто така, многупати имам поставувано прашања на кој им е даден непотполн одговор. Поставив дополнителни прашања за жал сеутше на тие дополнителни прашања немам одговор.

Пред малку се видов со надлежниот министер кој мораше да замине и него лично го прашав. Сеуште немаме јасно кажано, иако добивме ветување од оваа говорница дека тој пат ќе има приоритет во Македонија, сеуште немаме добиено динамика за изградба на тој пат, а према кажувањата на г-динот министер за оваа година не е предвиден ниту денар за овој пат, за жал. Така да јас сеуште стојам на моето барање,д а ми се одговори, да се даде комплетна динамика за изградба на тој пат , да знаеме ние од Битола кога ќе добиеме квалитетни патишта за врска со светот.

XVII/4.-

Понатаму, за почеток сеуште не ми е одговорено на дополнителните прашања во врска со доисплатата на средствата кои требаше да ми бидат исплатени како општина, на име оштета од земјотрес.

Иако добив некои прелиминарни кажувања од г-диниот минситер од оваа говорница добив ветување дека ќе добијам дополнителни објаснувања. За жал, поминаа повеќе месеци а од тие дополнителни објаснувања сеуште нема ни трага.

Понатаму, да потсетам, сеуште не добив одговор на пратеничкото прашање во врска со задолженоста на РМ. Иако тогаш бев наречен од оваа говорница дека поставувам тенденциозни прашања, сепак прашањето на задолженоста е тешко прашања кое не тишти сите нас а према мои лични сознанија ќе ги тишти и генерациите после нас.

Повторно го покренувам тоа прашање и барам да ми се одговори какви задолжувања има Македонија спрема странство, колкави се тие задолжувања, со кои рокови се тие, колкави камати се плаќаат секоја година и колкави рати се исплаќаат секоја година и најбитно ми е мене, тие што ги замислувале тие задолжувања имаат предвидено реални извори на средства за враќање на долговите во време кога ќе стасаат. И на ова прашање, за жал веќе повеќе месеци не ми е одговорено.

Сега имам неколку прашања кои ќе ги поставам за прв пат.

Прво, ме интересира дали е реновиран Кабинетот на г-динот министер за финансии и пред толку време и колку чинела таа зделка. Дали е вистина дека чинела околу 250 илјади ДМ.

Второ, ме интересира, во врска со состојбата на стопанството на цела Македонија, посебно во Битола и би сакал да добијам преглед за последните 5 години, значи од 1992 па до денеска. Кои се претпријатија и фабрики работеле, колку вработени имале и колкави просечни примања

имале,а од тоа ќе се види тоа што сите го знаеме а го пречутуваме, апсолутна стагнација на стопанството.

На крајот на тоа прашање да ми се одговори што Владата планира да направи со цел да се активираат одредени стопански активности и да почни пополека да делува стопанството.

Трето, ме интересира, дали е вистина и со кое право г-динот министер Филипче бараше од Медицинскиот центар во Битола да отпише, на име побарувања од Фондот за здравство, околу 2,5 милиони ДМ Оваа Информација ја добивме од Печатот и затоа прашувам тука да се слушнеме.

Ако е тоа точно дали тоа значи дека тие 2,5 милиони марки ќе бидат директно на уште на квалитетот на здравствените услуги и на нивото на здравствените услуги во Медицинскиот центар Битола, бидејќи, да признаеме, 2,5 милиони ДМ се пристојна сума која во секој случај ќе значи добра стимулација за подиграње нивото на здравствените услуги.

На крајот сакам да поставам уште едно прашање. За жал г-динот Трпевски си замина. А прашањето се однесува на тоа што посебно не тишти последните денови, тоа е Штедилницата ТАТ.

Знаеме сите дека конечниот извештај до Супевизијата е направен и дека тој Извештај е доставен тука, во Скопје, во Народна банка и дека тој Извештај е заедно разгледуван во присуство на г-дионот Трпевски.

Сакав да го прашав г-динот Трпевски и тука веднаш да добие информации, дали е вистина и ако е вистина во која состојба е сето тоа, она што во денешниот печат го пишува дека активата на ТАТ е значително помала од она што првично се кажувале. Затоа би сакал да

го прашам но за жал не е тука и очекувам по ова прашање многу брзо да добијам договор, бидејќи се работи за актуелна тема, што тие разговараа и какви податоци добија од Супевизијата која заврши овие денови и која ја разгледуваа заеднички со г-динот Кариу?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој до минситрите може да дадеа одговор на некое од прашањата.

**АБДУМЕНАТ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе се обидам да дадам одговор само на еден сегмент од поставеното прашање, имено во делот на задолженоста на РМ во странство и тоа не директно со бројки, туку со параметри во односни пропорции затоа што дополнително, веројатно, во писмениот одговор ќе ги добиете и бројките бидејќи се тие најразлични.

Имено, пред извесно време кон крајот на 1996 година Владата изготви посебен документ - согледувања над состојбите на задолженоста на РМ во странство и употребата на тие средства во одредени сектори и можностите односно уште колку останува можноста за ново задолжување на РМ. Според тие согледувања и според постојните параметри кои што се користат во надлежни меѓународни финансиски институции, РМ се движи во ниво на толерантно ниво на задолженоста, а тоа значи дека нашата задолженост е некаде околу 14%. Тоа параметар се мери според односот на годишните отплати што ги има РМ во однос на вкупниот годишен извоз. А кога го кажуваме ова, толерантно ниво, тоа се мери врз основа на просечните стапки што ги објавува Светската банка и ММП, кои за толерантен ниво го третираат процентот од 15 до 20%, а ние сме сеуште изпод тој процент односно 15%. Според тоа се

оценува дека РМ во однос на задолженоста во странство се движи во толерантно ниво.

Инаку во писмениот одговор ќе ни бидат дадени и бројките колкава е вкупно задолженоста и колку течат од платите од години. Во Собраниската Комисија е даден материјалот до Владата за кој на посебна седница Комисијата за економска политика и развој ќе расправа по однос на задолженоста на РМ. Тој материјал веќе е во собранискoто тело.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сакам да му одговорам на почитуваниот пратеник Видимче околу реновирање на Кабинетот на министерот за финансии, Таки Фити, како што тој го постави.

Прво, сакам да ве потсетам почитувани пратеници дека проблемите што се врзани за реновирање на работните простории на Владата, во тој контекст и на министрите во Владата е надлежност нема Службата на заеднички работи во Владата на РМ. Според тоа тие се тие кои што ги прават и нарачките и тендерите, ако се потребни и ако се согледа потреба дека треба да се реновира некоја од работните простории, тоа се прави на таков начин. Според тоа, процедурата врзана со јавните нарачки, процедурата врзана со трошоците итн., се е во надлежност на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ.

Второ, што е многу битно во одговорот на ова прашање , што сакам и пратениците да го знаат, тоа е следното:

Овде се работи за реновирање не само и не првенствено на Кабинетот, туку изградена е просторна сала за состаноци во

Министерството за финансии а исто така реновирани се сите канцеларии на катот каде што е сместен министерот.

Понатаму најверојатно добар дел од пратениците кои што доаѓале кај мене, а доаѓале пратеници од сите пратенички групи бидејќи јас никогаш не сум избегнувал средби со никој, се сеќаваат како изгледаше тоа Министерство пред да се изврши ова реновирање за кое овде беше поставено прашање. Јас сакам да кажам одговорно дека немаше елементарни услови за работа во тоа Министерство, а не треба посебно да објаснувам дека тоа е Министерство кое најверојатно после Министерството за надворешни работи има најповеќе средби со странски делегации, вклучувајќи ги пред се сите меѓународни финансиски институции, почнувајќи од ММФ, Светската банка и сите други агенции и корпорации што се врзани за работењето на Светската банка Европската банка за обнова и развој, Европска инвестициона банка, Амбасадори и тн. Ние немавме елементарни услови за работа. Ние немавме сала за седница. Преговорите што беа врзани за САЈ1 кредитот, преговорите што беа врзани за ЕСАФ-кредитот, овие битни аранжмани што ги водевме, ние не можевме , за жал, да ги водиме во Министерството за финансии, моравме да ги водиме во Владата. Имавме практични проблеми, бидејќи кога се водат преговори потребни се факти, аргументи ,податоци и постојано имавме трчање на релација Минситерство - Влада итн. Тоа го кажувам за да ја кажам потребата.

Според тоа, направен е голем обем, на работа. Јас ќе побарам спецификација на трошоци. Ни оддалеку не е сума од 350 илјади ДМ, како што беше овде споменато. Јас ќе се обратам до Службата за заеднички работи да ми ја дадат таа Спецификација.

Ве молам уште една напомена што мислам дека е многу битна и најдобро намерно ја кажувам, јас не се лутам за поставеното прашање тоа е нормално секој пратеник има прво да го добија одговорот. Но, ве молам, тоа не е Кабинет на г-динот Таки Фити, тоа е Кабинет на министерот за финансии. Сега Таки Фити е министер за финансии. Не знам, можеби по 10 дена нема да бидам, ако дојде реконструкција на Влада. Ќе биде друг, од истата партија, од друга партија, од трета партија. Тоа ве молам е имот на Државата Република Македонија што треба пристојно да изгледа. Никој не бара да биде луксуз, и тоа не е луксуз. Тие пратеници што дошле кај мене можеле да видат дека е тоа сега пристоен, нормален кабинет во кој може најнормално да се работи. Не станува збор за никаков луксуз. Станува збор за имот на Државата на РМ и мислам дека е добро кога скромно, со штедење ќе се уредат работните простории, бидејќи, дозволете, имиџот на РМ, меѓу другото, верувајте зависи од тоа, кога ќе дојдат луѓето тука, кога ќе седнеме и кога ќе разговараме.

**БЕКИР ЖУТА:**

Беа поставени две прашања кои се врзуваат едно со друго и од првото произлегува и другите. Што се случува со стопанството на Битола од 1992 наваму и што мисли Владата да направи со стопанството на Битола.

тоа е прашање кое има неколку аспекти.

Ако некој мисли дека Владата треба да се претвори во завод за статистика и податоците да ги трансформира во Владата и кому му треба да ги даде податоците, да ги види и да ги чита, во каква состој било и е битолското стопанство или било кој друг дел во Републиката, мислам дека не е ред, затоа што имаме Републички завод за статистика а пак тој

има и Библиотека каде што, секого кого го интересираат податоци, дури и подлабоки од тие што се публикуваат во јавноста, може да ги најде и да ги анализира.

Второ со макдорекономската политика, ред години со кој се среќаваме во Парламентот, тоа што мисли стопанството, ја изнесува својата политика со макроекономската политика, а со инструментите на таа политика се обидува да ја реализира глобално утврдената политика

XVIII/1.- ПЈ/МЛ

**БЕКИР ЖУТА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И ако сакате сега јас да се вратам назад и да ги набројувам некои компоненти од тие инструменти, јас можам и тоа да го правам, но ќе бидам досаден за друго. Затоа што другите ќе прашуваат, па што со Охрид, охридското, па што со ресенското и тн., кавадаречкото и тн. Но, не заборавајте дека нема да најдете ниедно стопанство во Републиката, кое во овој период дури функционираат компензационите фондови, 10 претпријатија се корисници на компензационите фондови од Битола. Во ниеден друг општински центар нема да го најдете тоа. Со царинската политика во сите оправдани случаеви со поддржани, но ако мислите дека Владата треба да креира пари за да му даде обртни средства на битолското стопанство, тогаш треба да креира за цело македонско стопанство, а тоа е злото. Веројатно, не мислите на тоа. Но, сигурно мислите на друго, затоа што вие го имавте во рака и макроекономската политика за 19 97 година, документацијата за пет години наназад, од 1992 заклучно со 1997 година, документацијата за економската политика за макро ја имавте, текстот за 1997 година каде што се определбите и исто така инструментите, кои Владата е надлежна, односно за законите за кои е надлежна односно е надлежен овој Парламент во кое време да се презентира за да може да се ефектуира таа политика, да не остане само напишан текст и определба на хартија. Во таа макроекономска политика, исто така се говори за тоа, кои напори треба да се прават.

Прво, од страна на Владата за ангажирање на средства од надвор и кои приоритети од тие средства однадвор ќе бидат поддржувани, а исто така и проектот таканаречен за мали и средни претпријатија, каде што нашата делегација сега на чело со премиерот од Германија се вратија каде се лансирани сите страни. Но, рака на срце дали се обидувате некогаш да сретнете и до вистината да допрете, не морате да

XVIII/2.-

ја признаете а тоа е болката на сите нас, оти тешко можеме да се трансформираме на она што викаме пазарен субјект. И примена на пазарните закони. Брзаме многу за приватизација, но ги затвораме вратите да влезе странскиот капитал, затоа што сакаме газди, но боси газди да бидеме. И она што еден или двајца од пратениците денеска го поставуваа прашањето и во Титов Велес и Фаик како начелно прашање што го покрена, која улога ја играат стечајните управници и слично, дали не за да ја упропастат имовината, за да на крајот некој ја зема без пари и кој стои и дали стои некој зад тоа и слично. Но, тоа е долга приказна, не стои Владата зад тоа. Стојат други субјекти кои се долу во Битола, кои се во Охрид, кои се на други места во Титов Велес и тн., во секој град наш стојат, таму каде што е лоцирано стопанството и толку колку што е лоцирано стопанството. Но, вистината е онаа што боли, затоа што нашите претпријатија, кои речиси сите со исклучок само на 200 субјекти кои што уште се вртат во агенцијата, заради тоа што се во тешка состојба и не добиле сеуште решенија за согласност за приватизација, по правило сите тие процеси сакаат да ги тераат на овој начин, затворајќи се во себе и да бараат од државата да им отвора каси, а нема каси. Не се навикнати елаборати, како што во пазарното стопанство се бараа како инструмент, како факт, со кој ќе докаже дека ако дојде до кредитни средства дека ќе дојде до таков и таков профит и слично, кој овозможува профитабилност, а ние уште телефоните ги бараме, не палат телефони по- веќе ни кај банките, не само што се сиромашни, но не сакаат повеќе да влегуваат во онаа игра во која беа влезени, не сакаат. А кај надворешниот капитал молиме да влезе, но пак на банките им го даваме тоа да го распоредуваат на база на принципи на пазарното стопанство, па некој да биде газда некому да му даде, а некому да не му даде, па таман работа се враќаме на оној првобитниот систем. Но, тоа е тоа. Не да немаме информации во што е и каде е битолското, го знаеме

и македонското стопанство и сега како да заборавивме оти четири години македонското стопанство во целина и секој дел на тоа македонско стопанство беше во блокада и не се поминати уште година и нешто откако тие блокади се отворија, ние ги идеализираме работите, оти детално функционира сето тоа, и покрај тоа што се отворија вратите и дека само треба да се отвораат касите, да им се даде капиталот и тие веднаш ќе стартираат. А каде е пазарот за тоа производство, тоа е најосновното. Сега во стопанството, не само наше воопшто и во светското, борбата за пласман на пазарот. Многу полесно е да се произведе, ако немате пласман можете да произведувате и да ги згртате магацините, да ги наполните и пак да дојдете во ситуација финансиски да пропаднете. Така што мислам дека така треба да ги поставиме работите и секој по парче од работите да си прима секој за себе, почнувајќи од секоја ќелија во секое претпријатие кое велиме веќе претприемачко, не стопанско претпријатие, акционерско друштво не во општествена сопственост. Зошто ги затвори вратите, тој знае зошто ги затвори вратите, јас не знам. Јас знам зошто некои ги отворија, па не им беше лошо оти ги отворија, но малку беа тие што ги отворија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Господине Видимче, тоа што го кажавте сигурно е така, јас само не можам да потврдам дали цената е точно таа што ја наведовте, меѓутоа, тоа не е само проблем со медицинскиот центар во Битола, туку тоа е проблем и со другите здравствени организации од еден единствен факт што фондот своите односи што здравствените организации ги базира на паушално финансирање за здравствените услуги. Тоа значи дека секоја здравствена организација може да фактурира колку што сака меѓутоа

Фондот ги лимитира во зависност од тоа колкав е колачот на прибрани средства. Локацијата на средства за потрошувачка го одредува Фондот. Така што можеби, на некоја организација и потпишува поголеми средства, на некои помала, но имаме и ситуација на здравствена организација и оние пари што се дадени, не се реализирани. Меѓутоа ние со тие реформи што понатаму ќе ги правиме, ќе одиме на утврдување на реална цена, на извршена услуга, тоа е наша така една желба која би требало во идните две-три години да се реализира. Меѓутоа еден таков систем сега примерен мислам дека би значело една голема несигурност во здравствената сфера, затоа што тоа ќе значи намалување на капацитетот, намалување на бројот на вработените и во овој момент не би било пожелно да се оди кон такво нешто. Значи, мислам дека тоа е една, како што мене ми објасниja, бидејќи јас не сум економист, тоа е една економска операција, која што е во законските граници дозволена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Видимче.

Само ве молам да не водиме расправа прашањата да бидат кратки, што е можно пократки, се разбира и одговорите.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Во секој случај не мислам да водиме расправа, но за жал вие дозволивте други да водат расправа тука, па сето тоа помина. Би заблагодарил, пред се на излагањето на господинот министер Беџети, но јас би потсетил се спомнуваа некои проценти во смисла на тоа дека сепак ние сме средно или средно задолжени така мислам дека го разбрав, но јас би сакал тоа да го добијам во извештај, во бројки и да знам утре или друг ден кога децата мои ќе ме прашаат колку должат, да им кажам во пари, деца, толку толжите долари, иако условно речено тие

не знаат што се долари. Тоа е прво што сакав да го кажам.

Второ, ние земаме доста кредити и сведоци сме тука, носиме закони за такви кредити со грејс периоди кои се многу популарни и многу интересни. А просто кажано јадеме ние, за да плаќаат други. Тоа се такви кредити, јас така ги викам. Можеби грубо се изразувам, но во принцип тоа значи. Дали во тие 15% или 14 што ги кажавте проценти на задолженост влегуваат и тие со грејс периоди, бидејќи тие сеуште сега не се отплаќаат, така што мислам дека и тие 14% токму не се најреална слика на сето тоа што ние го кажуваме. Бидејќи. добар дел од тие кредити што сега ги земаме се со грејс периоди од четири-пет години. Затоа би сакал тој период да биде комплтен, едноставно и ние како пратеници да знаеме да кажеме на тие зад нас на граѓаните што се случува со нашата економија.

Што се однесува до господинот за финансии, мислам дека грешно се разбравме, јас не спомнав 350 илјади марки, спомнав 250 илјади марки, веројатно, не добро се разбравме и тој податок е добиен од луѓе кои работат во таа бранша, би сакал да е поинаков и ќе ми биде поинаков во секој случај. Само тоа сакав да коментирам дека се работи за друга сума.

Што се однесува до господинот Жута, почитуваниот господин Жута наброја доста теорија во сета таа работа, меѓу другото и макро економска политика и приватизација и доста тешки зборови. За жал, таа макро економска политика која ја слушаме и која ја читаме во доста големи и обемни материјали некако тешко за живува или воопшто не заживува, затоа го прашувам денеска, во материјалите сето тоа добро изгледа и културно е напишано, но за жал во праксата некако се ни фали по нешто. Се затвора нова фабрика и она што денеска го зборував во врска со недоговореното прашање за невработеноста е само факт,

перманентно имаме пораст на невработеноста, од месец во месец. Јас тие податоци ги имав, само не ви ги кажав. Според тоа, коментарите што ги слушнав во смисла на макроекономската политика, приватизација и сите работи, тоа се работи кои ги води Владата. Според тоа, не може да биде заедничка одговорност за нешто што го води Владата. Приватизацијата и атенцијата за приватизацијата е директно под Владата и сеуште повикувањето на блокадите кои поминаа, сепак е малку застарен термин, а морам да ве потсетам дека и вие како министри со таа блокада дел од средствата како прилив во буџетот ги имавте токму по условите на блокадата на премин преку нас. За жал, како прилив на средства тие беа. Така што, блокадата беше нешто помина колку беше колку беше лошо, не знам, не би сакал да коментирам, но не е токму така како што се кажува. Затоа, би сакал да ги добијам тие прегледи кои ги барав на писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници јас ќе се трудам што пократко да поставам неколку прашања. Две од нив ќе бидат посветени до Министерството за образование. Едно прашање до министерот за сообраќај и врски, меѓутоа, бидејќи не е тука тој, не би сакал директно одговорот да го добијам денеска и да не го повторувам едно прашање ќе биде до Министерството за внатрешни работи. За да не должам првото прашање е до Министерството за образование и физичка култура, кое едновремено важи и за Министерството за финансии.

Сите сме сведоци дека во образованието економската состојба е еден од битните проблеми. Веројатно, просветниот работник сега се

загрижува за нивниот личен доход кој сосема е на ниско ни- во и секојдневно гледаме дека просветарите се соочуваат и со други проблеми, освен проблемите што сега се најнови во врска со реформите во образованието.

Прашувам, дали има можност да се покрене една иницијатива каде личните доходи на просветарите би биле во еден степен поголеми, за да можат тие да ја надминат сегашната криза и ред други проблеми со кои се соочуваат. Го кажувам ова, поради тоа што и надлежното министерство знае и сите ние сме сведоци дека дел од работата на образованието, дел од проблемите, дел од сите тие недоразбирања во образованието, по мое мислење, незадоволствата потекнуваат од причина што тие не се задоволни од личните приходи. Па, заради тоа се принудени, освен професионалната работа да направат и некоја друга работа што не спаѓа во нивниот ресор. Токму заради тоа мислам дека е во интерес и на ресорното министерство и на Министерството за финансии да води грижа од овој аспект и по можност да најде мудуси и форми за нивните лични примања. Прашањето би било следно, по мое мислење, дали има некој можност сегашната состојба да се надмине и да си го најде местото просветниот работник да не биде работник кога деновиве читав во весникот еден просветен работник беше толку социјално загрозен, односно дошол до таква состојба што не беше во состојба да биде домаќин и да ги надополнува сите тие елементарни потрошувања во семејството.

Второто прашање е исто така до Министерството за образование, мислам дека на претходната седница кога поставивме прашање беше слично едно прашање, дали при именување на директори на одредени училишта се води некој критериум врз база кој се именува директорите на училиштата, било од основните или од средните училишта. Имајќи предвид тоа дека во одредени училишта органите што се надлежни,

односно подрачните министерства поднеле извештаи дека од сите органи што се надлежни за давање на согласност, согласноста ја даваат од некои тие критериуми важни што се од нивниот ресор.

Понатаму, во практиката нешто друго излегува дека во Министерството одлучи, сега да не кажам директно министерката, туку одлучуваат сите тие што се во компетенти во тоа министерство одлучуваат, а имаме сознанија во четири-пет училишта дека напротив од тие одлуки што беа и извештаи од страна на Педагошкиот завод, од страна на секретарот на подрачното министерство и тн.

Дали сега има некои критериуми врз база кои се наименуваат тие директори.

Ако може да се одговори усмено, ако не и писмено.

Бидејќи претходниот мој колега од пратеничката група постави прашање до Министерството за внатрешни работи, бидејќи сум пратеник од Тетово не сакав ништо да додавам, освен тоа што малку во некои начини министерот се обидуваше да дава одговор по тоа прашање, но јас би прашувал, бидејќи испадна дека и на министерот не му се веруваше дека во Тетово овие последни денови една група граѓани, навистина се приведени без да им се утврди дека направиле кривична постапка или нешто друго и на нив им се заканиле на разни форми и начини.

Јас прашувам директно министерот дали воопшто надлежното министерство е запознато со начинот на однесувањето на работниците на подрачното Министерство за внатрешни работи и дали тие истите се запознати со новиот закон, односно Кривичниот закон.

Бидејќи министерот за сообраќај и врски не е тука, јас тоа прашање ќе го чувам за некоја друга прилика.

XIX/1.- РД/ОМ

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Кога платите на наставниците јас целосно се согласувам со констатацијата на г-динот пратеник, дека тие и во апсолутен и во релативен сооднос во однос можеби и со некои други дејности достигнаа би рекла едно некопрексибилно ниво , ниво под кое не се може. Меѓутоа, прашањето беше дали постои можност нешто во таа смисла да се стори. Јас би рекла дека и од нормативен аспект и од реален аспект не ќе бидеме во состојба да направиме некаква интервенција со цел да се подобри материјалната положба на вработените во сферата на образованието. Од нормативен аспект затоа што Вие како пратеници знаете дек аи оваа година се применува Законот за ограничување на платите. При штос е утврдува масата на плати која може да биде исплатена и таа е во рамките на тој контролиран обем кој не може да се пречекори. Се разбира, тука е можеби уште посериозен проблемот од реална природа, а тоа се средствата со кој се располага во Буџетот на Република Македонија. Ние правиме обид да не се јави она задоцнуваше во исплатата на платите што сериозно не загрижува последните месеци дури исплатувањето на трошоците за храна и превоз, каде што имаше определено пролонгирање и јас имав и контакти со претставниците на Синдикатот и со претседателот на нивниот грански Синдикат заложбата е да се спречи оваа тенденција на задоцнување, затоа што и овие средства доста значат.

Можеби нешто што треба да се спомне е фактот дека за разлика од стопанството каде што се случува сега триесетина посто од вратените да не примаат плата со месеци, овде тоа е тоа што може да се предочи дека платата со такво задоцнување какво што е од Буџетот секо месец се исплатува и повторно за разлика од стопанството каде што имаме едно радикално намалување на бројот на невработените, заради се она

што се случи, оној шок што го доживеа македонското стопанства тоа не се случува во сферата на образованието, заради објективни причини. Односно таа е дејноста е таа која што е, дури имаме и една позитивна тенденција на зголемување на опфатот на генерациите во образованието.

Во однос на другото прашање директорот во државните училишта се назначува од министерот, притоа согласно Законот за основно и средно образование се земаат во вид и согледувањата на училишниот одбор и на Педагошкиот завод. Тоа значи не се разработени посебни критериуми за избор на директор, се зема во предвид оценката што е дадена на училишниот одбор, посебно оценката дадена од Педагошкиот завод што е должен да ја следи и стручната работа и организаторските способности и сите други активности кои се реализираат во училиштето, а кој би требало да бидат во надлежност на директорот. Се разбира тука се и дополнителни сознанија до кој се доаѓа и во Министерството и од страна на министерот при назначувањето на директорите во училиштето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другите во писмена форма.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас го поставив прашањето министерке бидејќи, јас лично некои критериуми не барав да ми кажете од Вас. Туку имаме сознание дека Вие сте дозволиле директори на одредени училишта, кои на овие одредби на кои се повикувате Вие не се почитувани. Од аспект на тоа не е почитувана оценката на Педагошкиот завод, туку не е почитуван ниту мислењето на Советот на училиштето. Заради тоа негирани се и овие

две постапки и поставено према некои други критериуми кои Вие ги знаете кои се. Токму заради тоа го поставив прашањето. Значи не е тоа што еден пратеник рече од причина на еднопартиски однесувања или припадности се поставуваат директори, што по мое мислење тоа е најголема грешка што во конкретниот случај во просветата се практикува.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги. Јас за вечерва имам три прашања. Првото прашање е до Министерството за земјоделие. Ние знаеме дека на Република Македонија и се одобрени два кредита за кредитирање на проекти од земјоделието и сточарството пред неколку месеци, но јас имам сознание дека овие кредити сеуште не се стигнати до приватните земјоделски стопанства и индивидуалните земјоделци, впрочем за оние за кои се наменети овие кредити. Прашањето мое гласи вака: Кога ќе отпочне доделувањето на земјоделските кредити одобрени на РМ за кредитирање проекти за земјоделство и сточарство.

Второто прашање е до Министерството за образование и физичка култура. Каков е статусот и финансирањето на Друштвото за телесно воспитување "Партизан" и на самите вработени во ДТВ "Партизан" во Република Македонија, или по конкретно мојот интерес е повеќе свртен накај објектот и едниот вработен во Крива Паланка.

Трето прашање до Министерството за труд и социјала, па може и до Министерството за стопанство, јас ова прашање на последното поставување на пратенички прашања го поставив, меѓутоа, конкретен одговор сеуште немам добиено. Инаку се однесува за една категорија

на работници, тоа се трудови инвалиди од трета категорија, кои што се со работен стаж по 25 години. Прашањето гласи вака: Што ќе превземе Владата за една група на работници со работен стаж испод 25 години, а од инвалидско пензиската комисија е утврдена инвалидност од трета категорија, а работниот однос им престана после одење на нивните фирми во стечај, или во групата на фирми големи загубари.

Имено, што е работата? Овој проблем се јавува сигурно во целата држава, проблемот е изразен посебно во Крива Паланка со оваа група на работници, тоа се работнички посебно од текстилната индустрија, посебно од Акционерското друштво Карпош. Имено, во Крива Паланка во групата на загубари беа 4 фирми, тоа се Акционерско друштво Карпош, Акционерско друштво Тораница, Живино - Комерц, истурена единица на ЗИК "Црвена Звезда", Опрема истурена единица на ЕЗТ- Скопје. Тоа се 4 фирми во групата на загубари од што произлегува една ваква категорија, не баш мала група на работници. На територијата на општина Крива Паланка има повеќе фирми под стечај, тоа е АД "Паланчанка" која нешто повеќе од 4 години е во стечај, Килимарата "Вера Јоциќ" која е повеќе од 4 години под стечај, Акционерско друштво "Денто-Макс", на повидок е реливатизирање на фирмата, водостопанската организација "Крива Река" веќе година е под стечај, Акционерско друштво "Треска" скоро половина година под стечај и од скоро АТП "Пролетер". Од сите овие фирми, но најмногу од Акционерското друштво Карпош произлегува една ваква категорија. Што е проблемот на овие работнички. Тоа се работнички со возраст некаде од 45 години нагоре. Стаж имаат поголема група од 20 до 23 години. Од ИТК се прогласени за инвалиди од трета категорија. Во групата на загубарите примањето на парични средства од страна на Заводот за вработување веќе одамна престана. Тие се сега ставени во категоријата на невработени и паричен надоместок не

примаат од никаде. Па јас во прашањето би помогнал малку. Која е таа фирма новоформирана, или стара фирма која што ќе бара работна сила и ќе ги земе утре овие работнички, кои што се веќе прилично, да употребам лош збор, амортизирани. Инвалиди од трета категорија, трудови инвалиди со 45,46 и 47 години старост. Овие луѓе до крајот на својот век ќе останат на Заводот изложени се до оној момент додека ние како Собрание и Влада не го разрешиме проблемот на оваа категорија.

Одговорот на сите прашања по можност да ми се одговори усмено. Ако не е во можност да ми се одговори тогаш писмено.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Околу спортско рекреативното друштво "Партизан" и беше по конкретно прашањето за вработениот во вашиот град . Јас би сакала да кажам дека имаме определени проблеми околу усогласување на функционирањето на спортските сојузи, согласно новата законска регулатива што ја уредува оваа материја. Меѓу тие и спортско рекреативното друштво "Партизан". Има низа проблеми во нивното функционирање, не прилагодување согласно на новиот закон, стопанисување или употреба на спортските објекти од нивна страна како нивна сопственост, иако е тоа сопственост на Република Македонија со која располага Министерството за образование и физичка култура. Еден од елементите што се создава сериозен проблем е бројот на вработените во ова друштво. Постои согледување во Министерството дека треба значително да се рационализира, односно да се намали бројот на вработените во оваа спортска гранка. Тие беа благовремено известени за потребата од намалување на нивниот број, а како една форма на притисок да се реализира тоа тие не примаат веќе месец два

веќе плата. И тоа ќе биде така се додека не се сведе бројот на вработени на она што според критериумите на Министерството може да биде прифатлив број на вработени. Веројатно јас непосредно идната недела ќе имам и средба со претставниците на ова спортско друштво и ќе поразговараме околу сите овие проблеми. Но основно е сведувањето на број што ги признаваме согласно мерилата и критериумите од страна на Министерството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За другите прашања ќе добиете одговор бидејќи министерот за труд и социјална политика не е тука, во писмена форма.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри. Прво прашање до министерот за здравство. Ме интересира кој ќе го финансира проектот за развој на здравствената служба во руралните центри , односно кој учествува во неговото изработување и со оглед на тоа дека овде беа поставени бројни прашања за дисперзија на здравствената заштита во поедини населби со погусто население, дали планира и наше учество , мислам учество на Министерството во моделирањето на тој проект. Тоа е едно прашање.

Второ прашање Министерството за здравство, Фонд за здравствено осигурување, каква е состојбата во должничко доверителните односи меѓу Фондот за здравствено осигурување и меѓи Фондот за пензиско осигурување.

Трето прашање кое произлегува од второто какви активности презема Министерството за здравство да се овозможи плаќање на

придонес за пензиско осигурување на вработените во здравството чија што плата е пониска од платата 65% од просечниот личен доход во стопанството бидејќи може да се јави проблем, околу пензионирање на поедини работници што примаат најниска плата, доколку Министерството за здравство, Фонд за здравствено осигурување не изнајде средства и можности да им исплати на здравствените организации позицијата која што се состои од разликата на платите најниска плата и просечна плата во Републиката, согласно одредбите на здравствен заштита а тоа 65% од просечниот личен доход во стопанството, затоа што имаме најниски плати кои што не одговараат на оваа законска определба и се јавуваат проблеми во пензиското осигурување на оваа група работници. Со тоа е запознат Фондот за здравствено осигурување и мислам дека треба да се превземат одредени активности за разрешување на ова прашање.

Трето прашање до Владата на Република Македонија. Дали Владата на Република Македонија има намера да нарача проект за водење и остварување на популационата политика во Република Македонија, од аспект што Република Македонија е густо населена земја, а сега и сиромашна. Мислам дека тоа би претставувало еден фундамент во водењето на вкупната макроекономска политика во државата.

Четврто прашање до Министерството за развој. Вие кажавте некои параметри врз кои што се одредува степенот на задолженост на една држава. Ве прашувам дали степенот на задолженост на една држава се мери како однос на општествениот бруто производ и постојната задолженост како однос. И дали е точно дека према оценките на ММФ општествениот бруто производ на Република Македонија од две милијарди и дваесет милиони долари, а надворешниот долг една милијарда сто и нешто милион долари. Ако поставиме однос општествен бруто производ и долг тоа е 50%. Значи ние по овој критериум и со овие

параметри сме 50% задолжена земја. Према листата на ММФ мислам дека процентот од 30% е лимит на задолженост. Се што е натаму зборува за повисок степен на задолженос1

Прашање до Министерството за стопанство. Каков е проценто1 на инвестиционите вложувања во орудија за работа и средствата за работа за производство во однос 1995-1996 година. Дали се наоѓаме во фаза на редуцирано инвестирање, или сме во една толерабилна состојба.

Едно прашање до Министерството за урбанизам, ме интересира само дали средствата кои што се за изградба на водовод во населбата Подгорци - Струга од 10 илјади марки во денарска противвредност се потрошени во реализацијата на предвидениот проект.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Финансирањето на првата компонента за реформи на здравството во примарната и превентивна заштита ќе биде од средствата на Светската банка. Тој проект го води специјалната канцеларија кој е во состав на Министерството за здравство. Во тој проект се вклучени голем број на експерти , не само лекари, туку и економисти и правници, а исто така ангажирана и РЕИНКОРПОРЕЈШЕН од Калифорнија САД, меѓутоа, мислам дека најголемо влијание ќе имаат и лекарите, управите и директорите на медицинските и здравствените домови.

XX/1.- ЈМ/ЛБ

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ**: (продолжение)

Исто така во тие проекти јас барав да бидат вклучени и лекарската комора и македонското лекарско друштво како и одредени пратеници односно пратеници кои што се занимаваат со проблематиката од превентивата и примарната здравствена заштита, гинеколози и педијатри.

Второто прашање за долгот кој што Фондот за пензионо осигурување го има Фондот за здравствено осигурување, тој изнесува околу 100 милиони денари. Ние овие денови правиме напори еден дел од тој долг да ни се плати. А за третото прашање сепак мислам дека луѓе покомпетентни од мене ќе ви дадат одговор по писмен пат.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

По однос на прашањето за тоа дали Владата изготвува проект посебен за популационата политика, јас би сакал да ве информирам дека таков посебен вид на проект Владата не изготвува, но како што вам ви е познато дека се изготвува проект за глобален развој на РМ за наредните 20 години. Во тој проект еден посебен сегмент е сегментот на човековите ресурси и сегментот на популационата политика како составен елемент на вкупниот развој на државата и најверојатно сите тие размери ќе бидат во склоп на тој проект. Тој проект требаше според сета динамика да биде готов до крајот на март, поради објективни причини е одложен рокот и до крајот на месец јуни тој проект треба да биде готов од причина што се работи и се изготвува во тесна соработка со економскиот Виенскиот институт за економска соработка.

Што се однесува по однос на второто прашање, имено во односна споредбата и критериумот за мерење на степенот на задолженоста на државата спрема странство се користи и тој податок кој што вие го изнесовте, односно ви за ви задолженоста, ви за ви вкупниот општествен производ во државата. Меѓутоа, тој не е основен параметар. тој е

периферен параметар. А инаку само една мала корекција, односно не е мала, туку и значајна, општествениот производ во РМ не е две милијарди, туку е три милијарди и сто и ви за ви ако се стави во тој однос тогаш некаде процентот изнесува околу 30%. Меѓутоа реков дека овој е многу незначаен параметар. Основен параметар е учеството на отплатите годишни во вкупниот годишен износ. И според тоа ние се движиме некаде во оптимално ниво. Ако веќе се бара параметар во кој сме да речам можеби на критично ниво тој е параметарот во однос на отплатите ви за ви државните девизни резерви. И според овој параметар ние веќе се движиме во критична граница т.е. некаде околу 25% од задолженоста. Инаку основниот параметар ви реков и според тој ние сме на оптимално ниво.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри моите прашања се неколку и се следниве:

Прво, едно прашање со три потпрашања . Имено се однесува по однос на дезинфекцијата од шап и лигавка која што сеуште трае на граничните премини на РМ. Ме интересира со која одредба е одредена цената за дезинфекција на автомобили за заштита од шап и лигавка. Втора работа зошто цената на тие потврди кои што ги даваат, или билети, незнам како да ги наречам при дезинфекцијата на граничните премини е изразена во странска валута односно во германски марки а се работи за документ кој што го издава држава Македонија. Ме интересира зошто е тоа во странска валута, а не во нашето платежно средство односно денарот.

И поврзано со ова врз основа на кој курс тие луѓе таму што наплатуваат пресметуваат дека пет германски марки изнесуваат 140 ден. На прв поглед ќе рече некој, па за незначителна сума се работи, но некаде во декември, односно во февруари месец серискиот број на ова

ливче кое што еден граѓанин ми го даде е 122.253.

И следното прашање е каде се внесуваат парите од прибирањето на овие средства за дезинфекција, колку пари досега се собрани и дал се покажуваат како посебна буџетска стапка , односно како приход на Буџетот. Тоа е по однос на првото прашање.

Второ прашање имам, со одлука на Владата на РМ на 30 април завршува одлуката за премија за млеко во РМ која што ја добиваа производителите на млеко. Прашувам дали Владата има намера да донесе одлука за одредување на премија за млеко, за млекопроизводителите, и ако нема кои се причините за едно такво решение, а ако има колку ќе изнесува премијата во наредниот период. За овие две прашања може усно да ми се одговори.

Трето прашање врз основа на кои критериуми се предлагани и избрани членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие за Електростопанство на РМ кои ги предлага Владата. Деновиве имавме прилика да прочитаме во штампата, да чуеме на телевизија дека е формиран новиот Управен одбор на јавното претпријатие за електростопанство на РМ и се напишани членовите на тој Управен одбор. Ме интересира, уште еднаш ќе повторам врз основа на кои критериуми Владата ги предлагаше тие членови во оној дел од Управниот одбор кој што е во надлежност на предлагање на Владата. Колку што имав прилика да видам многу пати овде се напаѓаме дека локалистички настапуваме . Морам да ви кажам едно, ниеден во Управниот одбор на јавното претпријатие за електростопанство нема од Битола. Во Битола велите се произведува 80% од електричната- енергија во Македонија. Во Битола има 2.530 вработени во РЕК Битола. Во Битола има сигурно уште 2000 луѓе други кои што од други претпријатија работат во РЕК Битола. И на крајот дали и понатаму ја спроведувате таа стратегија која што деновиве треба да ја засилите малку за елиминирање на Битола од целокупната

активност во државава. На ова прашање барам писмен одговор затоа што сметам дека треба поцелосно да се елаборира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали во врска со овие две први прашања ќе има усмен одговор, или во писмена форма?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

За првите две прашања може да се даде усмен одговор.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Се работи за тоа за дезбариерите на граничните премини и заштитата од надвор од лигавката и од шапот зошто во германски марки се наплатува и каде одат средствата. Тоа е од прилика првото прашање а одговорот е со оглед на тоа дека и во овој момент ни трае забранат. за извоз, односно спрема европските критериуми на Европската унија да од последната појава на болеста практично траат мерките кои што треба да значат и забрани и штитење на територијата практично ја применуваме таа одредба. Искрено да ви кажам веројатно заради тоа што ни доаѓаат доста и од странците кои што исто така ја плаќаат оваа такса. Не би бил дециден да кажам зошто баш мора да биде во германски марки и тоа можеме да го провериме, така што може во противвредност да се замени. Тоа не го гледам за толку страшно и дека парите одат на посебната сметка на Министерството за земјоделие од која што се финансира програмата за заштита на животните. Тоа е одговорот на првото прашање.

Второто прашање е премијата за млекото. Вие односно сите и пратениците знаеме уште со донесувањето на Буџетот со макроеконом-ската политика беше објаснето ова прашање и млекото како едно од нај осетливите производи во земјоделието е доста крисен производ остана единствено на листата до крајот на овој месец да може под истите услови три денари за литар млеко да биде премирано. Првото прашање

беше од г-дин Трајков, а и сега Дане Милошевски го повтори, со замената која што сакавме да ја направиме од поттикнувачката во развојната политика односно со пласманот на овие кредити кои што беа споменувани овде, степенот на производството и рентабилноста кај млекопроизводството треба да биде подигната на едно повисоко ниво и оттаму до крајот на овој месец беше планирана и предвидена во буџет премија за млеко. Јас имам обичај преку еден практичен пример кој што ќе се обидам во кратки црти и овде да го кажам во смисла на тоа да се определиме што е подобро. Денеска при сознание и состојба дека во просек некаде имаме млечност и тоа во поголемите фарми каде што на некој начин и подобра е организацијата имаме помеѓу 3000 и 3.500 литри млеко просечно годишно по молзна крава се добива, а исто така сознанието дека, сега да не кажувам примери кои што се многу далеку од нас, но сепак чисто за информација дека постојат раси со таков генетски потенцијал кој што можат и 12.000, 13.000 литри млеко да дадат. Па едноставно сакам да изведам една рачуница што е подобро, три денари и остануван>е на истото ниво од 3.00 0, или 3.500 литри млеко годишно, или замена на сегашниот сточен фонд преку овие кредити поволни, колку се поволни и временски и со каматните услови да речеме да воведеме во прва фаза таков потенција, кој што ќе може тоа да го зголеми на 5.000, 6.000 литри. Сметката јасно кажува што е подобро, но останува праксата да го потврди ова. Од тој аспект состојбата со премијата за млеко е на ова ниво. Имаме заостанување и со исплата на премија и од 1996 година. Во нашата програма предвидовме средства, ќе ги надополниме и тие и до крајот на овој месец производителите на млеко ќе користат премија.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа навистина можеби е и атмосферата таква да не можеме повеќе многу да расправаме, но само со неколку реченици, би го образложил моето дополнително прашање.

Прво, во првиот дел од прашањето не ми одговоривте, а за тоа нормално дека ќе треба и писмено да се одговори, колку пари досега се собрани, како се потрошени и каде се потрошени. Тоа е првото. Јас го сфаќам г-динот министер дека тогаш навистина не беше овде кога го поставував прашањето и не го разбра доволно и драго ми е што призна дека не знае зошто е во германски марки и за тоа можеби ќе треба некој друг да одговори, бидејќи нас не ни е прв пат да се негираме самите себеси , односно на претставници од Владата на РМ.

Па и ова не му е ништо на одмет што нашето платежно средство не си го признава, но затоа сигурно некој друг треба да одговори а не министерот за земјоделие. Реков дека треба да ми одговорите и тоа написмено колку пари досега се собрани и каде се истите потрошени. Тоа е првото прашање.

Што се однесува до премијата за млеко јас морам да кажам едно, дека ние овде со разликуваме во едно нешто што изгледа слабо паметиме. Имено, децидно ми рековте вака кога го предлагавте законот за измена на премијата односно законот за поттикнување на земјоделието дека Владата ќе ги има во предвид сите релевантни фактори и секогаш оние производи кои што се потребни во РМ, кои што се од интерес за ТМ ќе бидат премирани. Јас морам да ви кажам од тој поранешен закон каде што 5,или 6 производи беа под премија ги укинавте сите премии. Млекото беше последно и тоа веќе не постои. И се разликуваме во тоа што вие сакате како Влада да развивате трговија. Само уште една реченица, вие како Влада со мерките кои што ги предлагате сакате да развивате трговија на земјоделски производи, а не сакате да развивате производство.

**РИСТО НИКОЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господа министри, имам две прашања кратки. Едното до Министерството за земјоделие. Ме интересира дали презема, или кои мерки планира да ги

преземе Министерството за земјоделие во спречување на една кај нас барем раширена појава на т.н. диво колење на добиток. Се работи за следново. Во повеќе наврати и во фондот за добиток на ниво на стопанска комора на Македонија е укажувано на оваа појава дека се случува низ Македонија да во објекти кои според санитарно-техничките услови не одговараат за колење на добиток се врши оваа дејност. Или буквално да кажам во штали и на некои други несоодветни места. Обично тоа го прават приватните месари. После тоа месо доаѓа во продавниците и без претходна ветеринарна контрола се пушта во широка продажба. Опасности постојат повеќе од ваквиот начин на работење и последици. Едно е што постои опасност по здравјето на населението затоа што можат да се јават разни заразни болести. Второ е што се врши промет на стока која дефакто не се евидентира и на неа не се плаќа данок од промет и данок од добивка.

Ме интересира, мислам дека Министерството и ветеринарните служби во рамките на ова министерство се во тек и се запознати со оваа проблематика затоа што е во повеќе наврати разговарано за тоа, кои мерки ги презема , или планира да ги преземе за да се спречи оваа појава.

Второ прашање што сакам да го поставам е до Владата би рекол, бидејќи мислам дека допира повеќе министерства, а се однесува на шверцот со добиток. Сакале, или не да признаеме ние кај нас постои шверц со добиток. Сега е моментално најатрактивно шверцот на јагнето кон северната граница и компензација со крупна стока преку најверојатно некои премини кои не се доволно контролирани. Само да напоменам дека таквото неконтролирано носење на стока од соседни држави кај нас беше една од причините за појава на шапот и лигавката која РМ во директни штети ја чинеше цирка 7.000.000. марки, а индиректните малку тешко ќе ги пресметаме, затоа што и сега ги сносиме. Ме интересираат

мерките што се планираат да се преземат, бидејќи очигледно оваа појава ја имаме, не е спречена, она што планира Владата да го преземе за да се спречат ваквите појави и состојби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Параќеов, министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Прашањето во овие кризни времиња е сосема актуелно и поставено на место. Нашите инспектори на теренот, така да речам бијат една сериозна битка со овие појави и како резултат на таквите констатации каде откриваме такви состојби изрекуваме забрана за дејноста, точно дека тоа повеќе се случува кај приватните месари и во овој момент не би можел да ја соопштам бројката на такви интервенции каде сме затвориле и сме забраниле таква дејност додека не се отстранат сите откриени дејствија кои се спротивни на законот. Но, за оваа мерка да можеме поефикасно да ја спроведуваме и во времето кога расправавме кога ги имавме информациите за лигавката и шапот и во таа прилика кажавме дека еден од основните недостатоци кои се состојба во државата тоа е немањето на идентификација на животните еден катастар кој практично ќе предвиди во сите фази што е приплоден, што е кланичен дел од стоката и кои се процедурите и документите кои треба да се добијат за да се изврши колење или препродажба, евиденција на стоката која доаѓа нова на свет. Тоа е една процедура доста скапа, нашите професори од Земјоделски факултет се обидоа да направат програма која од Светската банка беше оценета не би рекол со негативна оценка, но со големи забелешки и сега сме во фаза да побараме еден стручњак кој на оваа линија би ни помогнал да ја устроиме, тоа е како техника како сознание, а во исто време мерката е доста скапа за која се предвидуваат и донаторски средства кои би биле вклучени за извршување на оваа мерка.

Ова би било тоа што денеска го правиме и тоа што утре сакаме да го имаме преку идентификацијата и да можеме точно да го следиме движењето на животните и во функција на она што беше кажано за

дивеење преку граница, пренесување и тн. затоа што евиденцијата кога ќе ја имаме полесно ќе можеме да ги проверуваме состојбите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас имам две кратки прашања, бидејќи министрите на кои ќе ги поставам не се тука, се разбира ги чекам во писмен одговор, меѓутоа, претходно да потсетам дека на минатата седница од прилика пред месец и половина поставив три прашања но до денеска немав добиено ни еден одговор. Очекувам да добијам и на тие прашања.

Првото прашање е до министерот за сообраќај и врски се работи за населбата Скопје Север во која до најблиската експозитура на поштата граѓаните имаат точно 2 километри било да се работи за пошта Чаир или пошта Бутел.

Бидејќи се работи за една населба од десетина илјади жители и повеќе ме интересира дали Јавното претпријатие за ПТТ услуги планира отворање на експозитура во оваа населба, само да кажам дека постојат услови и простор во трговскиот центар.

Второто прашање е за министерот за труд и социјална политика, се работи за детското одморалиште во Чичино Село во кое беа сместени бегалците од Босна и Херцеговина, па ме интересира што Министерството има направено и што планира да направи за да го стави во функција ова одморалиште?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

Вие господине Даневски не сте евидентирани, но не значи де немате право да поставите прашање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Пред да поставам односно повторам едно многу кратко прашање, бидејќи се наоѓаме пред големиот празник Курбан Бајрам на сите припадници на исламската вероисповест им испраќам честитки да им ги опрости сите ибадети.

Случајно ако продолжи утре Шеесет и шестата седница би требало да заврши порано најдоцна до 15,00 часот, затоа што за нас муслиманите пратеници почнуваат утревечер верските обреди.

Ќе поставам едно многу кратко прашање. Некаде пред година ипол или две години поставив едно генерално прашање со 15 потпрашања за посебни 15 одговори. Истото го повторувам. Од Владата на наводното мнозинство на Република Македонија односно нејзините министерства бар да ми се одговори со точни податоци и проценти каква е националната застапеност од редовите на сите национални колективитети албанците, македонците и другите кои живеат во Република Македонија почнувајќи од обичното физичкото вработување во органите и организациите на локалната самоуправа поединечно во секоја општина, па се до највисоките републички органи и организации вклучувајќи ги и сите ресорни министерства во бројки и проценти и стечајните работници во цела Република Македонија и поединечно во секоја работен колектив и невработените и нивните квалификации и спрема националната припадност.

Многу кратко образложение.

Одговорот му е потребен и на мојот електорат во Кичево и Кичевско како и на целата јавност во Република Македонија и пошироко за да не се манипулира и шпекулира со бројки и проценти при информирањето и барањето за потполна уставна рамноправност и врз

основа на меѓународните правни норми и конвенции.

Одговорот го барам писмено од Владата, од сите нејзини министерства и поединечно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Прашањето е за Министерството за труд и социјална политика. Иако е отсутен министерот, одговорот го барам во писмена форма. Како и на кој начин се распределени средствата наменети за еднократна парична помош, истовремено да се направи преглед на бројот на корисници на ова право по општини, дали се забележани злоупотреби во постапката за доделување и користење на ова право и замолен сум од поголема група корисници од општините Свети Николе дека иако ги исполнуваат сите права и критериуми за доделување на еднократна помош се лишени од ова право.

Го барам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник сака да постави пратеничко прашање? (Не).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ќе продолжиме со работа во среда на 2 3 април.

Во меѓувреме сите комисии кои не успеале да си ја завршат работата, да си ја завршат.

(Седницата заврши со работа во 19,35 часот).